FRIEDRICH EBERT STIFTUNG

OLOF PALME INTERNATIONAL CENTER

ПРОГРЕС
ИНСТИТУТ ЗА СОЦИЈАЛНА ДЕМОКРАТИЈА

KALEVI SORSA SÄÄTIÖ
FONDEN • FOUNDATION

# ЗАВРШНИ ТРУДОВИ ОД ПОЛИТИЧКАТА АКАДЕМИЈА ЗА СОЦИЈАЛНА ДЕМОКРАТИЈА 2019/2020



FRIEDRICH EBERT STIFTUNG

OLOF PALME INTERNATIONAL CENTER

ПРОГРЕС ИНСТИТУТ ЗА СОЦИЈАЛНА ДЕМОКРАТИЈА

KALEVI SORSA SÄÄTIÖ FONDEN • FOUNDATION

# ЗАВРШНИ ТРУДОВИ ОД ПОЛИТИЧКАТА АКАДЕМИЈА ЗА СОЦИЈАЛНА ДЕМОКРАТИЈА 2019/2020

# СОДРЖИНА

» КРИТИЧКА АНАЛИЗА НА ПРОГРЕСИВНОТО ОДАНОЧУВАЊЕ НА ФИЗИЧКИТЕ ЛИЦА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА 5

» МЕДИУМСКА ПИСМЕНОСТ И ФЕНОМЕН НА ЛАЖНИ ВЕСТИ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА 25

» УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАД 39

» НЕПОСРЕДНО ДЕМОКРАТСКО УЧЕСТВО НА ГРАЃАНИТЕ ПРИ ДОНЕСУВАЊЕТО ОДЛУКИ НА ЛОКАЛНО НИВО 58

» ЕДНАКОВ ПРИСТАП НА МАРГИНАЛИЗИРАНИТЕ ГРУПИ НА ПАЗАРОТ НА ТРУДОТ 73

# КРИТИЧКА АНАЛИЗА НА ПРОГРЕСИВНОТО ОДАНОЧУВАЊЕ НА ФИЗИЧКИТЕ ЛИЦА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**Иван Дургутов**
**Леа Матевска**
**Изабела Христовска**
**Мартина Велјановска**
**Зоран Стојков**
**Стефан Видиков**
**Томислав Наумовски**
**Трајче Стојчевски**

Ментор: Александар Љ. Спасов

## 1. ВОВЕД ВО ТЕМАТА

Република Северна Македонија, со процесот на нејзино осамостојување во почетокот на 90-тите години, пристапи кон воведување и на нов економски систем. За да може да бидат доследно воведени принципите на: пазарната економија, приватната сопственост, претприемништвото, независноста на деловните субјекти, потребен е и нов фискален систем. Најзначајна и најшироко распространета компонента на фискалниот систем се даноците, кои во нашата држава, всушност, претставуваат и уставно предвидена категорија.

Воедно, постојат неколку видови сопственост, а еден од нив е државната сопственост. Државата е сопственик на одредени добра и имот и од истите обезбедува извесен износ на приходи, но тие, најчесто, не се доволни за соодветно функционирање на државниот апарат и за извршување на сите функции кои се од интерес на граѓаните. Оттаму, државата има потреба да наплатува и приходи од други извори.

Една од давачките за чијашто наплата е задолжена државата е и данокот. Него го дефинираме како јавен приход, односно финансиска обврска која државата им ја наложува на физичките и правните лица, задолжително да издвојуваат дел од својот приход, промет или имот за задоволување на општите, односно државните потреби.

Во таа смисла, согласно членот 33 од Уставот на Република Северна Македонија, секој граѓанин е должен да учествува во јавните приходи според сопствената финансиска моќ: „Секој е должен да плаќа данок и други јавни давачки и да учествува во намирувањето на јавните расходи на начин утврден со закон". Наплатата на данокот како задолжителна јавна давачка се врши во рамки на даночниот систем кој е дел од поширокиот систем на јавни приходи.

Даночниот систем дава одговор на четири прашања:

- Кој е предметот на оданочување (тоа се: приходот, прометот и имотот, што, всушност, дава одговор и на прашањето какви видови даноци постојат);
- Кој е даночниот обврзник (тоа е носителот на даночната обврска на чиј товар паѓа данокот, т.е. физичките лица и правните лица со различен организациски облик);
- Која е даночната основица (тоа е обемот од предметот на оданочување врз кој се пресметува данок);
- Која е даночната стапка (тоа е процентот што треба да се плати во вид на данок на утврдената даночна основица, а генерално, разликуваме пропорционална и прогресивна даночна стапка);
- Кога станува збор за поимното определување на терминот данок, значајно е да се издвојат и различните видови на даноци кои постојат во македонскиот даночен систем.

Како такви се:

- Даноците на доход (се нарекуваат и директни даноци, физичките лица плаќаат данок на личен доход или персонален данок на доход – ПДД, согласно законската терминологија, а правните лица плаќаат данок на добивка);
- Даноците на потрошувачка (се нарекуваат и индиректни даноци, а тука влегуваат данокот на додадена вредност, акцизите и царините);
- Даноците на имот (данок на имот, данок на промет на недвижности, данок на наследство и подарок)
- Придонесите од задолжително социјално осигурување (делот од бруто-надоместокот остварен од работен однос).

### 1.1. Теоретска елаборација на економските аргументи за регулации на пазарот (Кензијанска школа) и против регулации на пазарот (Неолиберална школа)

Низ историјата се изродиле низа теории како фрагменти од поопштите економски теории, односно економски школи. Иако е извесно дека секоја теорија со самото свое појавување извршила посилно или послабо влијание врз економските текови на националните држави, но и на глобалните економски текови, сепак како највлијателни школи може да се издвојат т.н. Неолиберална школа, од една страна, и Кензијанската школа, од друга страна. Овие две школи, од своето појавување во 20. век, до денес, вршат силно и пресудно влијание врз економските политики кои се имплементираат во националните и глобалните економии.

И двете школи припаѓаат во традицијата на либералната економија и конзистентно со истата и двете теории како аксиоматски предуслов на економијата го земаат слободниот пазар. Она што ги разликува, може да се каже дека е спротивната дијагноза за економските проблеми кои се јавуваат во општествата базирани врз слободен пазар.

Централната идеја во неолибералната теорија се состои во убедувањето дека контролата на економските фактори исклучително треба да биде препуштена на приватниот сектор, а не на јавниот. Оваа теорија изразито се зазема за капитализам базиран на радикално слободен пазар и се противи на секакво зголемување на владините расходи, регулации и создавање на јавен капитал. Исто така, една од позначајните позиции на оваа теорија е дека континуираниот економски раст ќе придонесе до прогрес на човештвото, па оттука, владата никогаш не треба да се меша во растот што го обезбедува слободниот пазар сам по себе. Оваа теорија, генерално се залага за: мерки на штедење, фискални адаптации, дерегулација, слободна трговија, приватизација и целосно намалување на расходите на државата.

Кензијанската теорија и револуционерниот пресврт која таа го прави во економијата, почнува од преиспитувањето на доминантната идеја во класичниот либерализам – идејата дека слободните пазари автоматски ќе предизвикаат целосна вработеност, односно дека секој кој би сакал работа ќе ја има, сè додека работниците се флексибилни околу барањата за плата. Кејнз на оваа позиција се спротивставува со тоа што смета дека агрегатната побарувачка – која ја претставува сумата на потрошувачката на домаќинствата, бизнисите и владата – е најважната движечка сила во економијата. Според тоа, неадекватната агрегатна побарувачка може да доведе до периоди на висока невработеност. Неадекватната агрегатна побарувачка се случува особено во периоди на рецесија и, откако ќе се случи, со себе спирално ја повлекува економијата надолу. За да се спречи овој спирален пад на економијата потребно е напред да истапи државата со зголемување на сопствената потрошувачка. Оваа потрошувачка државата може да ја инвестира во инфраструктура, енергетски проекти, итн. – сè со цел да го зголеми вработувањето и куповната моќ на домаќинствата за да се надмине економскиот спирален пад надолу. Ваквите мерки го стимулираат вработувањето и ги стабилизираат платите во време кога е криза. Според Кејнз, владите мора да имаат проактивна улога во решавањето на кризите на краток рок, бидејќи во спротивно, како што тој иронично забележува, „сите сме мртви". Преку ова, дополнително, се истакнува и улогата која данокот ја има во зголемувањето на моќта на државата за трошење.

## 1.2 Историски преглед на оданочувањето на доходот во Република Северна Македонија

**Во периодот од 1994 до 2000 година,** во нашата држава е присутен прогресивниот данок. Постоеле три даночни стапки, и тоа: 23%, 27% и 35%. Со тогашната најниска даночна стапка, 23%, се оданочувал доходот во висина до две просечни плати. Средната даночна стапка, 27%, се применувала за доходот помеѓу две и пет просечни плати, додека највисоката стапка, 35%, за доходот кој изнесувал над пет просечни плати.

**Во периодот од 2001 до 2005 година**, постојат две даночни стапки: 15% и 18%. Со пониската даночна стапка од 15% се оданочувал доходот до 360.000 денари годишно, додека даночната стапка од 18% била применлива за доходот на тоа ниво.

**Во 2005 година** се воведува трета даночна стапка од 24%, со која се оданочувал доходот над 720.000 годишно.

**Во 2007 година**, карактеристично е истовременото значајно намалување на даночните стапки и воведувањето на пропорционална даночна стапка за оданочување на доходот. Започнува со примена т.н. рамен данок, односно со даночна стапка од 12% се оданочува секој доход, независно од неговата висина.

**Во 2008 година**, дополнително се намалува даночната стапка, при што продолжува трендот на рамен данок, но овој пат, со единствена даночна стапка од 10% за данокот на доход.

За издвојување е моментот што за временското растојание од 14 години, односно од 1994 година, до 2008 година, разликата меѓу највисоката даночна стапка за оданочување на доходот на граѓаните изнесува дури 25%, односно таа била највисока во 1994 година, кога изнесувала 35%, и најниска во 2008 година, кога изнесувала 10%.

**Од 2019 година** во Република Северна Македонија се напушта принципот на пропорционално оданочување и рамен данок со една единствена даночна стапка и се враќа концептот на пропорционално оданочување на доходот кој претходно постоел. Се задржува постојната даночна стапка од 10%, но се воведува и дополнителна даночна стапка од 18%. Оваа повисока даночна стапка е применлива за остварениот доход над 90.000 денари на месечно ниво, односно за делот од доходот кој го надминува овој месечен праг, ќе се плаќаат дополнителни 8%, т.е. делот од истиот доход ќе се оданочува со даночна стапка од 18%.

## 2. ВТОР ДЕЛ – ДЕФИНИРАЊЕ НА ПРОБЛЕМ

### 2.1 Теоретска елаборација на аргументите *за* и *против* прогресивното оданочување

Главната идеја на системот на прогресивно оданочување е праведноста. Концептот како таков е едноставен и вели – колку повеќе заработуваш, толку повеќе плаќаш даноци, при што даночната стапка се зголемува постепено како што расте личниот приход. Ако се анализира од финансиска гледна точка, тука нема ништо праведно и евидентно е дека има реална материјална дискриминација меѓу одредени групи во однос на нивните приходи. Но, затоа ова прашање, веројатно, е поважно да се анализира од општествен или политички аспект, каде импликациите имаат различни размери.

Генерално, економијата на една држава се развива преку инвестиции. Во повеќето случаи, приходот што ќе остане после потрошувачката е тој што се инвестира. Во една здрава, ефикасна економија, функционирајќи во капиталистички економски систем со отворен и слободен пазар, заштеденото, односно она непотрошеното, треба да се инвестира со цел да се избегне состојбата на непродуктивност и, спротивно од тоа, да се генерира дополнителен приход, кој во догледно време ќе произведе некаква вредност. Институциите треба да го имаат ова предвид и како монополисти во однос на регулацијата, треба да креираат јавни политики кои ќе го стимулираат ваквиот принцип и, со самото тоа, да влијаат врз просперитетот на општеството.

Имајќи го горенапишаното предвид, при имплементиран прогресивен даночен систем одредени групи издвојуваат повеќе за трошоци, што ги става во состојба да имаат помалку заштедено, односно да се почувствуваат дискриминирано и демотивирано да се развиваат на лично ниво и да ја оптимизираат продуктивноста, со што би генерирале повеќе приходи. Едни од тие трошоци се даноците. Оваа ситуација доведува до намалено ниво на инвестирање, што може да има негативен ефект на развојот на економијата на долг рок.

Од друга страна, пак, од гледиште на општествените групи кои имаат бенефит од ваквиот даночен систем, нивната куповна моќ станува позначајна на пазарот и се креира поголема потрошувачка на пазарот. Со бројно зголемена средна класа, сега способна за поголема консумација, прави добра, што претходно биле маргинализирани или, пак, субвенционирани, повторно да се актуелни и побарувани. Ваквите ситуации, исто така, може да го подобрат и зголемат развојот на економијата, особено во сектори каде што тоа би било претходно невозможно без државна интервенција. Идејата зад оваа логика е дека треба да има широка маса на финансиски способни потрошувачи кои ќе го движат

општеството преку потрошувачка и, со самото тоа, генерирање на средства за идно инвестирање.

Ефектот што прогресивното оданочување потенцијално го има врз општеството може да се интерпретира од два табора, во зависност од идеолошката призма. Класичната економска школа или либертаријанците, како што претходно споменавме, сметаат дека институциите треба да имаат минимална улога во регулација на економијата и да остават „невидливата рака на пазарот" да ги израмни по природен пат понудата и побарувачката, креирајќи ја цената на добрата и услугите од таквиот соодност. Додека, пак, кензијанците или егалитаристите веруваат во тоа дека треба да има силна државна регулација со умерен, до висок степен на оданочување и државна потрошувачка од аспект на капитални инвестиции, со што би се креирале квалитетни јавни добра кои ќе ја стимулираат економијата да се развива и просперира.

## 2.2 Состојба во Република Северна Македонија – економски индикатори

Според Гини индексот за нерамномерна распределба на приходите, кој секоја година го објавува Светската банка, Република Северна Македонија има најголема доходовна нееднаквост во Европа, со индекс 35.6% во 2015. Највисокиот индекс на државата бил во 2009 кога истиот изнесувал рекордни 42.8%, за разлика од 1998 кога истиот изнесувал 28%. Ниту една друга земја во Европа немала толку драстично зголемување на доходовна нееднаквост.

Доколку го споредиме индексот на Словенија, како држава со приближно население како Северна Македонија, кој изнесувал 25.4%, забележуваме разлика од 10.2%.[1]

Најдоходовните 1% од луѓето во државата заработуваат 14,4 пати повеќе од просекот, односно 4.486 евра месечно, наспроти 311 евра колку што изнесува просекот.

На високата доходовна нееднаквост укажува и податокот дека во 2016 година највисокиот доход кој е остварен изнесувал 2.6 милиони евра, а 15 лица оствариле доход над еден милион евра, додека, пак, 755 лица кои имале над 100.000 евра доход, заедно оствариле доход од 190 милиони евра, што е еднакво на вкупниот остварен доход на 210 илјади лица кои имале најниски приходи. Педесет проценти од луѓето во Северна Македонија коишто остваруваат доход имаат доход што е под 212 евра месечно, 70 проценти имаат доход што е под 297 евра месечно, 90 проценти имаат доход што е под 495 евра месечно, а од друга страна, 2 проценти од луѓето имаат доход што е над 1.044 евра, додека еден процент од луѓето имаат доход што е над 1.523 евра. Затоа и процентот на прогресивното оданочување на луѓе-то кои остваруваат доход над 1.500 евра е предвидено да се даночи со прогресивна даночна стапка од 18%.[2]




1 Гини индекс, Светска банка

2 https://akademik.mk/ministerstvo-za-finasii-makedonija-so-visoka-stapka-na-dohodovna-neednakvost/

Просечната плата во јануари 2010 година изнесува 20.330 денари, која се зголемува до 24.590 денари во март 2019 година.[3]

Минималната нето-плата во 2011 изнесува 8.050 денари, која се зголемува до 12.165 денари до март 2019 година.[4]

Од друга страна, пак, Северна Македонија е меѓу десетте најсиромашни земји во Европа.

Според официјални податоци од Државниот завод за статистика, стапката на сиромаштија во државата во 2017 година изнесувал 40,7% пред социјалните трансфери, додека, пак, истата изнесувала 22,2% по социјалните трансфери.[5]

Истовремено, вредноста на синдикалната минимална потрошувачка кошничка за семејство со четири членови се зголемува од 29.199 денари во декември 2010 година, на 32.990 денари во април 2019 година.[6]

| Р. Бр. | Елементи кои ја формираат вредноста на минималната синдикална кошница | Декември 2010 | % учество | Април 2019 | % учество |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Исхрана и пијалаци | 12 342,00 | 42,27 | 13 909, 37 | 42,16 |
| 2 | Домување | 9 016,00 | 30,88 | 10 423,18 | 31,60 |
| 3 | Хигиена | 2 096,26 | 7,18 | 2 331,66 | 7,07 |
| 4 | Превоз | 2 362, 34 | 7,97 | 2 386,93 | 7,24 |
| 5 | Облека и обувки | 1 808,40 | 6,19 | 2 164,90 | 6,56 |
| 6 | Култура | 1 070,00 | 3,66 | 1 070,00 | 3,24 |
| 7 | Одржување на здравјето | 540, 00 | 1,85 | 703,46 | 2,13 |
| Вкупно: | | 29 199,00 | 100,00 | 32 989,50 | 100,00 |

Просечната плата во јануари 2010 година изнесува 20.330 денари, која се зголемува до 24.590 денари во март 2019 година.[7]

Минималната нето-плата во 2011 изнесува 8.050 денари, која се зголемува до 12.165 денари во март 2019 година.[8]

При разгледување на макроекономските индикатори од 2005, до 2016, забележуваме зголемување на БДП од 5.032 милиони евра на 9.862 милиони евра.

Во периодот до 2007, пред да биде воведен рамниот данок, забележуваме пораст на странски директни инвестиции до 8.3% од БДП, меѓутоа забележуваме опаѓање на истите од периодот на воведување на рамниот данок од 5.9 % од БДП во 2008, до 1.5 % во 2012, за истите да пораснат до 3.6% што, во секој случај, се пониски од првичните

3 Извадено од јавните податоци на Министерството за труд и социјална политика на Република Северна Македонија

4 Извадено од јавните податоци на Министерство за труд и социјална политика на Република Северна Македонија

5 Државен завод за статистика

6 Извадок од официјални податоци за синдикалната минимална потрошувачка кошничка http://www.ssm.org.mk/mk/ekonomija/sindikalna-minimalna-koshnica

7 Извадено од јавните податоци на Министерството за труд и социјална политика на Република Северна Македонија

8 Извадено од јавните податоци на Министерството за труд и социјална политика на Република Северна Македонија


Пол:
538 responses
Машки
279 (51.9%)
Женски
259 (48.1%)
0
100
200
300


1.Дали во Вашата општина постои Младински Совет?
538 responses
Да
274 (50.9%)
Не
108 (20.1%)
Не знам
162 (30.1%)
0
100
200
300


2.Колку сте запознаени со работата на Младинскиот Совет (доколку има)?
538 responses
Добро
79 (14.7%)
Делумно
177 (32.9%)
Не сум запознаен\а
287 (53.3%)
0
100
200
300


3.Дали Младинскиот Совет креира политики во интерес на сите млади?
538 responses
Да
153 (28.4%)
Само за потесен круг на млади
187 (34.8%)
Не креира воопшто
203 (37.7%)
0
50
100
150
200
250


4.Дали мислите дека Младинските Совети во РМ можат да влијаат врз донесувањето одлуки кои ги тангираат младите на локално ниво?
538 responses
Можат
282 (52.4%)
Делумно
174 (32.3%)
Не можат
85 (15.8%)
0
100
200
300


5.Доколку би постоел Младински Совет во секоја општина којшто ќе се залага за интересите на младите и креирање политики, дали сметате дека ќе се зајакне влијанието на младите во донесувањето одлуки?
538 responses
Да
301 (55.9%
Можеби
182 (33.8%)
Недоволно
34 (6.3%)
Не
27 (5%)
0
100
200
300

**6.Дали сте биле дел од проект или идеја кои биле иницирани и спроведени од тим на млади луѓе во Вашата општина?**

538 responses




**7.Доколку сте биле дел од таа иницијатива или проект во Вашата општина дали сметате дека Вашите предлози имале влијание и придонеле кон конечните одлуки или резултати?**

538 responses




**8.Дали како средношколец\средношколка сте учествувале во управување и донесување одлуки на ниво на училиштето?**

538 responses



9.Доколку постои Младински Совет во Вашата општина дали би се вклучиле во активностите и настаните коишто се во негова организација?

538 responses




10.Дали сте запознаени со работата на Агенцијата за млади и спорт и Националниот Младински Совет на Македонија (НМСМ)?

538 responses




11.Дали верувате во донесувањето на одлуки на локално ниво од страна на младински тим, кој како еден вид орган на општината ќе се залага независно и исклучително за младата популација од 16-30 годишна возраст?

538 responses



8.3%, иако една од целите при воведување на ваквиот тип на оданочување било да се зголемат странските инвестиции. Покрај тоа, државата во тој период се соочувала со: нестабилна политичка ситуација, ризик од влошување на безбедносна ситуација, нерешени блатерални прашања и проблеми со соседите, високо ниво на корупција, како и нефункционирање на судскиот систем. Меѓутоа, и покрај ниската даночна стапка, како и субвенциите коишто ги давала државата за странските инвеститори кои биле далеку поповолни од условите за домашните компании, во тој период странските директни инвестиции не се зголемувале, напротив дополнително опаѓале. Следствено на тоа, овој вид оданочување не довел до забрзан економски раст и развој на државата.

Номиналниот раст на извоз на стоки во истиот период од 2007, до 2016, постојано флуктуира и се движи од 29.2% во 2007, 8.9% во 2008, - 28.2% во 2009, 30.9% во 2010, -2.8% во 2012, па сè до 5.9% во 2016.

Министерството за финансии со назнака трошоци за странски инвестиции, за 10 години се потрошиле 225 милиони евра за 25 компании кои вработиле 20 илјади лица.[9]

## 2.3 Компаративна анализа

### Аргументи ЗА:

**А) Еднаквост на приходи** – еден од најчесто употребуваните аргументи во одбрана на прогресивниот данок од кој, всушност, и е извлечена главната идеја, позади е праведноста. Во ова својство, прогресивниот данок служи како еден вид механизам или алатка за широка, на национално ниво, редистрибуција на богатство од поимотните, спрема помалку имотните граѓани, каде што државата ја има улогата на индиректен редистрибутер. Ваквата акција придонесува финансиската разлика да остане што помала, при што би се одржала бројна средна класа куповно-способна да влијае позитивно како понуда на пазарот.

**Б) Социјална правда** – тука аргументот е доста едноставен и вели – оние што имаат повеќе треба и да платат повеќе, за да им помогнат на оние што имаат помалку. Ова е фундаменталниот концепт на егалитаризмот, што практично би се интерпретирал дека прогресивниот данок ѝ овозможува на државата да собере повеќе средства, сè со цел да креира подобро општество помагајќи им на помалку имотните преку: социјални, образовни, здравствени и други политики. Ваквиот концепт повторно помага во креација на куповно-способно население кое треба да учествува што е можно поеднакво во националната економија.

**В) Поголем јавен буџет** – прогресивниот данок на државата ѝ овозможува да собере повеќе средства и да ги инвестира во капитални инвестиции како: инфраструктура, капитално интензивни индустрии, сектори зависни од субвенции, и сл. Ваквите инвестиции на долг рок придонесуваат голема додадена вредност кај општеството од аспект на пристапни и квалитетни јавни добра и поевтини приватни добра поради претходно учество на државата во процесот на производство преку субвенционирање.

**Г)** Средствата од прогресивниот данок ќе бидат наменети за **финансирање на гарантираниот минимален доход** (вклучувајќи ги и додатоците за деца и образование), со што тие би имале дополнителна улога во намалување на сиромаштијата и фактор за изедначување со потенцијално поголемо реално влијание. Според Тевдовски: „Ќе се финансираат мерки за намалување на сиромаштијата, односно за спроведување на минималниот гарантиран приход со кој ќе се извлекуваат луѓето од сиромаштија и ќе се активираат на пазарот на трудот".

9 https://www.mkd.mk/makedonija/politika/za-10-godini-potrosheni-se-225-milioni-evra-za-25-kompanii-koi-vrabotile-20

- КОНТРА аргумент 1: Според направеното истражување од Finance Think (независен и непрофитен институт за економски истражувања и политики) за дистрибуција на приходот од плати, пред и по наметнувањето на прогресивниот данок, од резултатите може да се забележи дека даночната реформа имала влијание само на највисоките 1% заработувачи и тоа и понатаму на релативно тривијален начин: нивниот удел се намалува од 4.5%, на само 4.4%, што дополнително упатува дека платите не се изворот на доходната нееднаквост во Северна Македонија.

- КОНТРА аргумент 2: „Во оној дизајн во кој е реформата со 18 проценти стапка за доход кој надминува 90.000 денари, се покажува дека ефектите се маргинални во однос на индикаторите за нееднаквост на распределбата на доходот", кажува професорот Горан Петрески, истакнувајќи дека симулациите покажале дека врз таа основа годинава би биле собрани околу 20 милиони евра.

**Д)** За воведување прогресивен данок во Република Северна Македонија треба да се земе **пример од соседните земји во регионот, но и пошироко, каде примената на оваа мерка функционира одлично** и непречено: „Рамниот данок е одлика на земји што имаат лоши, неефикасни институции. Како што земјите ја подобруваат ефикасноста на институциите, воведуваат и прогресивен данок. Погрешно е мислењето дека рамниот данок е повеќе застапен бидејќи прогресивно оданочување доминира во ЕУ, во САД, со многу повисоки стапки од оваа што ја предлагаме. Од земјите од опкружувањето веќе го воведоа: Чешка, Словачка, Црна Гора, Албанија", вели министерот за финансии, Тевдовски. „И во Данска постои прогресивно оданочување. Таму највисоката стапка достигнува 55 отсто, но ние не можеме да ја земеме оваа земја за пример бидејќи ефикасноста на институциите кај нас не може да се мери со земја како Данска. Можеме да се споредиме со земја од нашето соседство што има, речиси, исти услови како и кај нас".[10]

- КОНТРА аргумент: Професорот од Економскиот факултет Горан Петрески има оценето дека концептот за прогресивно оданочување функционира во земја со широка даночна база каде голем дел од населението е доволно богато за да плаќа данок на персонален доход. Тоа не е случај во Северна Македонија. „Кај нас 50 проценти од вработените земаат просечна плата од 8.600 денари, а 90 проценти од вработените земаат плата до 30.000 денари. Само 10 проценти од населението во Северна Македонија од тоа што треба да плаќа данок зема над 500 евра" – изјавил професорот Петрески.

**Ѓ)**„Сите економски показатели за годинава покажуваат дека праведното оданочување е успешна реформа. Сигурни сме дека тоа што сме го проектирале ќе го оствариме како буџетски приходи. Уште поважно е дека тоа што е проектираното веќе започна да се исплаќа како многу повисок социјален трансфер за најсиромашните и ние сме прва држава на Балканот што спроведува минимален адекватен приход. Даночната реформа комбинирана со реформата на социјалниот систем остварува значајно намалување на нееднаквоста и е значајна **алатка за борба против сиромаштијата**", има изјавено министерот Тевдовски.

## Аргументи ПРОТИВ:

**А) Дискриминација** – еден од почесто употребуваните аргументи против прогресивниот данок, односно контра-аргумент на аргументот за еднаквост. Дали е фер една група граѓани да плаќа поголема стапка на даночење од друга, кога сите имаат

10 https://prizma.mk/tevdovski-imame-dovolno-argumenti-da-ne-go-odlozhime-progresivniot-danok/

еднакви права, како, на пример, правото на глас кое се брои како еден без разлика на финансиската состојба на избирачот? Решението на овој проблем е пропорционалниот данок, исто така познат како рамен, каде сите даночни обврзници плаќаат иста даночна стапка без разлика на нивото на приходи кое го остваруваат. Од друга страна, пак, правично е група граѓани кои имаат поголеми примања да плаќаат поголем данок заради самиот факт што токму тие почесто уживаат комодитети кои доаѓаат точно заради фактот што имаат поголеми примања. Тука би спомениле дека граѓаните со поголеми примања почесто патуваат (значи ја користат патната инфраструктура чие подобрување е финансирано токму од државниот буџет), почесто посетуваат културни настани, и слично.

**Б) Непоттикнување** – ваквиот систем на оданочување креира еден вид демотивација спрема даночните обврзници кои се оданочуваат по повисока стапка. Заради тоа тие немаат општествен поттик, кој, во овој случај, е тесно поврзан со финансиската логика на нештата, да го оптимизираат своето производство со ефикасно утилизирање на факторите на производство. Под фактори на производство спаѓа и трудот, кој, исто така, е дискриминиран преку нивото на надоместок за плата кои го примаат одредени висококвалификувани работници и тенденцијата дека истата не би се зголемила заради поголемите давачки за данок.

**В)** Воведувањето прогресивен данок ќе доведе до **одлив на квалификуваните кадри** во земји со поповолна даночна клима и подобра социо-економска состојба, предупредуваат од Стопанската комора за информатички и комуникациски технологии (МАСИТ), кои ги претставуваат ставовите и мислењата на повеќе од 80 од најголемите и најиновативни компании во Република Северна Македонија. Во изминатите години имаме голем тренд на иселување на квалификувани кадри во земјите како Германија и Шведска, како и во: САД, Канада и Австралија.

**Г)** Со воведување на оваа даночна реформа ќе има **дестимулирање на развојот на висококвалификуваните кадри,** односно зголемувањето на данокот на личен доход најмногу ќе ги погоди оние кои вложувале во сопствениот професионален развој и ќе испрати порака дека квалификуваноста е неисплатлива, со што ќе се отстрани стимулот за развој на способности и квалификации. Под висококвалификувани кадри подразбираме лица кои покрај во своето формално образование, вложиле време и финансии во доразвивање на меките вештини потребни за работа на конкретната позиција, како и: неформално образование, обуки, семинари, конференции и работилници поврзани со истата.

**Д)** Може да се предизвика **ефект на даночна непослушност и зголемување на даночната евазија, како и зголемување на невработеноста** што ќе влијае негативно врз македонската економија.

- <u>КОНТРА аргумент:</u> Министерот Тевдовски соопшти дека во првите пет месеци од годинава, наплатата на данокот на личен доход е за 17.4 проценти поголема во однос на лани, што било над очекувањата. „Иако пред воведувањето на праведниот данок во јавноста беше изразена загриженост дека праведното оданочување ќе ја намали вработеноста", дополни министерот, „се случи сосема спротивното, за само едно тримесечје бројот на вработени е зголемен за 17.000 лица. Просечната нето-плата во првото тримесечје од 2019 година е зголемена за 3.4 проценти во споредба со првото тримесечје од 2018 година и тој раст е повисок од просекот од последните седум години. Просечната плата на програмерите во првото тримесечје од 2019 година е зголемена за 5.5 проценти во споредба со првото тримесечје од 2018 година. Бројот на вработени во дејноста информации и комуникации, исто така е зголемен. Во првото тримесечје на 2019 година во овој сектор има за 1.500 лица повеќе вработени во споредба со последното тримесечје

на 2018 година (или за 5.000 во однос на истиот период лани). Кога дебатиравме за воведување на праведното оданочување, имаше стравувања токму од овој сектор дека ќе има намалување на платите и на бројот на вработени, бидејќи овој сектор беше најблиску до границата за прогресивната даночна стапка. Сепак, се случи токму спротивното и имаме позитивни резултати и тука", изјавил Тевдовски.

## 2.4 Извлекување заклучок: зошто е воведен прогресивен данок во Република Северна Македонија?

Во сите овие долги години на транзиција и премин од планска во пазарна економија и капиталистички систем, се обидуваме, сепак, да останеме умерено социјална држава. Претходниот концепт беше напуштен како неразвоен и неиновативен, а убедувањето дека пазарот и неговата „невидлива рака" се одговор и решение за сите економски проблеми, кои планерите не успеваа претходно да ги решат, ги покажа своите слабости и аномалии.

За време на социјалистичкото уредување, изборот и понудата на расположливи производи или услуги беа мали, можностите за големи индивидуални заработки беа ограничени, а голем и тежок предизвик беше како единка да постигнете различност. Така, дојде до униформност кај маса граѓани, меѓусебно слични и еднакви едни на други. Тие граѓани ја претставуваа средната класа, која и покрај наведените прилики, сепак живееше пристоен живот.

Здраво општество е она во кое значаен дел од националното богатство е распореден токму помеѓу тие граѓани, припадниците на средната класа, а е мало присуството на богати или ултрабогати, кои, секако, не поседуваат доминантен дел од богатството.

Во капиталистичкото општество во кое живееме постепено и континуирано се деградира и намалува средната класа и се нарушува соодносот на посед на збирното национално богатство (помеѓу сиромашни, средна класа и богати). Како се зголемува тој диспаритет во едно општество, постепено се генерираат проблеми и тензии, кои во најкритичната фаза може да доведат и до посериозни конфликти.

Разликите се продлабочуваат бидејќи доходите што ги добиваат богатите од година, во година, се сè поголеми, нивната моќ и богатство постојано се зголемува, а сето тоа како резултат на поседување на капиталот, а не како резултат на работата и трудот на поединецот. Во таа трка, сиромашните и средната класа, колку и да се вредни и паметни, ретко кога имаат шанса (капиталот не е на нивна страна).

За секоја несовршеност и аномалија е потребен коректив. Тука стапува на сцена улогата на државата, која преку соодветно интервенирање треба да обезбеди солидни услови за живот за мнозинството свои граѓани, да се грижи за сиромашните, но и да се стреми кон одржување помасовна средна класа.

Со даночната стапка од 10% и 18%, високоплатениот труд што генерира раст и создава додадена вредност, значително ќе поскапи. Работодавачите ќе имаат значително повисоки трошоци и потенцијално намалена конкурентност. Секако, можни се и одредени отпуштања. Реформата може да демотивира и да постигне контраефект.

Бидејќи зафаќањето со прогресивниот данок, пред сè, е насочено кон богатите, чиј капитал сам создава доход, погрешно би било прогресивниот данок на доход да ја оптовари и средната класа, која, генерално, со својот личен труд и работа, создава приход за себе, а паралелно, во најголема мера придонесува и за растот и напредокот на економијата. Средната класа е таа која и со својата потрошувачка придонесува за раздвижување на економијата. Доколку со прогресивниот данок на доход се демотивира трудот и доколку се ограничат работните позиции што треба да привлечат високообразовани и способни индивидуи,

ефектите од неговото воведување може повеќе да бидат негативни, отколку позитивни.

Идејата е да се постигне зголемување на бројот на граѓани кои гравитираат околу средната класа, образовани, кои се ангажирани и напорно работат, мислат прогресивно и креативно и преземаат разумни ризици преку кои создаваат вредност и поттикнуваат напредок.

# 3. ТРЕТ ДЕЛ – РЕШАВАЊЕ НА ПРОБЛЕМ

## 3.1 Критички осврт на новиот прогресивен данок на доход

Со почетокот на новата календарска година, во Република Северна Македонија е воведен прогресивниот данок на доход. За бруто-плата во висина до 90.000 денари, се применува даночна стапка од 10%, повисоките плати од 90.000 денари се оданочени со 18%. Покрај тоа, придонесите за пензиско осигурување ќе се зголемат од 18%, на 18,4% во 2019 и 18,8% во 2020 година. Исто така, придонесот за здравствено осигурување ќе се зголемува постепено, од 7.3%, на 7.4% во 2019 и 7.5 во 2020 година, со што автоматски ќе се зголемат трошоците за работна сила за работодавачите. Покачувањето на придонесите не генерира подобрување на системот. Првично е многу важно да се направи реформа во здравствениот систем, што ќе подразбира транспарентност на работењето, а во фокус да бидат ставени пациентите. Исто така, даночното ослободување е зголемено од 7.500 на 8.000 денари за лица кои имаат ниски примања.

Исто така, критика е што приватниот сектор не е вклучен во дијалогот за новиот закон. Република Северна Македонија како дестинација за странски инвестиции, главно е конкурентна со: предвидливоста, долгорочното планирање, правната сигурност. Со новиот закон се оддалечуваме од фиксната стапка на рамниот данок, а со тоа не само што се зголемуваат трошоците за компаниите, туку првично се создава несигурност кај стопанствениците и, секако, со прогресивното оданочување ќе се зголеми нивото на даночно затајување и сивата економија. Зголемувањето на трошоците секогаш претставуваат „проблем за компаниите", особено во временски период кога тие веќе се оптоварени со нови административни давачки, како зголемување на минималната плата или регулативата за заштита на лични податоци. Опасностите од прогресивното оданочување може да вклучат и зголемена даночна евазија, демотивирање на високопродуктивните професии, особено оние што се конкурентни на меѓународниот пазар, како што се: ИТ-професионалци, финтек-професионалци, лекари и многу други професии. Но, целта со воведувањето на прогресивниот данок на доход е да се соберат годишно 25 милиони евра од богатите, пари со кои ќе им се помогне на сиромашните. За подобро функционирање на мерката е неопходна вклученост на сите: компаниите, синдикатите и граѓанските организации.

## 3.2 Интервјуа и анкети

### 3.2.1 Интервју со Сања Лукаревска, директорка на Управата за јавни приходи

Со цел да ги потврдиме или поништиме нашите тези во врска со воведувањето на прогресивен данок на територијата на Република Северна Македонија, решивме да направиме кратко интервју со директорката на Управата за јавни приходи, Сања Лукаревска, која беше отворена за прашања и со која остваривме одлична соработка. Некои од прашањата кои ѝ беа поставени на директорката на УЈП беа следните: дали со воведувањето на прогресивното оданочување дојде до потреба од зголемување на административните

капацитети на институцијата; дали споредбено погледнато новата прогресивна даночна стапка доведе до прикривање на дел од приходите на граѓаните, односно до своевидна евазија; стратешко планирање – колку генералниот пристап на извршната власта е на линија со оваа реформа, и слично. Ги пренесуваме нејзините одговори во целост.

– „**Зошто сметате дека оваа реформа е добра?“**

– С.Л.: „Јас сметам дека ова прогресивно оданочување е праведно оданочување, затоа што оние коишто имаат поголеми приходи треба да бидат оданочени со повисока стапка. Оние коишто имаат помали приходи, треба да бидат оданочени со пониска стапка. Тенденцијата на економскиот тим при Владата на РМ е да се намали јазот меѓу богатите и сиромашните, односно да ја вратиме средната класа која треба да постои во општеството во кое општествените текови треба да се движат во правилна насока. Прогресивното оданочување опфаќа многу мал број на засегнати лица коишто ќе бидат оданочени по оваа повисока стапка.

Секако дека секоја новина, а пред сè, во рамки на даночниот систем, најчесто е на удар на критика и тоа ќе се менаџира со текот на времето. Праведноста во ова оданочување ќе овозможи сивата економија да се намали и, исто така, ќе овозможи праведен даночен систем кон којшто тежнее нашата држава. Ние постојано сме во комуникации со другите земји, разменуваме информации, потпишавме меморандум за соработка и со косовската даночна управа, затоа што сметам дека даночната евазија може да се намали само преку ова оданочување. Ако некој сака да придонесе за сопствената држава, зошто тогаш ќе си дозволи да ги вади парите надвор?“

### 3.2.2 АНКЕТА – Истражување за прогресивниот данок во Република Северна Македонија

*(спроведена во текот на месец јуни 2019 год.)*

Многу експерти, не само од економската, туку и од сите сфери во Република Северна Македонија, даваат свое мислење за (не)оправданоста на воведувањето на прогресивниот данок, а на тоа поле се спроведени и многу анкети и прашалници. За да биде најверодостојно, решивме да направиме наша анкета, со помош на која ќе го дознаеме мислењето на пошироката јавност на оваа тема, но воедно, и ќе се обидеме да го дознаеме нивото на нивната информираност на ова поле. До сега бевме сведоци на многу негативни сведочења кон промени во државата, но тоа не се должело секогаш на аргументирани недостатоци на промените, туку на општа неинформираност. За таа цел, покрај базичните прашања за демографските карактеристики на нашите испитаници и прашањата за оправданоста на прогресивниот данок во нашата земја, додадовме и неколку други прашања преку кои сакавме да дознаеме колку секој поединец кој одговара на прашалникот е информиран за даночниот систем во нашата земја, за употребата на средствата кои се прилив од даноците, како тие лично имаат бенефиција од нив, и слично.

Анкетиравме *160 испи-таници*, од кои 51.9% се машки, а 48.1% се женски, како што може да се види од приложените графикони. Најголемиот дел од нив, односно 58.1% се на возраст меѓу 18 и 29 години. Со 25% следат оние на 30-39 годишна возраст, а по нив со 10.6% следуваат оние на 40-49 годишна возраст. Само 5.6% од нашите испитаници се на 50-64 годишна возраст и со најмал процент од 0.6%, односно само 1 испитаник кој е на возраст од над 65 години. Во поглед на завршениот степен на образование, преовладуваат испитаниците (со 51.2%) кои имаат завршено додипломски студии. Потоа, со сличен процент се испитаниците кои се со завршени постдипломски студии (25.6%) и оние кои имаат завршено само средно образование (19.4%).

Повеќемината од нив се вработени (71.9%), ангажирани преку договор на дело, или хонорарци се со 13.1% и имаме 15% невработени испитаници. Во поглед на висината на







месечните приходи, 65 испитаници примаат од 12.601 до 25.000 денари месечно, 52 испитаници со 25.001 до 60.000 денари, 8 испитаници со 60.001 до 89.999 денари и *само 4 испитаници* кои, всушност, ги опфаќа прогресивниот данок, односно кои имаат приходи од над 90.000 денари.

Од испитаниците, 95% изјавија дека не се корисници на социјална помош или бенефиција од државата (стипендии, субвенционирана плата, итн.).

За испитаниците кои не се економисти и немаат големо предзнаење на темата, но, сепак, се решиле да го пополнат нашиот прашалник, се одлучивме во самиот прашалник да дадеме мал вовед со факти, за да не влијаеме на нивните одговори. Напишавме неколку реченици околу тоа што се даноци, дефиниција на поимот и краток историјат на оданочувањето во нашата држава, од создавањето, па сè до денес.

Интересни се резултатите од наредните две прашања кои ги поставивме. На прашањето:„Дали сте запознаени со моменталниот даночен систем во Република Северна Македонија?" дури 70.6% имаат одговорено дека се запознаени, но цели 29.4% искрено одговориле дека не се запознаени. Мислењата се скоро подеднакво поделени околу тоа дали испитаниците сметаат дека се праведно оданочени. За 1.2% повеќе преовладува мислењето дека се праведно оданочени, како што може да се забележи од графиконот. Но, иако многумина сметаат дека се праведно оданочени, тие сметаат дека Владата и министерствата не ги употребуваат на правилен начин средствата кои ги собираат од даноците.




Со оглед на тоа што повеќето испитаници не се согласуваат со распределбата на средствата од доходот од прогресивниот данок, им овозможивме да дадат лично мислење и предлог околу тоа каде би можеле овие средства поправилно да се редистрибуираат. Во одговорите преовладуваше здравството, со најголем процент, по што следеа образованието и инфраструктурата.

Честа причина за неоправданоста на прогресивниот данок, според мислењето на многу експерти од областа, беше изјавено дека е неправедно определената гра-ница на приходи од над 90.000 денари месечно, како и неправедната стапка од 18% оданочување на приходите над таа граница. Ова сакавме да го потврдиме со прашање до јавноста и дојдовме до поделени мислења. Како што може да се заклучи од графиконот, разликата помеѓу мислењата се состои само од 1.2%, правејќи го овој одговор комплициран за




извлекување на конкретен заклучок.

Друго прашање од анкетата се однесува на, таканаречената, сива економија во нашата земја и нејзината меѓузависност со прогресивното оданочување. Пред да се воведе прогресивното оданочување, во 2018 година, како и сега, постојат стравови дека дел од граѓаните ќе се одлучат за, таканареченото, „криење" на приходите, односно пријавување добивка на помали приходи со цел да не потпаднат под оданочување со стапка од 18%. Но, не можеме да извлечеме конкретно мислење на јавноста по ова прашање бидејќи според одговорот на




графиконот подолу, може да се заклучи дека најголем процент на граѓаните се неодлучни по ова прашање (38.1%, односно 61 испитаник).

Поаѓајќи од општото мислење на јавноста дека квалитетот на јавните услуги во нашата Република е на ниско ниво, како и многубројните предлози за подобрување на јавните услуги на прашањето кое го наведовме погоре, поставивме едно, според нас, исклучително важно прашање: „Дали доколку се крене степенот на квалитет на јавните услуги, би се согласиле да плаќате повисок данок"? Од одговорите прикажани на графиконот, може да се заклучи дека *незадоволството на граѓаните не се должи толку на неправедното оданочување, или на лошо утврдената стапка или граница на оданочување со прогресивен данок, туку на алокацијата на средствата од прогресивниот данок*









*која не е доволно добро обмислена и на нискиот степен на квалитет на јавните услуги. Според анкетата, доколку дојде до промена на овие два фактора, граѓаните ќе покажат позитивни тенденции кон примената на прогресивно оданочување во Република Северна Македонија.*

## 4. ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА И ПРЕПОРАКИ

Идејата која постои зад прогресивниот начин на оданочување е суштината на социјалдемократијата и социјалдемократскиот поглед на економијата. Оттаму, воведената законска новина од почетокот на 2019 година ја оценуваме како конзистентна, гледано од идеолошката гледна точка на предлагачот и воведувачот на оваа мерка. Она што се утврди како точно во овој документ за јавна политика е нужноста за зголемување и гарантирање на доходот кој нема да се оданочува со персоналниот данок на доход (т.н. даночно ослободување), како и континуираната работа за подигнување на степенот на јавните услуги – здравството, образованието, социјалната заштита. Во прилог на ова оди фактот што дури 67.5% од испитаниците се согласни да платат повисок данок, ако добијат за возврат и јавна услуга со подобар квалитет.

Заклучните согледувања се и на линија дека позначаен дел од буџетските средства, ресорните институции треба да ги алоцираат посоодветно, а како пример се Фондот за здравствено осигурување и неопходноста од ревидирање на програмите за финансирање на лекување на граѓани со ретки болести и нивна поголема материјална поддршка, а и Министерството за образование и наука, кое етаблираната политика на стипендирање на талентирани млади лица и нивните студии на престижни светски универзитети, треба постојано да ја усовршува преку транспарентно делување. Се воочи и потребата од широка едукација на населението за тоа што претставува данокот, колку, всушност, тој е драгоцен за тековно и непречено функционирање на државата и подобро запознавање со придобивките од уредното плаќање на даноци. Управата за јавни приходи, како исклучително значајна државна институција, треба да биде максимално поддржана од јавниот и приватниот сектор, а во насока на зајакнување на: техничкиот, административниот и институционалниот капацитет, со единствена цел – подобра

наплата на јавните давачки. Неминовно е ова да биде проследено и со силни напори за сузбивање на даночната евазија, сивата и црната економија, како и размислување во насока на изнаоѓање посоодветен модел даноците за кои ќе се утврди дека се неплатени во минатото, истите да завршат во државната каса. Потребна е и јавна дебата меѓу сите јавни чинители за измена на даночното законодавство и размислување за поинакво оданочување на големите компании, од една страна и малите и средни претпријатија, од друга страна. Крајно, позитивните примери од светот, како што е оној во Соединетите Американски Држави, кои имаат специјална, повисока даночна стапка на најбогатиот дел – 0.1% од популацијата, кои се оданочуваат со 39.2% даночна стапка, треба да бидат дебатирани како можност за нивно воведување и задржување и зголемување на, таканареченото, лично ослободување и негативната даночна стапка.

## 5. КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА:

**Пишана литература:**

1. ЗАКОН ЗА ДАНОКОТ НА ЛИЧЕН ДОХОД („Службен весник на Р.М“, број 241 од 26.12.2018 година)

**Интернет:**

https://akademik.mk/ministerstvo-za-finasii-makedonija-so-visoka-stapka-na-dohodov-na-neednakvost/

http://www.ssm.org.mk/mk/ekonomija/sindikalna-minimalna-koshnica

https://www.mkd.mk/makedonija/politika/za-10-godini-potrosheni-se-225-milioni-evra-za-25-kompanii-koi-vrabotile-20

https://prizma.mk/tevdovski-imame-dovolno-argumenti-da-ne-go-odlozhime-progresivniot-danok/

https://www.worldbank.org/mk/country/northmacedonia

http://ujp.gov.mk/

https://finance.gov.mk/mk/neednakvost

http://www.financethink.mk/models/tax-benefit-microsimulation-model/

https://finance.gov.mk/mk/node/7722

http://respublica.edu.mk/blog/2018-11-26-09-13-37

https://bankarstvo.mk/

https://akademik.mk/fajnans-tink-za-budhetskite-efekti-od-potentsijalen-progresiven-danok-na-dohod/

# МЕДИУМСКА ПИСМЕНОСТ И ФЕНОМЕН НА ЛАЖНИ ВЕСТИ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

*„Вистината ќе ве ослободи: Лажните вести и новинарство за мир“*
- Папата Франциск

**Автори:**
**Јана Гочевска**
**Петар Николовски**
**Евгенија Маркоска**
**Виктор Петковски**
**Каролина Трајковска**

Ментор: Нита Старова

## ВОВЕД

Истражувачкиот труд насловен како „Медиумска писменост и феномен на лажни вести“ претставува дел од завршните трудови на десеттата Политичка академија за социјална демократија во 2019 година. Овој труд има за цел да го прикаже одблиску импактот на лажните вести во Република Северна Македонија и со тоа да се укаже на важноста на медиумската писменост.

Сите ние живееме во ера на модерно и напредно општество каде благодарејќи на технологијата веста се шири со брзина на светлината. Конкретниот проблем настанува кога дадената вест е лажна и, со тоа, остава штетни последици во медиумскиот етер. Следствено на ова, се надоврзува медиумската писменост која треба да ни укаже дека една нова прочитана вест не треба само да се процесира, ами треба критички да се разгледа, истражи и, врз основа на тоа, да се донесе одреден став доколку тоа е потребно. Денес, лажните вести претставуваат најсовремен метод за ширење пропаганда и манипулација. Тие се поистоветуваат со т.н. „спинување“[1] преку кое одредена група

1 *Анг. spin* (во односите со јавноста и политиката, спинувањето е форма на пропаганда, постигната преку свесно обезбедување на пристрасно толкување на настан или кампања за да се убеди јавното мислење во полза на, или против некоја организација или јавна личност): *dictionary.cambridge.org/dictionary/english/spin*; Спин е современ термин за форма на пропаганда која се потпира врз измамнички методи на убедување. Во политиката, бизнисот и на други места, вртењето често се карактеризира со: претерување, еуфемизми, неточности, полувистини и прекумерно емотивни апели: *https://www.thoughtco.com/spin-communication-1691988*

граѓани се манипулира со тоа што при соопштување на една вест, таа се вади од својот контекст. Токму ова придонесува да не се прикаже реалната страна на веста до тој степен што одредениот таргет, во случајов граѓаните, не забележуваат дека се изманипулирани. На овој начин, веста станува „релевантна“ и може да учествува во креирање на нечие мислење и да влијае врз одредени одлуки и постапки.

Можеби сè уште не сме свесни колкава медиумска штета секојдневно предизвикуваат лажните вести. Секој од нас барем еднаш не успеал да остане имун на една лажна вест. Зголемената активност на користење на социјалните мрежи дополнително учествува во брзото ширење на вакви вести.

Според „Студијата за млади во Северна Македонија“, вкупно 95% од младите имаат редовен пристап до Интернет, односно 76,9% – постојано, и 18,1% – секој ден или, речиси, секој ден, процентот е ист како и пред пет години. Оваа бројка ни говори за тоа дека секојдневно, секој од нас (не)приметно е во контакт со безброј информации, меѓу кои и лажни вести. Премногу е очигледно дека реалниот живот, и сè што асоцира на него, постепено се заменува со виртуелен и тоа најмногу се должи на времето кое младите го трошат на социјалните мрежи. Според еден податок дознаваме дека младите, во просек, дневно поминуваат приближно 3 часа гледајќи ТВ и 6 часа на Интернет. Па така, најчесто, реалните пријатели се заменуваат со виртуелни.

Во однос на тоа се забележуваат различни одговори, па така, 42% имаат повеќе од 501 виртуелен пријател на социјалните мрежи, 23% имаат од 201 до 500, 15% од 51 до 200 и 15% до 50. Додека, пак, на прашањето „колку од пријателите/контактите на социјалната мрежа би ги сметале во блискиот круг на пријатели во реалниот секојдневен живот“, овие бројки драстично опаѓаат, па одговорите се лоцираат, главно, околу бројот 5 и првите пет по ред декадни броеви. Исто така, во однос на тоа колку младите често го користат Интернетот за одредени цели (на скала од 1 – никогаш, до 3 – често) добиваме податок дека младите најчесто го користат Интернетот за користење на социјалните мрежи и комуникација со роднини и пријатели – што заедно претставуваат социјални активности, па потоа за училиште/образование и/или работа, и на трето место, подеднакво за читање на онлајн вести/информирање и преземање и слушање музика. Младите најмалку го користат Интернетот за онлајн банкарство и оценување на производи и/или услуги.[2]

Следствено со ширењето на лажните вести, најчесто преку социјалните мрежи, „Ројтерс“, непосредно пред последните клучни избори за Европскиот парламент, на својот сајт објави дека: Google, Facebook и Twitter мора да сторат повеќе за да се справат со лажните вести.[3]

## МЕДИУМСКАТА ПИСМЕНОСТ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Во 21 век медиумот претставува најмасовното средство за индиректна комуникација и ширење информации. Без да забележиме, секојдневно праќаме и примаме илјадници информации, што преку: Интернет, телефон, телевизија, па дури и преку билборди и

2 Марија Т. Л., Мирјана Б. П., Е. Серафимовска, А. Цекиќ, Н. Старова, *Студии за млади во Северна Македонија 2018/2019*, Фондација „Фридрих Еберт“, Скопје, 2019, 19 – 20

3 Комисијата соопштила дека Гугл постигнал недоволен напредок во дефинирањето на рекламирање. Во извештајот се вели дека Фејсбук, кој одзел осум координирани мрежи за неовластено однесување со потекло од: Северна Македонија, Косово и Русија, не открива дали овие влијаат врз корисниците на ЕУ. Твитер, исто така, не успеал, бидејќи не дал детали за своите мерки против спам и лажните вести, а исто така, не објавил за какви било активности за подобрување на контролата на рекламите: *https://www.reuters.com/article/us-eu-tech-fakenews/google-facebook-twitter-have-to-do-more-to-fight-fake-news-eu-idUSKCN1RZ0WU*

реклами. Тој претставува еден вид „канал“ или „спроводник“ меѓу индивидуата и веста.[4]

Во свет на сеприсутни и влијателни: слики, звуци и текстови, медиумското образование има за цел на луѓето да им пренесе знаење и вештини за користење и толкување на овие медиуми и медиумските пораки во секојдневниот живот, т.е. за да развие медиумска писменост.

Под медиумска писменост подразбираме рамка за: пристапување, анализирање, проценување и креирање на медиумски пораки во различни форми – од печат, преку видео, до Интернет.[5] Медиумската писменост гради разбирање за улогата на медиумите во општеството, како и суштински вештини за истражување и самоизразување на граѓаните во демократијата. Во современиот свет таа исто толку е важна колку и, таканаречената, „традиционална“ писменост – да се знае да се пишува и чита. Преку медиумската писменост се стекнува како критичко разбирање, така и креативно/активно учество во медиумската сфера. Несомнено, многу млади најголем дел од својот ден го поминуваат пред телевизорот или пред својот компјутер, многу повеќе отколку со своето семејство или, пак, на училиште. Многумина експерти тврдат дека од аспект на воспитувањето, медиумите го презеле местото на училиштето и семејството во современото општество.

За пласирањето на медиумска писменост во Република Северна Македонија можеме да кажеме дека има: повеќе од скромна традиција, недоволно ресурси (кадровски, технички, технолошки...) и занемарлива примена во практиката. Тоа се должи на економските и политички политики кои со години биле спроведувани во земјата. Меѓу другото, истражувачкото новинарство претставувало проблем бидејќи постоел недостиг на објективност.[6]

И покрај големиот број медиуми кои работат во земјава, што би требало да значи постоење висок степен на демократизација и плурализација, мора да се нагласи дека меѓу поголемите проблеми што со години се провлекуваат во медиумската сфера во Северна Македонија се:

### 1. Недозволената концентрација на сопственоста на медиумите

### 2. Влијанието на економските и политичките елити врз медиумите

Под недозволена медиумска концентрација се подразбира кога едно лице или фирма е сопственик на: повеќе радиодифузии (телевизии или радија), истовремено – на радиодифузија и на дневен весник или новинска агенција, на рекламна агенција или агенција којашто се занимава со истражувања на пазарот и на јавното мислење, како и на друштво коешто се занимава со дистрибуција на: аудиовизуелни дела, филмска програма или телекомуникациски услуги. Теоретичарите упатуваат дека во Северна Македонија, во неколку случаи, повеќе влијателни медиуми се наоѓаат во рацете на еден политички и/или економски моќник.

Политиката во една земја, вклучувајќи ја и нашата, многу зависи од сликата за политичката реалност што ја прикажуваат медиумите. Политичарите и нивните партии како центри на моќ отсекогаш се обидувале да имаат што поголема контрола

4 Има многу дефиниции за тоа што претставуваат медиумите, но според најопшта дефиниција, медиумот е комуникациски систем преку чии канали се пренесуваат информации: Б. Ѓонеска, В. Маглешов, Т. Андонова Митревска, В. Петрески, *Со критичко мислење до разобличување на дезинформации: прирачник за неформално образование за медиумска писменост*, Скопје: Фондација „Метаморфозис“, 2019, 21

5 Медиумската писменост претставува способност за критичко и аналитичко восприемање на информациите. Тоа значи дека граѓаните не се пасивни примачи на информациите од медиумите. Медиумски писмени граѓани значат будна и критичка јавност, односно активни чинители во општествените процеси: Исто, 29

6 *Медиумската писменост во Македонија: алката што недостасува за активно граѓанство*, Висока школа за новинарство и за односи со јавноста „Јуриј Гагарин“ 17/1-1, Скопје, 2016, 14

врз содржините и информациите што ги пласираат медиумите. Преку ова најчесто се обидувале да ја претстават својата субјективност и да влијаат со ширење на пропаганда. Од друга страна, медиумите и денес се во секојдневна трка по нови и *ексклузивни* информации, коишто ќе го задржат вниманието на јавноста. Оттаму, често се создава манипулација со информациите не секогаш во корист на читателите. На тој начин, медиумите стануваат посредник на пораки меѓу политичарите и граѓаните.[7]

Медиумите во Македонија се под влијание на политичките и бизнис елитите, што се одразува и врз медиумските содржини. Овие појави често се посочувани како проблем и од страна на меѓународната заедница во Македонија, така што во Извештајот на Европската комисија за напредокот на Македонија од 15 октомври 2009 година се вели дека „во сферата на печатените медиуми сè уште постои висока медиумска концентрација и нетранспарентност на сопственоста", а „политичките влијанија врз медиумите се загрижувачки бидејќи водат кон самоцензура и ограничување на слободата на изразување". Политичките притисоци водат кон неизбалансираност и фаворизирање на една страна при информирањето, доминација на информативните жанрови, наспроти аналитичките и истражувачките и самоцензура на новинарите.

За да се регулира со законот медиумот во Северна Македонија, а воедно и да се следи и поттикнува медиумската писменост и нејзиното значење е формирана Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (АВМУ) која претставува самостојно и независно непрофитно регулаторно тело, со статус на правно лице со јавни овластувања, која функционира согласно со *член 6* од *Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги*. Како што споменавме, една од надлежностите на АВМУ е да ја промовира и унапредува медиумската писменост. Оваа институција, исто така, има изработено и Програма за поттикнување на медиумската писменост во Република Северна Македонија. Целта на Програмата е да се издигне свеста и разбирањето на медиумската писменост и да се подобрат условите за граѓанско и демократско учество. Во 2017 година, на иницијатива на Агенцијата, е формирана македонската Мрежа за медиумска писменост.[8]

**УНЕСКО, уште во воведот на Декларацијата за медиумско образование од 1982 година, јасно ќе го нагласи значењето на медиумската писменост во образовниот процес:**

*Живееме во свет во којшто медиумите се сеприсутни: сè поголем број луѓе поминуваат многу време во: гледање телевизија, читање весници и списанија и слушање радио. Во некои земји, на пример, децата поминуваат повеќе време во гледање телевизија, отколку на училиште. Наместо да се осуди или да се потврди несомнената моќ на медиумите, треба да се прифати нивното значајно влијание и пенетрација во светот како утврден факт, како и да се цени нивната важност како елемент на културата во денешниот свет. Не треба да се потценува улогата на комуникацијата и медиумите во процесот на развој, ниту, пак, функцијата на медиумите како инструмент за активно учество на граѓаните во општеството. Политичките и образовните системи мораат*

7 Влијанијата врз медиумите може да се вршат на различни начини. Најчест начин е преку директен притисок врз сопствениците на медиумите и уредниците, како и со заплашување или опструкција на работата на новинарите. Треба да се потенцира дека работата на медиумите зависи и од нивната економска стабилност како и отпорноста на економските влијанија. Имено, огласувачите, односно спонзорите преку својот закупен простор за реклами, можат да го уценуваат медиумот и да одлучуваат во негово име дали одредена вест ќе се појави во вестите: Б. Ѓонеска, В. Маглешов, Т. Андонова Митревска, В. Петрески, *Со критичко мислење до разобличување на дезинформации: прирачник за неформално образование за медиумска писменост*, Скопје: Фондација „Метаморфозис", 2019, 24

8 Исто, 23

*да ги препознаат своите обврски за промоција на граѓанско критичко разбирање на феноменот на комуникацијата.*[9]

## ФЕНОМЕНОТ НА ЛАЖНИ ВЕСТИ

Лажните вести се сметаат за значаен проблем со кој се соочува глобалното општество. Иако доста значително внимание му се посветува на овој проблем, што го прави да изгледа како модерно прашање, сепак, историски гледано, лажните вести, односно феноменот на лажни вести, постоел и во минатото, со што, денес, се забележува само нивно еволуирање. До еволуирање на овај феномен свој значаен придонес даде и развојот на комуникациските технологии што овозможува брз пренос на информациите. Лажни вести владеат со вниманието на јавноста, окупирајќи го медиумскиот простор со незапирлива моќ. Имено, англискиот речник Dictionary.com го избрал зборот „Misinformation" за збор на 2018 година. Зборот претставува лажна информација која се шири без оглед дали постои или не постои намера да се шири заблуда. Треба, исто така, да се разграничи овој збор од зборот „дезинформација" што претставува лажна информација која има за цел да шири заблуда. И покрај тоа што има релативно малку објективно сеопфатно истражување направено на тема феномен на лажни вести, многу алармни тврдења упатуваат на постоење голем проблем и ризик. Преовладува фокусот на медиумското известување и академското истражување се фокусира на подмолно користење на лажни вести за тесни и себични цели.

Многу е тешко граѓаните да ја препознаат лажната вест, од онаа која ја носи вистината, велат медиумските експерти. Тие сугерираат целосно вклучување на: државата, медиумите и невладиниот сектор во борбата против феноменот кој ја искривува реалната слика за светот во кој живееме.[10]




**Слика 1:** *Фреквенцијата на „лажни вести" во Google Trends (2004-2018)*
Извор: Google Trends

*Што се дезинформации или лажни вести?* Етикетата „лажни вести" е неодамнешен додаток во медиумскиот речник. Според Google трендовите доведоа до релативно нејасен живот многу години, сè до Претседателските избори во САД, ноември 2016 година, кога нивната фреквенција како термин за пребарување одеднаш се зголеми многу остро (Слика 1). Поврзани термини, како „постфакт" и „алтернативни факти", исто така, достигнаа врв во Google Trends во тоа време. Сите тие се однесуваат на перципирани и намерни нарушувања на вестите за да влијаат врз политичкиот пејзаж

9 Група автори: М. Трошановски, В. Никодиноска, П. Сарачини, М. Тунева, Ј. Ѓорѓинска, А. Теменугова, Д. Андонов, В. Мисев, С. Џигал, Д. Булдиоски, *Прирачник за наставници за изучување на медиумската писменост во наставата по мајчин јазик: за основно и за средно образование,* Македонски институт за медиуми и Институт за демократија „Societas Civilis", Скопје, 2010, 29 - 34

10 Со медиумска писменост против лажните вести: *https://www.slobodnaevropa.mk/a/29208189.html*

и да се влошат поделбите во општеството. Луѓето се загрижени за лажните вести затоа што создаваат конфузија. Сомневања за обидите на руските агенти да влијаат врз изборите и да ја поткопаат социјалната и политичката кохерентност во неколку земји, придонесоа за овие грижи.

Всушност, лажните вести воопшто не се нов феномен, стари се колку и весникот. Првите лажни вести биле објавени уште во 16 век. Само што сега се на нашите радарски екрани, во пресрет на дигиталната трансформација на вести од офлајн, до онлајн дистрибуција и подемот на социјалните медиуми како канал за дистрибуција на вести.

Постојат многу дефиниции за лажните вести. Кембриџ-речникот на Велика Британија ги дефинира лажните вести како *„лажни приказни“* што изгледаат како вести, се шират на Интернет или користат други медиуми, обично создадени да влијаат врз политичките гледишта или како *„шега“*. Се чини дека додавањето на „шеги“ на оваа дефиниција не е соодветно. Мал, но активен сатиричен печат секогаш ширел лажни приказни како шеги, но тие можат лесно да се проследат до добро идентификувани издавачи кои не ги кријат своите намери и имаат клиенти кои уживаат во читањето на овие приказни. Дефиницијата на речникот на US Collins изгледа повеќе за точна кога вели „лажни, често сензационални, информации распространети под маската на вестите за известување“. Вклучувањето на зборот „лажни“ во оваа дефиниција сугерира дека вистинските и лажни вести може да се разликуваат преку верификација на основните факти. Според „Ројтерс“ (2017), дефинирањето на лажните вести е тешко, бидејќи честопати се однесува на три категории: (1) вести коишто се составени или „измислени“ за да се заработат пари или да се дискредитираат другите; (2) вести коишто, всушност, имаат основа, но се „откачени“ за да одговараат на одредена агенда; (3) вести од коишто луѓето не се чувствуваат пријатно, или не се согласуваат со нив.[11]

Во Северна Македонија сè повеќе ѝ се дава значење на темата поврзана со лажните вести. Целта на лажните вести и тука е да се манипулира и да се влијаат врз човековите емоции. Тие најчесто одат како наслови на порталите од типот: „СКАНДАЛОЗНО“, „НЕМА ДА ВИ СЕ ВЕРУВА“, или „ЕКСКЛУЗИВНО“. Овие наслови водат до вести кои се лажни, пласирани од лажен веб-сајт, на кој не се споменуваат новинари, ниту, пак, уредници. Следниот чекор зависи токму од читателот. Ако е доволно наивен и притоа не го проверува изворот, туку слепо ѝ верува на информацијата, ќе ја проголта и ќе дозволи таа емотивно да изманипулира со него до тој степен што дури и самиот може понатаму да стане извор на ширење лажни вести. Но, ако читателот е медиумски писмен, знаејќи како да ја провери веродостојноста на информацијата, тој ќе дојде до вистината и ќе има можност да ја демантира веста.

Најтипичен пример за ширење лажни вести во Република Северна Македонија е пласирањето партиска пропаганда најчесто поврзана со дневно -политичките настани.

„Лажните вести почнаа да доминираат многу повеќе од професионално обработените вести. Ова се должи на повеќе аспекти: довербата во медиумите и критериумите или вредностите во општеството. И едната и другата работа многу придонесуваат кон тоа да се отвори сериозен простор за fake news“, вели Драган Антоновски, директор на МИА. Но,

11 Група автори: М. Трошановски, В. Никодиноска, П. Сарачини, М. Тунева, Ј. Ѓорѓинска, А. Теменугова, Д. Андонов, В. Мисев, С. Џигал, Д. Булдиоски, *Прирачник за наставници за изучување на медиумската писменост во наставата по мајчин јазик: за основно и за средно образование,* Македонски институт за медиуми и Институт за демократија „Societas Civilis“, Скопје, 2010

ова не е единствен пример. Во Македонија, лажните вести се толку чести, што земјата го доби епитетот – земја на лажните вести.[12]

Ако земеме предвид дека изборите во Америка во 2016, на кои победи Трамп, претставуваат почеток на масовното репродуцирање на лажни вести, можеме да констатираме дека тоа свој импакт и тоа како има во Северна Македонија. Во пресрет на нови парламентарни избори, медиумските експерти прогнозираат дека изборната кампања за парламентарните избори 2020 ќе донесе нов бран на лажни вести со кои треба рационално да се соочиме.

Актуелноста на лажните вести во Северна Македонија беше панел тема на *Дигиталниот самит* во Скопје, во април 2018. На него, министерот за надворешни работи, г. Никола Димитров изјави: *„Проблемот со лажните вести е што се губи довербата и тоа е најголем предизвик за традиционалните медиуми“.* Министерот за отчетност и транспарентност, Роберт Поповски, посочи дека Македонија не е исклучена од феноменот на лажни вести и дека верува дека *„заробената држава е зад нас, но алатките сè уште се тука“. „За локалните избори се создаде измислица дека во општините низ Македонија ќе бидат населени бегалци. Тоа сега не престанува, неодамна се појави измислица дека спомениците ќе се тргаат со бугарски кранови“*, рече Поповски.[13]

## АНКЕТА

### Методологија на истражувањето

За потребите на овој труд беше изготвена онлајн анкета составена од 18 прашања на кои анонимно одговорија вкупно 218 испитаници. Благодарејќи на оваа анкета добивме конкретни статистички податоци кои се соодветни на темата посветена на лажните вести. Онлајн анкетата беше достапна на Интернет седум дена, а резултатите се обработени и прикажани подолу во текстот. Врз основа на резултатите од оваа анкета треба да се изнајдат решенија за издигнување на јавната свест за влијанието на лажните вести и да се изнајдат мерки за подобрување на медиумската писменост.




Од 218 испитаници, 52.3%, или 114 биле женски пол, додека 47.7%, или 104 биле машки.




Во поглед на старосната граница, најголем процент одговориле дека се помеѓу 18 и 30 години, односно 62.4%, или 136 испитаници. 33.5%, или 73 се изјасниле дека припаѓаат од 30 до 50 години, додека 9 испитаници се со возраст над 50 години.

12 Земја на лажните вести: *https://telma.com.mk/zemja-na-lazhnite-vesti/*

13 Дигитален самит во Скопје: Феноменот лажни вести не престанува: *https://www.slobodnaevropa.mk/a/29177285.html*







Според структурата на образовен профил, 58.3% имаат завршено високо образование. Тоа се вкупно 127 испитаници. Со магистратура, или докторат, се 15.1%, или 33. Вкупно 54 од испитаниците биле со средно образование, а многу мал дел, т.е. 1.8%, или 4 испитаници со вишо образование.




На прашањето „Дали секојдневните информации ги добивате од медиумите?“ најголемиот дел одговориле позитивно, односно 85.8%, или 187 испитаници. Многу помал процент одговориле со не, т.е. 12.8%, или 28 испитаници.




Кога е во прашање карактерот на медиуми кој најчесто се користи, доста високи 94.5% користат електронски медиуми, додека само 0.5%, или еден испитаник се информира од пишаните медиуми. Десет испитаници, т.е. 4.6% не користат никакви медиуми.

Во поглед на довербата на информациите коишто ги среќаваме, 62.4% не се целосно сигурни дека веруваат на секоја информација, 36.2% не веруваат, додека многу малку, или 1% веруваат, или пристапуваат со сомнеж.




Од вкупно 218 испитаници, 210 или 96.3% се соочиле со лажни вести, додека останатиот мал дел или не знаат, или не се соочиле.




Од нив, пак, 50.2% одговориле дека често се соочуваат со лажни вести, 37.9% многу често, а сосема мали 11.4%, ретко.







За тоа како испитаниците се справуваат со лажните вести, добар 80.1% одговориле дека ги игнорираат, 13.7% јавно ги критикуваат, додека сосема мал процент: го пријавуваат медиумот, проверуваат веродостојност на информацијата, ја пријавуваат веста, и сл.




Најголемиот број лажни вести испитаниците го сретнале на Интернет порталите, односно 53.1%, додека 39.9% одговориле дека со лажни вести се соочуваат на социјалните медиуми.




На прашањето дали пласирањето лажни вести треба да биде казниво, мнозинството, т.е. 76.6% се согласни дека треба, 14.2% не знаат, додека останатиот процент на испитаници одговориле негативно.




Дека се информираат од Интернет порталите, одговориле 89.4% од испитаниците, додека мал процент од 10% одговориле негативно.

На графиконот подолу може да се воочи кои Интернет портали се најчитани, врз основа на одговорите на испитаниците.









Освен Интернет порталите, испитаниците имаа прашања поврзани со социјалните мрежи. Во поглед на тоа дали користат социјални мрежи, 97.7% одговориле позитивно. На следните два графикона е претставено колкав процент од испитаниците која социјална мрежа ја користат и за што најмногу ја користат.









Вака имаат одговорено испитаниците на прашањето дали и кои телевизиски канали ги користат најмногу. Од повеќето понудени одговори, најмногу, или 38.5% одговориле дека воопшто не гледаат телевизија, 14.7% се изјасниле за 24 ВЕСТИ, 9.6% за ТЕЛМА, итн.




На крајот, на прашањето дали медиумите во Република Северна Македонија се независни, 87.6% не се согласни, мали 7.3% веруваат во тоа, а останатиот мал процент имале проблем со името.

## ИНТЕРВЈУ – ПРАШАЊА И ОДГОВОРИ

За потребите на трудот направивме интервју со Бојан Кордалов, специјалист за односи со јавност и нови медиуми. Бојан ни одговори на неколку прашања од чии одговори можеме да сублимираме неколку битни работи за медиумската писменост и феноменот на лажни вести. На прашањето: *„Дали лажните вести претставуваат безбедносно прашање и колку се истите опасни во нашето општество?“* добивме одговор дека лажните вести зад себе имаат долга историја на постоење, но сепак, нивната експанзија е правопропорционална со подемот на Интернетот и социјалните мрежи бидејќи тие претставуваат нивен главен медиум за ширење.

Според Кордалов, главната цел на лажните вести е да се создаде т.н. хаос од информации што, на крајот, ќе доведе до конфузија кај граѓаните и недоверба во јавните институции и демократските процеси. Тој вели дека лажните вести ја атакуваат делумно, или во целост, вистинската информација, без да се стремат кон тоа да претставуваат алтернативна вистина, а нивните креатори имаат за цел јавноста да не препознава пласирани содржини и информации на кои може да им верува, вклучително тука и на официјалните информации кои доаѓаат од јавните институции кои се платени со парите на граѓаните и компаниите. Исто така, сугерира дека јавните институции во денешно време мора да имаат онлајн тимови за борба против лажните вести. А, најдобриот начин во оваа битка е преку тие тимови да бидат максимално отворени, транспарентни и постојано достапни за одговори на прашањата и коментарите од медиумите, медиумските работници, како и оние кои пристигнуваат директно од граѓаните на социјалните мрежи.

Кога го прашавме што мисли *за тоа дека треба да постои регулација на социјалните медиуми, односно на вестите што се пласираат на истите и зошто,* Бојан одговори дека, во суштина, целта на социјалните медиуми е да бидат слободни, отворени или со една реченица, тие треба да се место на кое ќе се води дебата и споделување на ставови во реално време и на интерактивен начин. Според него, секој од нас ги гради своите манири и начин на однесување во онлајн просторот и социјалните медиуми, но истовремено, сите ние задолжително мора да ги почитуваме правилата на другите, приватноста и сите други позитивно-правни прописи кои се пропишани со националното и меѓународното

право. Дополнително, личната обврска, а особено одговорноста на секој администратор/ка на страни и канали на социјалните медиуми е да пропише „правила на игра“ и јасно да покаже дека не поддржува, нити дозволува: навредливи, вулгарни, дискриминаторски содржини или коментари/објави кои шират лажни вести или ја доведуваат јавноста во заблуда.

Поставивме прашање и за бенефитот кој може да го предизвикаат лажните вести, и добивме одговор дека тие може да предизвикаат само штета во медиумскиот етер. Со цел да се стекнат со одредена финансиска или политичка корист, креаторите на лажни вести, честопати, користат сензационалистички, нереални или целосно фабрикувани наслови со цел зголемување на читаноста или гледаноста, онлајн споделувањата, како остварување на приходи од Интернет пристапување, односно кликања.

Бојан вели дека клучното прашање е колку демократијата, пазарната економија и, воопшто, граѓаните губат од лажните вести, наспроти малиот број луѓе кои се обидуваат да профитираат? И, второто прашање е колку луѓе изгубиле свои пари и заштеди, обидувајќи се да станат дел од синџирот на лажни вести со надеж дека ќе станат новите „милионери“. За нив никој не зборува, а убеден сум дека токму од оние кои се „изгореле“, во обид ќе ја добиеме вистинската, наспроти „романтичната“ слика за лажните вести!

Лажните вести, исто така, влијаат врз демократијата. Ако е загрозена демократијата, загрозено е сè останато. Почнувајќи од: слободата, правата на секоја индивидуа, пазарната или слободната економија, и така натаму. Ако институциите не ја сфатат сериозно оваа битка со лажните вести, враќање назад ќе нема! – вели Бојан.

За крај, поразговаравме и за односот на нашите медиуми кон оваа проблематика. Бојан се изјасни дека денес, новинарите и, воопшто, медиумските работници, се во трка со случувањата и дигитализацијата и како никогаш досега публиката бара да се пласираат брзи и динамични информации, кои се менуваат буквално во минута. Истовремено, по појавата на Интернет порталите, се јавува потреба од натпревар во „кликови“, што дополнително ги вовлекува медиумите во виорот на сензационализмот. Негово лично мислење е дека традиционалните медиуми ќе бидат и најглавниот столб и партнер во борбата со лажните вести. Денес, и во иднина, од непроценлива важност ќе биде потписот на: новинарот, снимателот, фотографот на самата вест. Бидејќи тоа ќе биде еден од основните начини според кои граѓаните ќе проценуваат дали некоја информација е кредибилна и вистинита.

## ЗАКЛУЧОК

Лажните вести секојдневно предизвикуваат голема медиумска штета. Ретко кој од нас барем еднаш не успеал да остане имун на лажна вест. Зголемената активност на користење на социјалните мрежи дополнително учествува во брзото ширење на вакви вести. Лажните вести се сметаат за значаен проблем со кој се соочува глобалното општество. Иако доста значително внимание му се посветува на овој проблем, што го прави да изгледа како модерно прашање, сепак, историски гледано, лажните вести, односно феноменот на лажни вести постоел и во минатото со што денес се забележува само нивно еволуирање. Многу е тешко граѓаните да ја препознаат лажната вест, од онаа која ја носи вистината, велат медиумските експерти. Според истражувањата кои ги направивме за целта на овој труд, испитаниците најчесто одговараат дека секојдневно среќаваат лажни вести, но ретко се случува овие вести да ги пријават. Од интервјуто со Бојан Кордалов, специјалист за односи со јавност и нови медиуми, заклучивме дека лажните вести

најчесто се користат за да создадат конфузија меѓу читателите или слушателите. Лажните вести можат да предизвикаат директна штета, а од нив „корист“ може да имаат оние што сметаат дека може да профитираат, оние кои тоа го прават за туѓи директни интереси или политичко-пропагандни интереси. Според него, традиционалните медиуми ќе бидат и најглавниот столб и партнер во борбата со лажните вести.

## КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

### Прирачници:


- *МЕДИУМСКАТА ПИСМЕНОСТ ВО МАКЕДОНИЈА: АЛКАТА ШТО НЕДОСТАСУВА ЗА АКТИВНО ГРАЃАНСТВО*, Висока школа за новинарство и за односи со јавноста „Јуриј Гагарин“ 17/1-1, Скопје, 2016
- М. Трошановски, В. Никодиноска, П. Сарачини, М. Тунева, Ј. Ѓорѓинска, А. Теменугова, Д. Андонов, В. Мисев, С. Џигал, Д. Булдиоски, *ПРИРАЧНИК ЗА НАСТАВНИЦИ ЗА ИЗУЧУВАЊЕ НА МЕДИУМСКАТА ПИСМЕНОСТ ВО НАСТАВАТА ПО МАЈЧИН ЈАЗИК: ЗА ОСНОВНО И ЗА СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ,* Македонски институт за медиуми и Институт за демократија „Societas Civilis“, Скопје, 2010
- Б. Ѓонеска, В. Маглешов, Т. Андонова Митревска, В. Петрески, *СО КРИТИЧКО МИСЛЕЊЕ ДО РАЗОБЛИЧУВАЊЕ НА ДЕЗИНФОРМАЦИИ: ПРИРАЧНИК ЗА НЕФОРМАЛНО ОБРАЗОВАНИЕ ЗА МЕДИУМСКА ПИСМЕНОСТ*, Скопје: Фондација „Метаморфозис“, 2019
- Марија Т. Л., Мирјана Б. П., Е. Серафимовска, А. Цекиќ, Н. Старова, *СТУДИИ ЗА МЛАДИ ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА 2018/2019*, Фондација „Фридрих Еберт“, Скопје, 2019


### Линкови:


https://www.slobodnaevropa.mk/a/29177285.html

https://telma.com.mk/zemja-na-lazhnite-vesti/

https://www.slobodnaevropa.mk/a/29208189.html

dictionary.cambridge.org/dictionary/english/spin

https://www.thoughtco.com/spin-communication-1691988

https://www.reuters.com/article/us-eu-tech-fakenews/google-facebook-twitter-have-to-do-more-to-fight-fake-news-eu-idUSKCN1RZ0WU

https://novatv.mk/popovski-makedonija-e-vo-spetsijalna-vojna-so-lazhni-vesti-koi-doagaat-od-doma-i-od-nadvor/


### Сајтови:


https://avmu.mk/

# УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАД

**Алберт Маќелара**
**Гоце Георгиевски**
**Елена Велковска**
**Емин Рустемоски**
**Симона Јованова**
**Томислав Цветковски**

Ментор: Ивана Вучкова

## АПСТРАКТ

Потребата од изработување документ кој се однесува на управувањето со отпад се наметнува од постојната состојба со отпадот на ниво на целата територија на Република Северна Македонија. Отсуството на интегрирани политики и практики на национално и локално ниво доведе до енормно загадување со отпад од секаков вид, што го прави проблемот полидимензионален. Капацитетите надлежни за оваа проблематика на ниво на локалните самоуправи се мали во споредба со потребите. Управувањето со отпад се сведува на негово организирано одлагање и застанува на површинско третирање, што не е соодветно и предизвикува опасност по животната средина. Дивите депонии сè уште се отворено прашање за кое надлежните институции досега не успеаја да изнајдат соодветно решение. А, ниската еколошка свест на голем број граѓани само дополнително го комплицира проблемот и посочува одговорност онаму од каде треба да доаѓаат решенија.

Управувањето со отпадот во развиените земји веќе години наназад не се третира исклучително од еколошки, туку и од економски аспект. Во овие земји се работи на тоа како отпадот да биде соодветно третиран, за да не ја оптоварува животната средина и да стане потенцијал за развој на циркуларна економија и извор на рециклирани материјали. Правилното одлагање и управување со отпадот овозможува отпадот од непотребен материјал, да стане ресурс за добивање: нови рециклирани материјали, гориво или органско ѓубриво.

Предизвиците за изнаоѓање решенија за сите погоре наведени проблеми се уште покомплицирани со оглед на тоа што се очекува и отворање на процесот на преговори со

ЕУ. Директивите кои се однесуваат на заштита на животната средина, посебно поглавјето 27 кое е едно од најобемните, но и најскапите за спроведување (1/3 од вкупните акти на Унијата се однесуваат за заштита на средината), може во одредена мера да го забават процесот на пристапување кон Унијата. Затоа, неопходно е да се дефинираат програми и акциски планови на национално и локално ниво кои ќе бидат функционално дизмензионирани и спроведливи од кадровски и финансиски аспект, со цел постигнување на барањата за управување со отпад и, истовремено, заштита на животната средина.

## ВОВЕД

Во основа, отпадот претставува неупотреблив материјал, односно секоја супстанца која се фрла по примарната употреба. Најчесто се смета дека отпадот е безвредна, неисправна и неупотребна вредност и, како таква, се одлага на претходно определени места (депонии), доколку станува збор за организирано одлагање на отпад, или на, таканаречени, „диви депонии" кои претставуваат места на кои отпадот (од домаќинства, градежен отпад, и сл.) се одлага бесправно од страна на поединци. Отпадот може да се класифицира како: комунален цврст отпад (ѓубре од домаќинства/отпадоци), опасен отпад, отпадни води, радиоактивен отпад, и др. Според Рамковната директива за отпад 2008/98/ЕС, чл. 3 (1), Европската унија го дефинира отпадот како „предмет што го исфрла (депонира на определени места) сопственикот, има намера да го исфрли или треба да го исфрли."[1]

Управувањето со отпад е процес на: собирање, транспорт, процесуирање, рециклирање и одложување на отпадни материи, особено на оние кои се произведени со човечки активности, а се со цел намалување на нивното влијание врз: човечкото здравје, изглед и хигиена на животната средина. Во последните неколку децении сè поголема е тенденцијата како основни цели на управување со отпадот да се сметаат и неговите влијанија врз природната средина, како и на можностите за добивање извори на нови суровини од отпадот. Отпадот се создава преку сите процеси во општеството и претставува неизбежен нуспроизвод од економските активности (отпад кој се создава од неефикасните производствени процеси, од краткотрајноста на стоките и неодрживото консумирање на истите). Создавањето на отпадот укажува на губење на материја и енергија и наметнува трошоци на општеството и државата за: собирање, третман и депонирање на отпадот.

Како во многу европски земји, така и во Република Северна Македонија, еден од главните еколошки проблеми е управувањето со отпад. Постојаното зголемување на количините на отпад наметнува потреба од итни решенија за ефективно третирање, со што ќе се намали оптоварувањето врз животната средина. Дополнително, со ефективно управување со отпадот, ќе се искористи неговиот потенцијал за развој на циркуларна економија. Најголем дел од отпадот во Република Северна Македонија се депонира на легалните и илегалните или, таканаречените, диви депонии. Рециклирањето на отпадот во Република Северна Македонија е многу малку застапено и тоа само за одредени видови на отпад. До сега нема интегриран пристап преку кој отпадот би се третирал на начин на кој истиот нема да има негативно влијание врз животната средина и би претставувал потенцијал за добивање рециклирани суровини, како што е тоа случај во поголемиот број држави. Влијанието на депониите врз животната средина, а со тоа и врз здравјето на луѓето, е големо поради тоа што во воздухот се емитираат: стакленички гасови (метан), органски микрополутанти (диоксини и фурани) и испарливи тешки метали.

Не смее да се занемари и исцедокот од депониите кој се емитира во почвата и подземните

1 Directive 2008/98/EC of the European Parliament and of the Council of 19 November 2008 on waste and repealing certain Directives (Text with EEA relevance)". europa.eu. 22 November 2008.

води, а кој може да содржи токсични супстанци и да влијае врз натамошниот развој на земјоделството како клучна гранка за македонската економија. Независно дали депониите се организирани или „диви", тие ја загадуваат почвата и подземните и надземните водени текови. Токсичните материи што се создаваат може да се внесат во човечкиот организам преку храната, доколку во близина на депониите се наоѓаат земјоделски површини на кои се одгледуваат земјоделски производи.[23]

Иницијативите за промоција на процесите за намалување на количините на отпад, за неговото рециклирање, како и имплементирање на безбедни стандарди за депонирање на отпад, се од особено значење. Примарна цел во земјите во Европската Унија, како и во Република Северна Македонија, е да се воспостави врска меѓу: економскиот раст, користењето на природните ресурси и продукцијата на отпад, а со цел да се намали товарот врз животната средина. За таа цел, во ова истражување ќе биде анализирана фактичката состојба во Република Северна Македонија, јавните политики за управување со отпадот и перспективите за иден развој на целокупниот процес на управување. Во самиот заклучок ќе бидат дадени и препораки за натамошно делување на полето на управувањето со отпад.

## МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕ

Во Северна Македонија не постојат веродостојни национални податоци за производството и составот на отпадот кои ќе се користат при ефективно планирање на управувањето со отпад. Не постои усвоен и применлив меѓународен стандард. Во моментов, државата нема усвоено официјална методологија за утврдување на количината и составот на произведениот отпад. Сепак, Државниот завод за статистика води евиденција според статистичко истражување, а како извештајни единици се комуналните претпријатија во Република Северна Македонија. Според тоа, врз основа на пополнети извештаи се добиваат податоци за вкупното количество на собран комунален отпад по општина, како и податоци за третманот на собраниот отпад.

При изработката на оваа анализа, ќе биде користен методот на интервју (во вид на прашалник доставен до економскиот локален совет /ЕЛС/ со прашања кои се однесуваат на третманот на отпад на локално ниво), како и методот на анализа на документи (законски решенија, стратегии, планови за управување со отпад, ЕУ директиви). Преку компаративна анализа ќе се искористат позитивните примери и можни решенија кои би се примениле во РСМ во иднина, во врска со надминување на проблемот со третирање на отпадот и, истовремено, остварување на барањата кои ќе произлезат од обврските на процесот на пристапување на земјата кон ЕУ.

### Истражувањето ќе опфати:

- Правна рамка за управување со отпад и влијание од нејзината имплементација
- Анализа на актуелната состојба со отпадот и неговото управување согласно расположливите податоци
- Преглед на стратешки документи од областа на управувањето со отпад
- Светски трендови во управувањето со отпад (позитивни и негативни примери)
- Интервјуа со претставници на ЕЛС во 10 општини утврдени по случаен избор
- Заклучок и препораки

2 https://bit.ly/2FjhItY

3 https://bit.ly/2MTCC8Y

## Преглед на состојбата со управувањето со отпадот во Република Северна Македонија

Со цел пристапување кон утврдување на актуелната состојба со отпадот и неговото управување во Република Северна Македонија, од особена важност е да се претстават накусо: легислативата, стратешките рамки и акциски планови кои ги пропишуваат општите правила за работа во овој домен.

## Легислатива и стратешки рамки за управување со отпад во Република Северна Македонија

Основната национална законска регулатива за управување со отпад се состои од Законот за управување со отпад, кој претставува основен законски акт и ги пропишува општите правила коишто се применуваат за основните прашања поврзани со отпадот и со опасниот отпад. Законот обезбедува основа за донесување на многу подзаконски акти, но дел од нив недостасуваат или се донесени во форма на правилници или насоки. Законот за управување со отпад е на релација со други законски акти со кои се регулираат задачите и надлежностите во врска со организациските и оперативните прашања од доменот на управувањето со отпадот, особено со Законот за животна средина кој содржи основни одредби за еколошките дозволи, постапката за оценка на влијанијата врз животната средина и емисиите на стакленички гасови.

Според Законот, општините се одговорни за обемни и тешки задачи поврзани со управувањето на отпадот, но мал број од нив имаат назначено надлежни одделенија/лица во својата административна структура и обезбедено соодветна обука. Воедно, општините имаат донесено локални еколошки акциони планови и во рамките на своите можности работат на спроведување на истите. Поради сето наведено, при изработка на овој труд е направено истражување кое се однесува на капацитетот којшто го имаат ЕЛС за управување со отпадот. Потребно е да се направи анализа на добиените податоци од истражувањето за тоа дали, и каде е потребно подобрување и инвестирање во систем којшто ќе придонесе за успешно управување со отпад.

Според законската регулатива на Република Северна Македонија приоритети при управувањето со отпад се следните:

- Избегнување на создавање на отпад и намалување на штетните влијанија на отпадот врз животната средина и животот и здравјето на луѓето;
- Подобрување на производствените технологии со што се намалува создавањето на отпадот и употреба на еколошки продукти и помалку пакувања;
- Рециклирање и повторна употреба на отпадот или во друг процес за екстракција на секундарни суровини или да се користи како извор на енергија.

Главно, создавањето на отпад доаѓа од производствените активности, од каменоломите и рудниците, од градежништвото, отпад од земјоделството и шумарството, комуналниот отпад, итн. Воедно, во Северна Македонија, како и во останатите земји од регионот на Југоисточна Европа, има ограничено искуство со активностите во областа на управување со цврст отпад. Постојат одредени податоци кои се достапни на национално ниво, било како дел од националната статистика или како дел од известувањата за состојбата на животната средина и извештаите за Европската агенција за животна средина. Не постои воспоставен систем на собирање на податоци и обработка на индикатори. Податоците

за комуналниот отпад не се собираат редовно. Иако комуналните претпријатија овозможуваат солидни услуги во доменот на собирање на отпад, недостасуваат точни податоци за количината и составот на отпадот од домаќинствата. Најчесто се врши само проценка на податоците.[4]

## ВИДОВИ ОТПАД ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Според Листата на видови отпади,[5] која произлегува од Законот за управување со отпадот, пропишани се видовите на отпади кои се класифицирани според изворот на создавање и карактеристиките. Отпадот е групиран во дваесет групи, со соодветни подгрупи. Пропишаните групи на Листата се:

1. Отпад што се создава при: истражување, ископување и физичка и хемиска обработка на минерални суровини;
2. Отпад од: земјоделство, хортикултура, шумарство, лов и риболов, подготовка и преработка на храна;
3. Отпад од преработка на дрво и производство на: панели и мебел, пулпа, хартија и картон;
4. Отпад од: кожарска, крзнарска и текстилна индустрија;
5. Отпад од: рафинирање на нафта, прочистување природен гас и пиролиза на јаглен;
6. Отпад од: неоргански хемиски процеси;
7. Отпад од: органски хемиски процеси;
8. Отпад од: производство, формулирање, пакување, транспортирање и употреба на: превлаки, лепила, заптивни смеси и печатарски бои;
9. Отпад од индустријата на фотографски материјали;
10. Отпад од термички процеси;
11. Отпад од хемиска обработка на површината и нанесување превлаки врз метали и други материјали, како и од хидрометалуршка обработка на обоени метали;
12. Отпад од обликување на физичка и механичка површинска обработка на метали и пластика;
13. Отпад од масла и течни горива;
14. Отпадни органски растворувачи, разладни средства и ракетни горива;
15. Отпад од: пакување, апсорбенти, крпи за бришење, материјали за филтрирање и заштитна облека, кој не е поинаку специфициран;
16. Отпад што не е поинаку специфициран;
17. Шут од градење и рушење;
18. Отпад од здравствена заштита на луѓето или животните и/или истражувања од областа на здравствената заштита:
19. Отпад од постројки за преработка на отпад, од постројките за обработка на отпадна вода надвор од кругот на инсталациите кои ја создаваат и за подготовка на вода за пиење и на вода за индустриска употреба;

4 Izvestaj – Benchmarking u oblasti upravljanja cvrstim komunalnim otpadom u jugoistocnoj Evropi 2014; Prvo izdanje Mart 2016 godina

5 Службен весник на Република Македонија“ (100/2005)

20. Комунален отпад (отпад од домаќинствата и сличен отпад од: комерцијална, индустриска и административна дејност), вклучувајќи ги фракциите од селектиран отпад.

## УПРАВУВАЊЕ СО РАЗЛИЧНИ ВИДОВИ ОТПАД

Комуналниот цврст отпад е еден од основните текови на отпад што се создава и тоа околу 635.875 t/годишно за 2017 година, количество кое претставува собран комунален отпад[6]. Вкупното количество на создаден комунален отпад во Република Македонија во 2017 година изнесува 786.881 t. Околу 77% од населението е вклучено во јавниот систем на собирање на комунален отпад, што го извршуваат јавните претпријатија. Останатото население (23%) кое не користи комунални услуги, во најголем дел е концентрирано во руралните населени места. Општа практика е собирање на несепариран комунален и неопасен индустриски отпад, како и несепарирани неопасни и опасни фракции на отпад. Најголемото количество на собран комунален отпад (99.4 %) се отстранува на депонија.

Во продолжение, на мапата се дадени локациите и бројот на нестандардни депонии кои се оценети и обележани согласно ризикот којшто го имаат по животната средина, и тоа:

- Со висока оцена на ризик се 16 депонии
- Со средна оцена на ризик се 16 депонии
- Со ниска оцена на ризик се 19 депонии




*Слика 1.* Локација на нестандардни депонии оценети според ризик по животната средина *(извор: МЖСПП)*

Состојбата со управувањето со цврстиот отпад во Република Северна Македонија се карактеризира, пред сè, како супстандардна и неефикасна, а системот е попречен од сериозни организациски и технички недостатоци. Тоа резултира со различни дисфункционални системи на национално и општинско ниво и поврзани негативни ефекти врз животната средина и здравјето на луѓето, како што е нестандардно депонирање и фрлање отпад. Депониите при несоодветен третман претставуваат сериозен полутант

6 Државен завод за статистика, Соопштение бр. 9.1.18.01, 2018

врз животната средина. Нивното штетно влијание се манифестира во: воздухот, почвата, водата и самиот екосистем.

Во Северна Македонија се евидентирани 54 комунални депонии и стотици нелегални или „диви" депонии, од кои 16 се со висок ризик по животната средина, 16 со среден и 19 со низок ризик (Слика 1). Според начинот на отстранување на отпадот и операциите за отстранување, општинските депонии не ги исполнуваат минималните технички услови според кои би се класифицирале како контролирани или, пак, санитарни депонии според Законот за управување со отпад и подзаконските акти, како и ЕУ Директивата 1999/31/ЕС за депонирање на отпад.

## СВЕТСКИ ТРЕНДОВИ ВО УПРАВУВАЊЕТО СО ОТПАД

Сегашната законска регулатива во однос на отпадот се базира на концептот на хиерархија во управувањето со отпад. Ова значи во идеален случај отпадот треба да се превенира, а додека она што не може да се превенира треба повторно да се искористи, обнови или рециклира колку што е можно повеќе. Додека, пак, депонирањето на отпадот на депонии треба да се користи што е можно помалку, бидејќи е најлошата опција за животната средина и укажува на губење на ресурсите. Хиерархијата во управувањето со отпадот не треба да се гледа како тешко достапна и брзо достапна цел, особено кога се има предвид дека постојат различни методи на третман на отпадот кои имаат и различно влијание врз животната средина. Како и да е, целта на придвижување кон рециклирање и обновување на отпадот претставува придвижување кон хиерархијата во управување на отпадот, а намалување на користењето на депониите.

Превенцијата на генерирање на отпадот би требало да заземе иницијално место, бидејќи редуцирање на отпадот подразбира и редуцирање на потребата за негово собирање и третман кое е во корелација со трошоците и влијанието врз животната средина. Превенција на создавањето на отпад во смисла на: употреба на материјали, добра, сервиси на таков начин што нивното: производство, употребата, реупотребата, рециклирањето ќе резултираат со најмало можно производство на отпад. Превенцијата е само еден дел од концептот на почисто производство кој е промовиран од Обединетите Нации, Програма за животна средина (UNEP) околу петнаесеттина години.

Депонирање на отпадот на депонии би требало да биде последната на листата на можни опции во хиерархијата на управување со отпадот, но сè уште забележана како најдоминантен метод кој се користи кај нас. Депониите во нашата земја најчесто се неправилно управувани и не ги задоволуваат минималните стандарди во однос на животната средина и здравјето на луѓето. Голем предизвик е да се достигнат одредени стандарди при градењето на депониите и да се затворат несоодветно управуваните и одржувани места. Точните и навремени податоци за отпадот се едни од главните елементи за долгорочна превенција на илегалните места на депонирање на отпадот. Несоодветните податоци може да доведат до несоодветни одлуки во однос на законската регулатива за отпадот, како и воспоставување на несоодветна инфраструктура за управување со отпадот.

Управувањето со отпадот во нашата земја сè уште претставува проблем, бидејќи количината на отпадот е во постојан пораст, а законската регулатива во одредени случаи слабо се имплементира. Со цел да се утврди насока за развивање на системот на управување со отпад, може да се разгледаат и позитивните искуства и практики од Европската Унија и регионот.

Љубљана е град којшто има најголем напредок во Европа во однос на управувањето со отпад а, воедно, е и првата европска метропола која се обврза да стане средина со нула отпад. Треба да се земе предвид дека до пред 15 години целиот отпад во Љубљана е одлаган на отпад, а во 2002 година постепено се започнува со селектирање на хартија и стакло во контејнери, за четири години подоцна да се започне со собирање на биоразградлив отпад од врата, до врата. Иако одделното собирање на отпад ќе стане законска обврска низ цела Европа до 2023 година, во Љубљана од 2013 година секој куќен праг во градот има добиено канти за селектирање на амбалажата и хартијата. Ако во 2008 година градот рециклирал само 29.3% отпад, денес е 68% и, речиси, 80% помалку отпад се депонира на депонија. [7]

Понатаму, кога станува збор за Љубљана и начинот на којшто е решено справувањето и управувањето со отпад, треба да се наведе и позитивниот пример на Регионалниот центар за управување со отпад. Имено, овој Регионален центар е најголемиот проект за животна средина во Словенија поддржан од Фондот за кохезија и е најмодерниот објект за третман на отпад во Европа кој преработува повеќе од една третина од вкупниот отпад во државата. Тој вклучува: проширена депонија, пречистителна станица за отпадоци и објекти за обнова на отпад. Главниот дел од Регионалниот центар се состои од три објекти за механичко-биолошки третман на отпад, каде се обработуваат два вида на отпад – одделно собран биоотпад и остаток на мешан комунален отпад. Основата на ова е преку овој процес да се извлечат материјали кои може да се користат како суровини и да се намали отпадот којшто ќе биде одлаган.

Покрај позитивниот пример од Словенија, за потребата од квалитетен систем за управување со отпад треба да се наведе и еден негативен пример од Хрватска којшто треба да ги алармира главните фактори во Северна Македонија за тоа што значи самото членство во ЕУ и зошто е потребно да се има квалитетен систем за управување со отпад. Имено, Судот на правдата пресуди дека Хрватска не ги исполнила обврските од Европската директива за отпад, меѓудругото и да се обезбеди заштита на здравјето на луѓето и околината, заради депонијата во близина на Задар на која се одлага остаток од производство и обработка на фероманган и силикоманган. Судот, во пресудата наведува дека Хрватска не ги презела сите мерки за управување со отпадот да се спроведува на начин којшто нема да ја загрозува околината и здравјето на луѓето.[8]

Како што е наведено во документот: „Идни препораки и организација и регионално управување со отпад во Македонија", направена е добра споредба на трошоците за управување со отпад и разликата помеѓу регионален и локален пристап на управување со отпад. Имено, поради високите трошоци за управување со отпад во согласност заштитата на животната средина, најголем број од земјите-членки на ЕУ повеќе му даваат предност на регионалниот, отколку на локалниот пристап на управување со отпад во општините. Секако, компонентите и одговорностите помеѓу регионалните системи во ЕУ варираат. Површината и бројот на жители кои се корисници на услуги во регионалниот систем, исто така, се разликува. Во Летонија, Планот за управување со отпад ги дефинира регионите, кои варираат од 60-800 илјади жители, во зависност од густината на населението и локацијата на поголемите градови. Во Германија, бројот достигнува до неколку милиони жители. На пример, Планот за управување со отпад на регионот Диселдорф (2004 год.) опфаќа 5.3 милиони жители. Спречувањето на создавање на отпад во неговата хиерархија води

7 https://kapital.mk/lublana-za-nekoja-godina-ke-bide-grad-bez-otpad/

8 Види повеќе: http://curia.europa.eu/juris/document/document

кон спроведување на мерките кои промовираат дека одредени материјалите или продукти не треба да станат отпад. Една од овие мерки е повторната употреба на производите. Овие пристапи во управувањето со отпад се важни и треба да се пренесат на национално ниво. На пример, стаклените шишиња треба да се враќаат назад во супермаркетите во целата земја.[9]

## Истражување: Капацитетите на единиците на локалната самоуправа за управување со отпад

При изработка на трудот се пристапи кон спроведување на истражување за капацитетите на единиците на локалната самоуправа за управување со отпад. Истражувањето се спроведе во периодот од јуни до септември 2019 година и опфати интервјуа со претставници од неколку општини кои работат на прашања поврзани со управување со отпад. Податоците кои беа добиени за време на овие интервјуа во формат на полуструктурирани прашалници, ќе бидат понатаму анализирани во овој дел од трудот и ќе послужат за дефинирање на одредени препораки во насока на унапредување на законските решенија и воспоставените пракси за управување со отпад.

Истражувањето беше предвидено да се спроведе во 5 плански региони (10 општини), при што би се добиле податоци коишто ќе може да бидат анализирани. На графиконот во продолжение се претставени општините коишто беа опфатени во истражувањето според припадноста на планскиот регион. Во графиконот може да се забележи дека југозападниот регион е опфатен со 4 општини, источниот и североисточниот регион со по две општини, додека пелагонискиот и скопскиот регион со по една општина.

**Општини кои се опфатени со истражување**




## Графикон 1

Анализата на истражувањето се однесува на капацитетите на ЕЛС на ниво на РСМ за управување со отпадот. Првиот дел се фокусира на анализа на донесените документи на ниво на плански региони и општини за управување со отпадот, понатаму институционалната структура за управување со отпадот. Вториот дел се фокусира на анализа на добиените одговори од спроведените интервјуа на ниво на избрани општини и последниот дел на препораки за подобрување на управувањето со отпад и завршни заклучоци.

9 Види повеќе: https://www.umweltbundesamt.de/sites/default/files/38-9-aa-mk.pdf

## Анализа на резултатите од истражувањето

Спроведено е интервју со претставници на општините: Крива Паланка, Штип, Кочани, Куманово, Битола, Карпош, Дебар, Вевчани, Охрид и Струга. При ова, пополнет е прашалник (даден во Анекс). Прашалникот е составен од 15 прашања и во продолжение е даден табеларен преглед на дел од одговорите, како и сумарен преглед на одговорите дадени од страна на претставниците на општините. Заедничко за сите општини во кои е спроведено истражувањето е дека собирањето на отпадот не се извршува целосно и не се извршува во сите населени места и од таа причина настануваат, таканаречените, диви депонии.

**Табела 1: Дали имате општинско јавно комунално претпријатие?**

| Општина | Да | Не |
|---|---|---|
| Кочани | √ | |
| Штип | √ | |
| Дебар | √ | |
| Охрид | √ | |
| Струга | √ | |
| Вевчани | √ | |
| Битола | √ | |
| Крива Паланка | √ | |
| Куманово | √ | |
| Карпош | | √ |

Во Табела 1 е даден одговор дали општината има или нема општинско јавно комунално претпријатие. Се забележува дека освен Општина Карпош која нема и ги користи услугите на Јавното комунално претпријатие на Град Скопје, сите останати општини имаат свое јавно комунално претпријатие.

**Табела 2: Дали поседувате доволно човечки, материјални и технички ресурси за вршење на дејност управување со отпад?**

| Општина | Да | Не | Недоволно |
|---|---|---|---|
| Кочани | | | √ |
| Штип | | | √ |
| Дебар | | | √ |
| Охрид | | | √ |
| Струга | | | √ |
| Вевчани | | | √ |
| Битола | | | √ |
| Крива Паланка | | | √ |
| Куманово | | | √ |
| Карпош | | | √ |

Во Табела 2 е даден одговор дека сите општини не поседуваат доволно: човеч-ки, материјални и технички ресурси за вршење на дејност управување со отпад. Со оглед на одговорите дадени во Табела 1, може да се заклучи дека сите општини коишто имаат свое јавно комунално претпријатие имаат проблем со успешно вршење на дејноста управување со отпад. Поради тоа е и потребно на државно ниво да се воспостави систем на управување со отпад којшто ќе придонесе првенствено да се зачува животната средина и да се подигне квалитетот на живот на граѓаните.

**Табела 3: Дали располагате со своја локална депонија или користите регионална депонија?**

| Општина | Сопствена | Регионална |
|---|---|---|
| Кочани | √ | |
| Штип | √ | |
| Дебар | √ | |
| Охрид | √ | |
| Струга | √ | |
| Вевчани | √ | |
| Битола | √ | |
| Крива Паланка | √ | |
| Куманово | √ | |
| Карпош | | √ |

Во Табела 3 се забележува дека, со исклучок на депонијата во којашто се одлага отпадот од Општина Карпош, сите други општини користат сопствени депонии. Во насока на усогласување на нашето законодавство со она на Европската Унија, како и користење на позитивни пракси и примери во областа управување со отпад, мора да се размислува за отворање регионални депонии на коишто отпадот ќе биде соодветно третиран, за разлика од начинот на којшто се третира сега.

**Табела 4: Дали депонијата којашто се користи има дозвола за работа и интегрирана еколошка дозвола?**

| Општина | Има | Нема |
|---|---|---|
| Кочани | | √ |
| Штип | | √ |
| Дебар | | √ |
| Охрид | | √ |
| Струга | | √ |
| Вевчани | | √ |
| Битола | | √ |
| Крива Паланка | | √ |
| Куманово | | √ |
| Карпош | √ | |

Во Табела 4 се дадени одговорите дали депонијата којашто се користи има дозвола за работа и интегрирана еколошка дозвола. Освен депонијата каде што се одлага отпадот од Општина Карпош, ниту една друга депонија не ги исполнува условите со дозвола за работа и интегрирана еколошка дозвола. Ваквото функционирање на депониите само ја зголемува опасноста од загадување на животната средина, а директно преку тоа влијае и врз квалитетот на живот на граѓаните. На национално и на локално ниво мора да се донесе соодветно законско решение и истото да биде имплементирано како предуслов за создавање еден успешен систем на управување со отпад.

## Сумарен преглед на дадени одговори по општини

**Општина Кочани** располага со сопствено комунално претпријатие. Во однос на: човечките, материјалните и техничките ресурси се наведува дека истите не се доволно опремени со механизација и опрема за собирање и третман на отпад и истата е доста амортизирана. Има потреба од обука на кадарот за современо постапување со отпадот.

Општината располага со сопствена депонија за одлагање на отпад, а истата нема интегрирана еколошка дозвола. Во самата општина има назначено лице кое е одговорно за процесот на управување со отпад, а самата општина има план/програма за управување со отпадот.

Општината го има усвоено Регионалниот план за управување со отпад во Источниот плански регион, односно истиот е усвоен од страна на советот. Исто така, има изработено и Студија за оцена на влијанието на животната средина. Регионалниот план е одобрен од страна на Министерството за животна средина и просторно планирање во 2014 година. Во општина Кочани се работи на реализација на концептот на регионално управување со отпад како дел од активностите кои ги преземаат општините од Источниот и Североисточниот плански регион започнувајќи од 2009 година. Предвидено е во Источниот плански регион да се започне со селектирање на отпадот и тоа по сценарио на две канти: едната за материјали коишто може да се рециклираат (стакло, метал, хартија, пластика), а другата за останатиот мешан отпад. Притоа, растителниот, односно биоотпадот, не смее да се депонира на идната регионална депонија и истиот ќе се собира одделно и ќе биде подложен на компостирање.

Општина Кочани има усвоено и постапува по Локален еколошки план. Се истакнува дека за подигање на вкупниот квалитет за управување со отпад ќе може да се преземат и спроведат конкретни активности преку интегриран систем помеѓу самите институции откако ќе се воспостави целосната инфраструктура за регионално управување со отпад, како и рекултивирање на постојните општински несоодветни комунални депонии. Воедно, се наведува дека ЕУ директивите не може да бидат усвоени од советите на општините, туку треба истите да се усвојат од страна на Собранието на Република Северна Македонија.

**Општина Штип** располага со сопствено комунално претпријатие. Во однос на: човечките, материјалните и техничките ресурси се наведува дека истите не се доволно опремени со механизација и опрема за собирање и третман на отпад и истата е доста амортизирана. Има потреба од обука на кадарот за современо постапување со отпадот. Општина Штип располага со сопствена депонија за одлагање на отпад, а истата нема интегрирана еколошка дозвола. Во самата општина има назначено лице кое е одговорно за процесот на управување со отпад, а самата општина има план/програма за управување со отпадот. Општината го има усвоено Регионалниот план за управување со отпад во Источниот плански регион, односно истиот е усвоен од страна на Советот. Исто така, има изработено и Студија за оцена на влијанието на животната средина. Регионалниот план е одобрен од страна на Министерството за животна средина и просторно планирање во 2014 година. Во општина Штип се работи на реализација на концептот на регионално управување со отпад како дел од активности кои ги преземаат општините од Источниот и Североисточниот плански регион започнувајќи од 2009 година. Предвидено е во Источниот плански регион да се започне со селектирање на отпадот и тоа по сценарио на две канти: едната за материјали коишто може да се рециклираат (стакло, метал, хартија, пластика), а другата за останатиот мешан отпад. Притоа, растителниот, односно биоотпадот не смее да се депонира на идната регионална депонија и истиот ќе се собира одделно и ќе биде подложен на компостирање.

Општина Штип има усвоено и постапува по Локален еколошки план. Се истакнува дека за подигање на вкупниот квалитет за управување со отпад ќе може да се преземат и спроведат конкретни активности преку интегриран систем помеѓу самите институции откако ќе се воспостави целосната инфраструктура за регионално управување со отпад, како и рекултивирање на постојните општински несоодветни комунални депонии.

Воедно, се наведува дека ЕУ директивите не може да бидат усвоени од советите на општините, туку треба истите да се усвојат од страна на Собранието на Република Северна Македонија.

**Општина Дебар** располага со сопствено комунално претпријатие. Во однос на: човечките, материјалните и техничките ресурси се наведува дека истите не се доволно опремени со механизација и опрема за собирање и третман на отпад и истата е доста амортизирана. Има потреба од обука на кадарот за современо постапување со отпадот. Општина Дебар располага со сопствена депонија за одлагање на отпад, а истата нема интегрирана еколошка дозвола. Во самата општина има назначено лице кое е одговорно за процесот на управување со отпад, а самата општина има план/програма за управување со отпадот. Општина Дебар има усвоено: Програма за управување со отпад за период од три години, како и План за управување со отпад за период од една година, Програма за одржување на комунална чистота и Програма за одржување на јавна чистота.

Општина Дебар има усвоено и постапува по Локален еколошки план. Воедно, Општина Дебар е во подготовка на физибилити студија и посета на регионална депонија во Хрватска за стекнување на ново искуство во областа на управување со отпад. Се истакнува дека за подигање на вкупниот квалитет за управување со отпад ќе може да се преземат и спроведат конкретни активности преку интегриран систем помеѓу самите институции откако ќе се воспостави целосната инфраструктура за регионално управување со отпад, како и рекултивирање на постојните општински несоодветни комунални депонии. Воедно, се наведува дека ЕУ директивите не може да бидат усвоени од советите на општините, туку треба истите да се усвојат од страна на Собранието на Република Северна Македонија.

**Општина Охрид** располага со сопствено комунално претпријатие. Во однос на: човечките, материјалните и техничките ресурси се наведува дека истите не се доволно опремени со механизација и опрема за собирање и третман на отпад и истата е доста амортизирана. Има потреба од обука на кадарот за современо постапување со отпадот. Општина Охрид располага со сопствена депонија за одлагање на отпад, а истата нема интегрирана еколошка дозвола. Во самата општина има назначено лице кое е одговорно за процесот на управување со отпад, а самата општина има план/програма за управување со отпадот.

Во општина Охрид, ЈП „Охридски комуналец“, во соработка со општината, има поставено контејнери за собирање на: хартија, стакло и пластика на повеќе локации на територија на градот и истите ги балира и предава на овластен собирач на тој вид на отпад. Во наредниот период е планирано поставување на подземни контејнери на повеќе локации, како и прес-контејнери. Исто така, има обезбедено две локации на кои се собира електричен и електронски отпад. Во текот на годината, согласно календарот, се врши организирање акции за собирање на органски и кабаст отпад. Воедно, општина Охрид во рамки на Програмата за прекугранична соработка INTERPREG IPA 22014-2020, ЈП „Охридски комуналец“, заедно со Факултетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле“, аплицираше за проектот „Одржливо управување и третман на биоотпад со користење на методи за производство на биогориво“ и доби грант за имплементација на истиот.

**Општина Струга** располага со сопствено комунално претпријатие. Во однос на: човечките, материјалните и техничките ресурси се наведува дека истите не се доволно опремени со механизација и опрема за собирање и третман на отпад и истата е доста

амортизирана. Има потреба од обука на кадарот за современо постапување со отпадот. Општина Струга располага со сопствена депонија за одлагање на отпад, а истата нема интегрирана еколошка дозвола. Во самата општина има назначено лице кое е одговорно за процесот на управување со отпад, а самата општина има план/програма за управување со отпадот. Се истакнува дека за подигање на вкупниот квалитет за управување со отпад ќе може да се преземат и спроведат конкретни активности преку интегриран систем помеѓу самите институции откако ќе се воспостави целосната инфраструктура за регионално управување со отпад, како и рекултивирање на постојните општински несоодветни комунални депонии.

**Општина Вевчани** располага со сопствено комунално претпријатие. Во однос на: човечките, материјалните и техничките ресурси се наведува дека истите не се доволно опремени со механизација и опрема за собирање и третман на отпад и истата е доста амортизирана. Има потреба од обука на кадарот за современо постапување со отпадот. Општина Вевчани располага со сопствена депонија за одлагање на отпад, а истата нема интегрирана еколошка дозвола. Во самата општина има назначено лице кое е одговорно за процесот на управување со отпад, а пак самата општина има план/програма за управување со отпадот. Се истакнува дека за подигање на вкупниот квалитет за управување со отпад ќе може да се преземат и спроведат конкретни активности преку интегриран систем помеѓу самите институции откако ќе се воспостави целосната инфраструктура за регионално управување со отпад, како и рекултивирање на постојните општински несоодветни комунални депонии.

**Општина Битола** располага со сопствено комунално претпријатие. Во однос на: човечките, материјалните и техничките ресурси се наведува дека истите не се доволно опремени со механизација и опрема за собирање и третман на отпад и истата е доста амортизирана. Има потреба од обука на кадарот за современо постапување со отпадот. Општина Битола располага со сопствена депонија за одлагање на отпад, а истата нема интегрирана еколошка дозвола. Во самата општина има назначено лице кое е одговорно за процесот на управување со отпад, а самата општина има план/програма за управување со отпадот. Општината, во рамките на своите надлежности организира акции за собирање на кабаст отпад, при што граѓаните истиот во точно одреден ден можат да го изнесат пред своите домови, а јавното комунално претпријатие потоа да го собере и истиот да го однесе на општинска несоодветна депонија. Овој систем на правилно собирање на кабаст отпад, како и за создавање услови за негова повторна употреба, ќе профункционира кога ќе се воведе регионалниот концепт на управување со отпад, односно кога во рамките на тој систем ќе бидат изградени собирни места каде што ќе може да се одлага кабаст отпад. Општина Битола во соработка со претпријатието „Комуналец" има екоцентар каде што младите можат да добијат едукација и информации за селектирање на отпад. Во моментов, Општина Битола има заеднички проект со Република Грција за набавка на компостара за селектирање на отпад/пелетара за дрва-гранки.

**Општина Крива Паланка** располага со сопствено комунално претпријатие. Во однос на: човечките, материјалните и техничките ресурси се наведува дека истите не се доволно опремени со механизација и опрема за собирање и третман на отпад и истата е доста амортизирана. Има потреба од обука на кадарот за современо постапување со отпадот. Општина Крива Паланка располага со сопствена депонија за одлагање на отпад, а истата нема интегрирана еколошка дозвола. Во општината има назначено лице кое е одговорно за процесот на управување со отпад, а самата општина има план/програма за управување со отпадот. Во општина Крива Паланка се работи на реализација на концептот на регионално управување со отпад, како дел од активностите кои ги преземаат општините

од Источниот и Североисточниот плански регион започнувајќи од 2009 година. Во овој период, изработени се голем број: планови, проекти и студии за спроведување на регионалниот концепт за управување со отпад. Во текот на 2019 година се распишани тендери за реализација на проектите. Овие проекти се однесуваат на изведување на градежни работи на затворање и рекултивација на постојните несоодветни општински комунални депонии и на дивите депонии, на работи за набавка на опрема за собирање и транспорт на отпад, како и тендер за надзор на градежните работи за изградба на инсталациите за третман на отпадот за двата региони заедно. Средствата се обезбедени во форма на грант (неповратни средства) во износ од околу 40.000.000 евра од страна на Европската Унија.

**Општина Куманово** располага со сопствено комунално претпријатие. Во однос на: човечките, материјалните и техничките ресурси се наведува дека истите не се доволно опремени со механизација и опрема за собирање и третман на отпад и истата е доста амортизирана. Има потреба од обука на кадарот за современо постапување со отпадот. Општина Куманово располага со сопствена депонија за одлагање на отпад, а истата нема интегрирана еколошка дозвола. Во самата општина има назначено лице кое е одговорно за процесот на управување со отпад, а самата општина има план/програма за управување со отпадот. Во општина Куманово, исто како и во општина Крива Паланка, се работи на реализација на концептот на регионално управување со отпад како дел од активностите кои ги преземаат општините од Источниот и Североисточниот плански регион започнувајќи од 2009 година. Во овој период, изработени се голем број: планови, проекти и студии за спроведување на регионалниот концепт за управување со отпад. Во текот на 2019 година се распишани тендери за реализација на проектите. Овие проекти се однесуваат на изведување на градежни работи на затворање и рекултивација на постојните несоодветни општински комунални депонии и на дивите депонии, на работи за набавка на опрема за собирање и транспорт на отпад, како и тендер за надзор на градежните работи за изградба на инсталациите за третман на отпадот за двата региони заедно. Средствата се обезбедени во форма на грант (неповратни средства), во износ од околу 40.000.000 евра од страна на Европската Унија.

**Општина Карпош** не располага со сопствено комунално претпријатие, туку ја користи услугата во регионалната депонија „Дрисла" преку Јавното комунално претпријатие на Град Скопје, при што треба да се спомене дека регионалната депонија „Дрисла" поседува интегрирана еколошка дозвола. Во општина Карпош има назначено лице кое е одговорно за процесот на управување со отпад, а самата општина има план/програма за управување со отпадот. Овие планови и програми ги донесува Советот на општината и истите се поднесуваат за добивање согласност од Министерството за животна средина и просторно планирање.

Воедно, општина Карпош е опфатена со Програмата на град Скопје за управување со отпад и е воспоставена интерсекторска соработка. Во општина Карпош во делот каде што имаат надлежност над јавните објекти (основни училишта, градинки и административни простории), постојат проекти за селектирање и предавање на ПЕТ амбалажа и електронски отпад. Општината, заедно со Град Скопје, се во фаза на истражување на искуства за исполнување на целите на ЕУ за заштита на животната средина, односно воздухот, кои се во насока: да се намали, односно елиминира депонирањето на биоотпад на депониите, да се намалат емисиите на гасови од ефектот на стаклена градина коишто се ослободуваат при согорувањето на, и од депонираниот мешан отпад.

## ЗАКЛУЧОК

Од прегледот за состојбата со управување со отпад, како и истражувањето за капацитетите на општините и нивното усогласување со ЕУ директивите за отпад, може да се заклучи дека процесот на третирање на отпадот се сведува само на: собирање, транспортирање и депонирање на истиот. Во Република Северна Македонија е потребно да се воспостави одржлив систем за управување со отпадот којшто бара натамошно усогласување на домашното законодавство со законодавството на ЕУ, промени во институционалната организација и промена на општата практика на управување со отпадот. Владата е таа која може да иницира промени преку утврдување на стратешки посебни и општи цели на практики на управување со отпад. Притоа, од клучно значење е да се земат предвид постојните негативни влијанија и деградирање на животната средина преку воспоставените досегашни начини за управување со отпад, како на општинско, така и на национално ниво.

За да се успее во воспоставувањето и спроведувањето на системот за управување со отпад во Република Северна Македонија, потребно е да се усогласи законодавството со клучните политики во ЕУ поврзани со системот на управување со отпад и опасен отпад. Во значајна мера да се усогласи законодавството со новитетите во ЕУ кои се однесуваат на амбалажа и амбалажен отпад. Понатаму, треба да се пристапи кон спроведување на Законот на локално и регионално ниво, со особено внимание на инфраструктурната опременост, како и финансиската одржливост на комуналните претпријатија. Факт е дека локалните компании кои сега управуваат со отпадот функционираат со релативно мал обрт на отпад. Неопходно е тие да станат поголеми за да можат да ги покријат новите работни обврски, како што е селектираното собирање и рециклирање. Поради тоа, потребно е да се преземат конкретни активности за избегнување на несакани ефекти врз животната средина преку затворање на дивите и нестандардни депонии, како и формирање регионални центри за управување со отпад.

## ПРЕПОРАКИ

Согласно резултатите од ова истражување, како прва препорака произлегува потребата од зголемување на инвестициите кои мора да бидат поддржани со соодветно спроведување на законите и ефективни односи со јавноста, со што ќе се покаже дека Република Северна Македонија сериозно чекори кон постигнувањето на стандардите на ЕУ.

Во делот на конкретните активности кои треба да се преземат околу нестандардните депонии, се препорачува нивно затворање. Затворањето на нестандардните депонии опфаќа: покривање и заптивање (еден вид пломбирање) на депонијата, преку нанесување на водонепропустлив заштитен слој од глина-бентонит и геотекстил (по потреба геокомпозит, геомембрана); воспоставување мерки за управување со исцедокот и депонискиот гас; примена на современи технологии за да се обезбеди стабилност на косините, со користење на геомрежи. За видот на техниката на чистење и затворање на депониите, предложени се три типови на модели:

Модел „А“ (надвор од локацијата). Овој модел на затворање се предлага за малите илегални депонии, или диви депонии, каде отпадот ќе се отстрани и транспортира до блиската комунална депонија со поголем капацитет. Малите илегални депонии ќе се рехабилитираат и рекултивираат со засадување на тревна вегетација на површината од каде е отстранет отпадот.

Модел „Б“ (безбедно отстранување на самото место, без систем за одведување на биогасот). Овој модел на затворање се предлага за депонии кои имаат депонирано до 3.000 $m^3$ отпад и се релативно плитки, со мал, до среден ризик по животната средина. Опфаќа покривање на отпадот со слој од инертен материјал, како што е долниот слој на почва и финален горен слој на почва или хумус.

Модел „В“ (безбедно отстранување на самото место, со систем за одведување на биогасот). Овој модел на затворање се предлага за депонии кои имаат депонирано до 500.000 $m^3$ отпад, со висок ризик по животната средина.

Главната разлика помеѓу моделите „Б“ и „В“ е количината на депониран отпад, и во моделот „В“ се предвидува инсталирање на систем за одведување на биогасот, со пасивно одведување на гасот. За начинот на затворање на постојните нестандардни депонии во Северна Македонија се предложени две сценарија:

## Сценарио 1: Затворање во еден чекор (во една фаза)

Со ова сценарио депониите ќе се затвораат во еден чекор, односно ќе се санираат без можност за натамошно депонирање. Додека не се отворат регионалните центри за управување за отпад, собраниот отпад од Сценарио 1 депониите ќе биде транспортиран до Сценарио 2 депонија во непосредна близина.




**Слика 1 - Шематски приказ на затворање депонија**

## Сценарио 2: Преодни депонии (во две фази)

Со ова сценарио депониите ќе се затвораат во два чекора или фази. Со цел непречено одвивање на процесот на депонирање на отпад во преодниот период помеѓу двете фази, дел од телото на депонијата ќе биде затворен, а другиот дел ќе остане отворен за прием на отпад и од други општини чии депонии ќе бидат веќе затворени со концептот од Сценарио 1. Сценарио 2 депониите финално и комплетно ќе се затворат кога регионалните центри ќе станат оперативни.




**Слика 2 - Поставување на геомембрана за заптивање на депонијата**

## КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА:


1. ГРАДЕЊЕ НА КАПАЦИТЕТИТЕ ЗА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ЕУ ДИРЕКТИВА ЗА ДЕПОНИИ – ЗАТВОРАЊЕ НА НЕСТАНДАРДНИТЕ ДЕПОНИИ И ИНСПЕКЦИИ, СКОПЈЕ 2011
2. ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА СТАТИСТИКА, СООПШТЕНИЕ БР. 9.1.18.01, 2018
3. ПОЛИТИКАТА НА ЕУ ЗА ОТПАДОТ И НЕЈЗИНАТА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА ВО ОПШТИНИТЕ, БАЛКАНСКА ФОНДАЦИЈА ЗА ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ – БФОР, РЕГИОНАЛЕН ЦЕНТАР ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА
4. ПРЕГЛЕД НА СОСТОЈБАТА СО ЗАКОНСКАТА РЕГУЛАТИВА ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА ВО МАКЕДОНИЈА, МАКЕДОНСКИ ЗЕЛЕН ЦЕНТАР, МАРТ 2008, СКОПЈЕ
5. „СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА" (100/2005)
6. EUROPEAN COMMISSION ENVIRONMENTAL-DIRECTORATE-GENERAL ENVIRONMENT: COSTS FOR MUNICIPAL WASTE MANAGEMENT IN THE EU.
7. EUROPEAN COMMISSION ENVIRONMENTAL: HAZARDOUS WASTE GENERATION IN EEA MEMBER COUNTRIES.
8. EUROPEAN-WASTE-MANAGEMENT-WASTE-POLICY-AND-LEGISLATION
9. IZVESTAJ – BENCHMARKING U OBLASTI UPRAVLJANJA CVRSTIM KOMUNALNIM OTPADOM U JUGOISTOCNOJ EVROPI 2014; PRVO IZDANJE, MART 2016 GODINA
10. DIRECTIVE 2008/98/EC OF THE EUROPEAN PARLIAMENT AND OF THE COUNCIL OF 19 NOVEMBER 2008 ON WASTE AND REPEALING CERTAIN DIRECTIVES (TEXT WITH EEA RELEVANCE). EUROPA.EU. 22 NOVEMBER 2008
11. https://bit.ly/2FjhItY
12. https://bit.ly/2MTCC8Y
13. http://curia.europa.eu/juris/document/document. jsf?

text&docid=213593&pageIndex=0&doclang=hr&mode
=req&dir&occ=first&part=1&cid=6696882&fbclid=IwAR0PgI_
jZEIJsLhSHd8DsDSka5rEVkkblJ0Ik8MBXbc71Zp2t_99t3YJpyU
14.https://www.vokasnaga.si/en/Regional%20Waste%20Management%20Centre
15. https://kapital.mk/lublana-za-nekoja-godina-ke-bide-grad-bez-otpad/
16. https://www.umweltbundesamt.de/sites/default/files/38-9-aa-mk.pdf

## АНЕКС

## ПРАШАЛНИК:

1. Дали имате општинско јавно комунално претпријатие?
2. Доколку да, со какви човечки, материјални и технички ресурси располага за вршење на дејноста управување со отпад, како и можностите за селектирање на отпадот?
3. Дали располагате со своја локална депонија или користите регионална депонија?
4. Во случај општината да не располага со своја депонија, ниту користи регионална, на кој начин е решено прашањето со депонирањето на отпадот?
5. Доколку општината користи своја/регионална депонија, дали истата согласно законските прописи има дозвола за работа и интегрирана еколошка дозвола?
6. Дали општината има формирано одделение или назначено лице за управување со отпад?
7. Дали општината има план/програма за управување со отпад?
8. Дали за оваа намена општината има изработено или користи одредена студија за влијанието врз здравјето на луѓето и животната средина?
9. Кои документи донесени во склоп на општината се однесуваат на управување со отпад?
10. Кои се долгорочните планови на општината за управување со отпад?
11. Дали постојат идеи и развојни планови за отпочнување на сортирање и рециклирање на отпад од домаќинства, индустриски и друг вид отпад?
12. Дали се преземаат кампањи кај населението за подигање на свеста за правилно собирање на кабаст отпад?
13. Дали сметате дека да има интегриран систем помеѓу институции за подигање за вкупниот квалитет за управување со отпад?
14. Дали се планира да се искористат странски искуства (Словенија, Шведска...) со коишто отпадот ќе биде третиран како рециклажен материјал или суровина и добивање енергија?
15. Дали локалната самоуправа се подготвува за усвојување на ЕУ директивите коишто се однесуваат на управување со отпад (документи, подготовка на проекти, доедукација на постојната администрација)?

# НЕПОСРЕДНО ДЕМОКРАТСКО УЧЕСТВО НА ГРАЃАНИТЕ ПРИ ДОНЕСУВАЊЕТО ОДЛУКИ НА ЛОКАЛНО НИВО

**Дениз Мемеди**
**Сандра Мијалковска**
**Софија Илиевска**
**Адриана Велинова**
**Никола Рилак**

Ментор: Александар Љ. Спасов

## ВОВЕД

Модерната ера, поконкретно почетоците на дваесет и првиот век, како да го обележуваат активното заживување на концептот на локалната демократија. Овој обновен интерес за нормите и процедурите за демократско управување на ниво што е најблиску до граѓаните, на некој начин реферира на враќање на темелите на демократската теорија и практика. Активното вклучување на граѓаните претставува основа на духот и здравјето на една заедница. На локалните граѓански арени, владеењето на демократијата му дава живот и форма на едно општество, што подразбира дека активното учество на граѓаните во решавање на проблемите на локално ниво, но и остварување на нивните цели за општествено добро, е клучно за едно продуктивно демократско учество.

Ако се гледаат работите од денешен аспект, на глобално ниво, повеќето земји се во процес на спроведување на политички и административни реформи, сѐ со цел да зајакне локалната демократија, а со тоа и отворање простор за активно учество на граѓаните во процесот на донесување одлуки за работи што ги тангираат самите нив. Во многу случаи, ова се спроведува од „млади“ и „нови“ демократии кои неодамна претрпеа транзиции на политичкиот систем.[1] Република Северна Македонија е дел од земјите кои се водат како „нови“ демократии, со потреба за унапредување и поттикнување на демократизацијата и активното учество на граѓаните на локално ниво.

Всушност, целта на овој истражувачки труд се заснова на елаборирање на активното учество на граѓаните на локално ниво во Република Северна Македонија. Ова подразбира

1 Timothy D. Sisk, Democracy At The Local Level The International IDEA Handbook on Participation, Representation, Conflict Management, and Governance (Stockholm: International IDEA Handbook Series 4, 2001), p. 4.

дека овој труд ќе се обиде да даде образложение: за прашања поврзани со концептот на демократизацијата на локално ниво, односно демократизацијата во Република Северна Македонија; за активниот пристап на граѓаните на локално ниво; кои се облиците на активно учество на ниво на општина; кои би биле позитивните искуства кои би можеле да служат како поттик за зголемено учество на граѓаните во донесување одлуки на локално ниво.

Методолошкиот пристап на разработување на трудот се базираше на анализа на содржината на различни материјали, како: публикации, истражувачки трудови, весници и интервјуа со релевантни личности поврзани со темата.

## 1. Демократизација на локално ниво

Кога станува збор за градење на силно граѓанско општество и демократизација на институциите, не смее да се заборави дека граѓаните имаат централно место во општеството.

Учеството на граѓаните во процесот на донесување одлуки претставува елемент кој е од суштинско значење за локалната демократија. Тоа води до зголемена транспарентност но, воедно, прави локалните владини функционери да бидат поодговорни во донесувањето на одлуките. Се работи за постојан процес кој го покрива периодот меѓу изборите и кога се врши двонасочно споделување на информации за локалните политики и локалната власт – граѓаните се обраќаат до локалната власт со прашања кои ги засегнуваат, а локалната власт ги информира граѓаните за спроведувањето на локалните политики.[2]

Недоволното учество на граѓаните во процесот на донесување одлуки е еден од најголемите проблеми на модерните демократски општества. Една од главните пречки за недоволното учество на граѓаните во процесот на донесување одлуки е тоа што тие не се запознаени за своите права и за својата одговорност. Согласно член 21 од Декларацијата за човекови права: 1. Секој има право да учествува во управувањето со јавните работи на својата земја, непосредно или преку слободно избрани претставници. 2. Секој има право врз рамноправна основа да стапува во јавна служба во својата земја. 3. Волјата на народот е основа за државната власт; оваа волја треба да се изразува на повремени и слободни избори кои ќе се спроведуваат со општо и еднакво право на глас, со тајно гласање или со соодветна постапка која ја обезбедува слободата на гласањето.[3] Понатаму: ограничениот пристап до информации, недовербата кон локалната власт, недостатокот на мотивација за соработка од двете страни, недостатокот од ресурси, исто така се јавуваат како пречки при учеството на граѓаните во процесот на донесувањето одлуки. Некои од начините за надминување на овие пречки се: јавна едукација и обука, кампањи за издигнување на нивото на свеста на јавноста, спроведување стратегии за комуникација, развивање партнерства, собирање финансиски средства, соодветно споделување на информации, споделување на искуства и практики во локалната самоуправа, иницирање на конкретно спроведување на инструментите за учество.[4]

2 Јоана Косма, Кристина Јованова, „Учество на граѓаните во носењето на одлуки на локално ниво", OSCE

3 Универзална декларација за човековите права, усвоена и прокламирана од Генералното Собрание на ОН, Резолуција 217А(III), 10 декември, 1948

4 Јоана Косма, Кристина Јованова, Учество на граѓани во носење на одлуки на локално ниво" OSCE

Некои од методите на учество кои се користат во светот се: фокус групи, светско кафуле, клетки за планирање, технолошки фестивал, граѓанска порота.[5]

Кога станува збор за земјите-членки на Европската Унија, постои интерес за подобрување и зголемување на нивото на учество на граѓаните во процесите на донесување одлуки. Отвореноста, партиципативноста, отчетноста, делотворноста и кохерентноста, се петте принципи врз кои се темели владеењето на правото и демократијата во земјите-членки на ЕУ, стои во „Белата книга за европско управување" (2001).[6]

Постојат три различни нивоа на соработка помеѓу граѓаните и власта кога станува збор за креирање на јавни политики, и тоа: пристап до информации, консултација и активно учество.[7]

Постојаната комуникација и дијалог меѓу носителите на одлуки и граѓаните се од круцијално значење за напредокот на општеството.

## 2. Демократизација во Република Северна Македонија

По 90-тите години на минатиот век, Република Северна Македонија навлезе во процесот на транзиција, кој подразбира: трансформација на сопственичките односи, пазарно стопанство, премин од еднопартиски во повеќепартиски систем, плурализам на интересите, и сл. Овој процес во општеството значеше влегување во долготрајна и макотрпна фаза за демократизација, при што демократијата се сфаќа како политички систем, но и начин на живеење.

Процесот на воспоставувањето демократски начела започна со усвојувањето на Уставот во 1991 година, при што се истакна независноста и сувереноста на Република Македонија. Исто така, со Уставот се гарантира: постоењето на правната држава, владеење на законите, личните слободи и права и демократскиот политички систем.[8]

### Избори и изборно однесување

Изборите се еден од нужните облици на демократско однесување, својствени за сите демократски држави. Најчесто, тие се дефинираат како облик, форма или механизам со кој граѓаните одбираат (одлучуваат) претставници во процесите на донесување политички одлуки. Важно е да се спомене дека токму од карактерот на изборите зависи демократичноста на една држава. Поим кој е тесно поврзан со изборите е *избирачкото тело* кое е составено од сите граѓани на една земја кои имаат наполнето 18 години. Ова избирачко тело има право да избира народни претставници, да предлага кандидати за пратеници или други државни функции. Исто така, треба да се знае и за поимот *избирачко право*, кој се однесува на личното право на поединецот да избира и одлучува. Во демократските земји, избирачкото право треба да биде: општо, еднакво, непосредно и тајно.

Понатаму, народните претставници (политичарите) се избираат со т.н. *императивен мандат* (кога избраниот мора да се држи до она што го сакаат оние кои го избрале, бидејќи, во спротивно, може да биде отповикан) или со т.н. *претставнички мандат* (кој обезбедува извесна независност на избраниот, т.е. без разлика колку и дали се задоволни граѓаните кои гласале за него, тој останува на функцијата до крајот на мандатот, односно не може да биде отповикан).

5 Participatory Methods Toolkit, A practitioner's manual, King BaudouinFoundation and Flemish Institute for Science and Technology Assessment, 2005

6 Бела книга за европско управување, 2001

7 Граѓаните како партнери: ОЕСР „Прирачник за информирање, консултирање и јавно учество во креирањето политики", 2001

8 Устав на РСМ, „Службен весник" (ноември, 1991)

Кога станува збор за демократизацијата во едно општество, особено е важно да се спомене потребата од вклучување на граѓаните во процесот на донесување одлуки, но и самото градење политики во местото каде што живеат.

Според Законот за локална самоуправа на Република Северна Македонија, гарантирано е непосредното учество на граѓаните во одлучувањето во општините. Член 25 – Облици на учество на граѓаните, „1. Граѓаните непосредно учествуваат во одлучувањето за прашања од локално значење преку граѓанска иницијатива, собир на граѓаните и референдум, на начин и постапка утврдени со закон".[9]

## 3. Практики на непосредно демократско учество

### 3.1 Локални младински совети

Застапувачите на демократијата на локално ниво, во последните години делуваат со интензивна динамика. Демократијата стана концепт прифатен од сите локални заедници. Денес, на глобално ниво, повеќето земји се во процес на спроведување на политички и административни реформи насочени кон децентрализација и зајакнување на локалната власт. Во многу случаи ова се спроведува од „млади" и „нови" демократии кои неодамна претрпеа транзиции на политичкиот систем.[10] Овој обновен интерес за принципите и постапките за демократско владеење на ниво најблиско до граѓаните, на некој начин е враќање на темелите на демократската теорија и пракса. Директното вклучување на граѓаните е основа на духот и здравјето на заедницата. Право на сите граѓани е да изразуваат мислења и поплаки, а обврската на оние кои носат одлуки е да бидат одговорни. Локалните граѓански самоуправи се значајни за владеењето на демократијата.

Република Северна Македонија е дел од земјите кои се водат како „нови" демократии, со потреба за унапредување и поттикнување на демократизацијата и активното учество на граѓаните на локално ниво. Според истражувањата реализирани од страна на ЦИВИЛ[11], активното учество на граѓаните во решавање на проблемите на локално ниво, но и во остварување на нивните цели за општествено добро, е клучно за едно продуктивно демократско учество. Исто така, според анкетите од истата организација, кај локалната власт постои отпор за мешање во нејзиниот начин на решавање на проблемите на нивната територија.[12]

Меѓутоа, мора да се спомене дека во овој процес на прифаќање на вредностите на демократијата во земјата, имало и позитивни примери кои можат да се земат како препорака за зајакнување на демократскиот капацитет. Меѓу актуелните позитивни примери е проектот за формирање на локалните младински совети во скоро сите градови во Република Северна Македонија.

Локалните младински совети се предвидени во Ревидираната европска повелба како механизми за учество на младите во локалниот и регионалниот живот (Совет на Европа). Проектот за етаблирање на локалните младински совети го иницираше Младинскиот образовен форум, во соработка со Центарот за меѓукултурен дијалог, кој беше поддржан од страна на ЕУ, преку ИПА фондовите. Во текот на реализирањето на проектот, одредени општини потпишаа меморандум за соработка и директно се вклучени во проектот.[13]

9 Закон за локална самоуправа на Република Северна Македонија, „Службен Весник" (јануари, 2002)

10 Timothy D. Sisk, Democracy At The Local Level The International IDEA Handbook on Participation, Representation, Conflict Management, and Governance (Stockholm: International IDEA Handbook Series 4, 2001), p. 4.

11 https://civilmedia.mk/ [20.04.2019]

12 „Ефективно учество на граѓан(к)ите - императив за здраво демократско општество", https://civilmedia.mk/jefktivno-utchstvo-na-graankit-imprativ-za-zdravo-dmokratsko-opschtstvo/ [21.04.2019]

13 Интервју со Стефан Маневски, поранешен директор на Центарот за меѓукултурен дијалог, 28.05.2019

Идејата на реализирање на иницијативата се имплементираше во неколку фази. Во првата фаза се основаа младинските јадра. Во нив членуваа сите заинтересирани млади, почнувајќи од: граѓански организации, подмладоци на политички партии, неформални младински здруженија, па сè до индивидуалци. Во втората фаза, младинските јадра основаа иницијативни одбори кои ги сочинуваа само претставници на граѓански организации и подмладоци на политички партии, како и неформални здруженија кои се пријавија на јавен повик. Третата фаза на проектот се фокусираше на основачките собранија, а во четвртата фаза се формираа локалните младински совети. Всушност, од почетокот идејата беше да се инсистира за рамноправност и инклузивност на сите заинтересирани страни.[14]

Според Стефан Маневски, „младинските совети се важен дел на практикување и учење за локалната демократија. Во исто време, преку обуките за младинско учество многу млади се вклучија во различни младински организации и станаа поактивни, што, во некоја смисла, го зголеми младинското учество. Преку реализираниот проект се промовираше идејата меѓу младите дека во локалните младински совети треба да се слушне гласот на сите младински групи, а не само на партиите на власт, како и дека учеството не значи само декорација. Најважно за нас беше да ги вклучиме големите локални младински организации, клубови и политички подмладоци. За да успееме во тоа требаше да се организираат посебни и заеднички состаноци, да се бараат сојузништва со поддржувачи и да се гради доверба“.[15]

Од друга страна, пак, Сања Божовиќ целиот процес на креирање на локалните младински совети го гледа од позитивна перспектива, како резултат на нивното формално признавање од страна на општините. Според неа, „најголемата придобивка од целиот овој процес, всушност, беше формалното признавање на локалните младински совети од страна на општината и тоа преку измени на нивните основачки акти, односно статутите. Многу општини го изменија својот статут и формално ги признаа локалните младински совети како дел од својата структура, а некои и како дел од процесот на носење одлуки. Проектот не само што придонесе за издигнување на свеста кај младите, како и кај оние кои ги носат одлуките, за својата улога и одговорностите во општеството“.[16]

Иако со овој проект се постигна генералната цел со етаблирање на локалните младински совети, сепак Маневски насочува дека на долгорочен план треба да се имаат предвид следните параметри:

1. Дефинирање на областите во кои советот може да носи одлуки;
2. Дефинирање на буџет за млади кои советот може да го менаџира во соработка со општината;
3. Департизација на советот, преку активно вклучување на: младински организации, клубови, секции, и слично.[17]

Што се однесува до сегашната состојба, Божовиќ посочува дека локалните младински совети функционираат некаде со посилен, а некаде со послаб интензитет, што е зависно од генерациите. Меѓутоа, позитивна работа е тоа што младите знаат дека постои таква структура во нивната општина и дека преку неа може да се воспостави канал на комуникација со општинските органи. Денес, речиси сите општини имаат и локални

14 Интервју со Сања Божовиќ, поранешен член на МОФ и координатор на проектот на основање на локалните младински совети, 27.05.2019

15 Интервју со Стефан Маневски, 28.05.2019

16 Интервју со Сања Божовиќ, 27.05.2019

17 Интервју со Стефан Маневски, 28.05.2019

младински стратегии, што е еден добар показател дека постои желба за поставување и развој на младинската политика и на национално, и на локално ниво.[18]

Проектот преку кој се формираа младинските локални совети е еден позитивен пример и препорака за демократското учество на локално ниво. Меѓутоа, како што посочуваа и координаторите на проектот, проблемот е како и кај повеќето иницијативи – одржливоста на долгорочен план. Младинските совети се меѓу првите клучни структури на локално ниво за мотивирање на граѓаните, односно младата популација, за активно учество во општеството, особено во делот на решавање на нивните проблеми.

### 3.1.1 Позитивни примери – ЛМС Штип

Советот на млади на Општина Штип е формиран во 2009 година. Тоа е првиот ваков совет во нашата држава формиран на иницијатива на повеќе младински организации, по позитивните примери од европските земји. Со одлука на Советот на Општина Штип, тој е формиран како тело кое принадлежи кон Советот на Општината. Во првичната одлука стои дека Советот брои 7 члена, а подоцна оваа одлука е изменета и Советот брои 9 члена, кои се предлагаат до Мандатната комисија за избор и именувања при Советот на Општина Штип. Советот на млади на Општина Штип од тој момент работи согласно Деловник за работа. Во неговото десетгодишно постоење се променети три состави на членство, дискутабилна е неговата активност во неколку периоди и неговата насоченост кон зададените цели и задачи и, пред сè, неговата улога. Во овој момент, Советот на млади на Општина Штип претставува пример на активен и функционален совет кој ја исполнува својата улога.

Советот на млади на Општина Штип е советодавно тело формирано со цел активно вклучување на младите во јавниот живот и нивно позиционирање како партнер на општината во справувањето со сите предизвици кои се однесуваат за нив. Советот треба да биде увото кое ќе го слуша гласот на младите од нашата локална заедница и тој глас да го пренесува пред надлежните власти и институции.

Низ годините наназад, Советот бил на мета на критики во однос на неговата транспарентност и отчетност за неговата работа и начин на членување. Вистински промени во однос на членувањето не се постигнати, но надминувањето на овој проблем е спроведено со објавување на јавен повик до сите млади од нашата локална заедница за активно вклучување во работата на Советот како негови соработници. Ваквиот начин на вклучување и активирање на младите во Советот се покажа како успешен.

Општината Штип може да се пофали дека е општина во која младите се креатори на младинските политики преку двете локални младински стратегии. Едната се однесуваше за периодот 2010-2015 и новата стратегија која е креирана со поддршка од Мисијата на ОБСЕ во Република Северна Македонија, за периодот 2018-2023. Новата Локална младинска стратегија ја следи Националната младинска стратегија и се базира врз релевантни податоци кои произлегоа од анкетни прашалници и активни истражувања на терен за детектирање на проблемите на младите од нашата локална заедница. Опфаќа десет области во кои се поставени одредени индикатори, цели и активности за реализирање. Клучен момент за имплементација на оваа Стратегија е изгласувањето на веќе креираниот Акционен план за 2019 година, план кој беше креиран транспарентно и јавно со сите засегнати страни, организации, институции.

18 Интервју со Сања Божовиќ, 27.05.2019

Покрај сите документи на локално ниво, Советот во својата работа ја следи и спроведува и Националната младинска стратегија која е стожер на целокупната работа на советите на млади и креирањето на локалните младински стратегии, како и националните младински политики. Нашата младина е европска младина, младина која постојано е во тек со сите промени и збиднувања во однос на европските младински политики. Таквиот тренд го следи и Советот на млади на Општина Штип. Главни документи кои се следат од страна на Советот на меѓународно ниво се Европската младинска стратегија и националните стратегии на новите членки на Европската Унија, како што се Хрватска и Бугарија, бидејќи, сепак, овие земји се најблиску до нашата во однос на проблемите со кои се соочуваат младите и изнаоѓањето на решенија за истите.

Сите сме во исчекување на основниот документ кој ќе означи старт и зајакнување на статусот на младите, младинскиот активизам, младинското учество и регулирањето на работата на сите совети на млади, а тоа е Законот за млади. Овој Закон предвидува и одредено финансирање како на национално ниво за младински политики, така и финансирање на годишните програми и планови на советите на млади од буџетот на општините. Ова е клучен момент бидејќи еден од главните предизвици со кои се соочуваа сите активни совети на млади беше проблемот со финансирањето.

### 3.1.2 Негативни примери – ЛМС Тетово и Неготино

Како негативни примери за функционирањето на локалните младински совети ги земавме Неготино и Тетово. Овие локални младински совети најпрво биле формирани со ентузијазам и желба за промени, започнале со работа, но не можат да се пофалат со успех и, по кратко време, нивното постоење престанува. Главната цел на постоењето на локалните младински совети е токму подобрувањето на младинските политики и младинското учество во општините каде што истите биле формирани.

„Младинското учество го дефинира, пред сѐ, односот меѓу младите и институциите, односно оние кои носат одлуки. Оттаму, младинското учество подразбира вклучување на младите во процеси на носењето на одлуки кои се од клучно значење за нив, активно учество на младите со генерирање на идеи и предлози за унапредување на положбата на младите во општеството, како и активно граѓанство и придонес во заедницата од страна на младите“.[19]

Причини и фактори кои го предизвикале тоа има многу, но голем дел од вината се препишува и на самите ЛМС и ставот којшто младите во советите го заземаат во однос на општината која ја претставуваат и општинскиот совет на истата.

### Локален младински совет – Неготино

Иницијативата за формирање на Локалниот младински совет во Неготино започнува во 2015 год. како резултат на проектот„Развој на локални младински политики и младинско учество во 12 општини“. Проект којшто е насочен кон младите, младинските организации и сите форми на младинско здружување кои најдобро можат да ги идентификуваат предизвиците со кои се соочуваат и да понудат решенија во спроведувањето на политики за нивно решавање. Овој проект е финансиран од Европската Унија (Регионална ИПА програма)

Во иницијативниот тим беа пријавени 11 членови коишто присуствуваа на тренинзите:

Тренинг 1: Младински политики, младинско учество, младинска работа и волонтирање.

19 Агенција за млади и спорт, Национална стратегија за млади (Скопје, 2016) 17

Тренинг 2: Организација на настани и нови медиуми.

Тренинг 3: Менаџмент, вмрежување и одржливост на здружение на граѓани.

Тренинг 4: Локална самоуправа.

Кампањата за формирање на ЛМС беше спроведена на неколку локации во градот каде што младите беа запознаени повеќе со тоа што значи постоењето на Локалниот младински совет во градот и како тие да се вклучат во неговата работа. Беа одржани денови на вмрежување кога младите кои присуствуваа преку работа во тимови подготвија нацрт-проекти кои се најпотребни да се спроведат во градот, со цел да придонесат кон некоја позитивна промена.

Неколку од нацрт-проектите беа образложени и тимовите веќе почнаа со нивно пишување и изготвување за да можат истите да ги презентираат на некоја од седниците на Советот на Општина Неготино. За жал, ниту еден од тие проекти никогаш не се реализира, а главната причина за тоа беше недостигот на финансиски средства. Дел од нив требаше да ги одобри самата општина.

Како главна причина за нефункционирање на Советот во Неготино, што беше дискутирано на неколку дебати и јавни расправи, е недостигот на финансиски средства за реализација на проекти и активности кои членовите на Советот ги имаа предложено.

Неангажираноста и неажурноста на дел од младите кои беа членови на Советот, исто така се јави како причина плус за згаснувањето на Советот. Самите организации коишто ги претставуваа членовите на Советот беа неактивни и функционираа само на хартија. Дел од претставниците, слично како и во другите совети, беа пасивни млади кои немаа никакво искуство со младинско работење и креирање на младински политики во општините во коишто живеат.

И покрај недостигот од финансии, како и неангажираноста на некои од младите коишто беа дел до Локалниот совет, истиот успеа да реализира неколку настани кои, иако мали, беа многу значајни и дадоа голем придонес за вклучување на младите во општеството.

- Дел од членовите на Локалниот младински совет – Неготино беа вклучени во проектот „Ден без автомобили во Неготино", односно во самата организација.
- Тогашниот претседател на Локалниот младински совет во неколку наврати беше дел од меѓународни проекти и семинари со цел да се подобри работата на Локалниот младински совет во Неготино.

Локалниот младински совет се вклучи во неколку активности и проекти коишто беа организирани од општината, но, за жал, самиот ЛМС никогаш не беше главен организатор на некој поголем и позначаен проект или активност која придонела за некакви промени во општината.

По неколкуте одржани состаноци, Локалниот младински совет во Неготино престана да функционира. Поголемиот дел од претставниците на младинските организации во Неготино веќе не беа достапни за работењето и ангажираноста во Советот. Целиот процес со менаџирање на Локалниот младински совет во Неготино наиде на пречки во областа на финансиското работење и средствата што беа потребни за реализирање на проектите и активностите кои Советот ги имаше како предлози.

Поддршка од Советот на Општина Неготино беше овозможена во однос на обезбедување на простории за работа и одржување на седниците на ЛМС.

### Моментална состојба на Локален младински совет – Неготино

Обновување на Локалниот младински совет во Неготино е планирано од страна на неколку невладини организации коишто имаат претходно искуство со: младинско учество, креирање на младински политики и младинско здружување, но и неколку нови регистрирани организации коишто сакаат да се вклучат во процесот на обновување на Советот. Како поддршка за Локалниот младински совет во Неготино, младите го сметаат и новиот Предлог-закон за младинско учество и младински политики, кој ги опфаќа и локалните младински совети.[20]

„Буџетска поддршка за Националниот младински совет на Република Северна Македонија - Владата на Република Северна Македонија, во соработка со Агенција за млади и спорт во натамошниот период ќе работи на изнаоѓање решение за финансиска поддршка на НМСМ“.[21]

### Локален младински совет Тетово

Иницијативата за формирање на Локален младински совет во Тетово произлегла од: неколку невладини организации, средношколски организации и политички подмладоци. Младите во Тетово, речиси една година ја ширеле идејата за формирање на локален младински совет и истата била добро прифатена од сите. Промоцијата на самата иницијатива, како и потребата од формирање младински совет, била доближена до граѓаните низ разни: дебати, јавни расправи и настани.

На почетокот, поддршката била голема, како од младинските организации, самите млади во Тетово (средношколци и студенти ), но и од самата локална самоуправа и целото население. Локалниот младински совет во Тетово никогаш не профункционира во пракса. Обидот за формирање на советот е уште од 2012 година, но само на хартија.

Во ноември 2017 се изготвени акти според кои би функционирал советот. Во 2018 се одржани состаноци со претставници од организации во Општина Тетово. Не се направени никакви измени во составот на Советот уште од неговото формирање, ниту, пак, се направени напори да се предвидат претставници на средношколците. Во Советот има двајца етнички Македонци, а останатите се етнички Албанци кои имаат почести ротации во однос на претставниците од организациите.

Во однос на проекти и реализирани активности од страна на Локалниот младински совет во Тетово, исто како и во повеќето градови, главна пречка се финансиските средства, но и проблемот со одобрување на средства од страна на буџетот на општината за реализирање на проекти. Останатите проблеми со кои се соочувале младите во Тетово, но и причини поради кои Младинскиот совет не функционира, се однесуваат на неконстантноста на членството, пасивноста на некои од членовите и блокирањето од општината.[22]

---

20 Процесот на подготовка на Предлог-закон за младинско учество и младински политики, како иницијатива на Клубот за младински прашања и политики, започна од март 2018 година, со одржување на јавна расправа во Собранието на РСМ и креирањето на работната група и од самиот почеток предлог-текстот се креираше заеднички од страна на: пратениците, институциите и младинските организации.

21 Агенција за млади и спорт – „Произнесување по предлогот на Националниот младински совет“ (Скопје, 2018)

22 Интервју со Бобан Милосавлески, член на Локалниот младински совет – Тетово, 20.06. 2019

### 3.2 Референдуми на локално ниво

Централното место во едно демократско општество го имаат токму граѓаните, и колку е поголемо нивното учество во процесот на донесувањето на одлуки, толку е поголем степенот на демократија. Постојат неколку облици на учество на граѓаните при донесувањето на одлуки на локално ниво. Имено, во Законот за локална самоуправа на Република Северна Македонија како облици на учество на граѓаните се набројани: граѓански иницијативи, собири на граѓани и референдум, секако на начин и постапка утврдени со закон.[22]

Референдумот, кој може да биде спроведен на државно и на локално ниво, претставува круцијален инструмент, односно средство кое помага да се слушне гласот на граѓаните. Референдумот е облик на непосредно изјаснување на граѓаните во одлучувањето за одделни прашања од надлежност на: Собранието на Република Северна Македонија, за прашања од надлежност на општините, на градот Скопје и на општините во градот Скопје, како и за други прашања од локално значење. Согласно член 36 од Законот за референдуми, референдум на локално ниво распишува советот на општината, на градот Скопје и на општините во градот Скопје. Согласно член 38 од истиот Закон, референдум на локално ниво може да се распише за: донесување пропис, за прашања што треба да се уредат во општината, градот Скопје и општините во градот Скопје (претходен референдум) или за преоценување на пропис што претходно е донесен (дополнителен референдум).[23]

По пат на спроведување на референдум се обезбедува директно учество на граѓаните во не/донесување на одлуки на локално ниво. Во спротивно, граѓанската пасивност и некористењето на сите достапни механизми за учество во вршењето на јавните работи на локално ниво е најголемата закана за развој на заедницата и, природно, создава простор за злоупотреба и корупција. Со оглед на фактот дека локалната самоуправа има и правни и морални обврски во однос на граѓанското општество, така и граѓаните имаат големи обврски – активно да ги користат сите свои права што ги имаат гарантирано Уставот и законите и да придонесат за создавањето подобри животни услови во заедницата.[24]

Граѓаните на Република Северна Македонија ретко имале можности да се изјаснуваат на референдуми, но секогаш кога се одржувале, имало борба за цензусот, односно главната борба била меѓу гласовите „за“ и бојкотирањето. Бојкотот бил дел од секој референдум.[25]

Имено, од осамостојувањето на државно ниво се спроведени вкупно 3 референдуми (во 1991 година – за осамостојувањето, во 2004 година – за Законот за територијална поделба и во 2018 година – за прифаќањето на договорот со Грција и влез во ЕУ и НАТО). На локално ниво се спроведени вкупно 10 референдуми (во Општина Чешиново – Облешево во 2004 година; во 2007 година еден е одржан во Струмица, еден во Радовиш, а еден во 2015 година, и шест се одржани во 2017 година).[26]

Во 2017 година, Катерина Каракотева од Валандово, која била поддржана од 10% од граѓаните запишани во избирачкиот список, поднела иницијатива до Советот на Општината за распишување референдум за стопирање на изградбата на рудникот

23 Закон за референдум и други облици на непосредно изјаснување на граѓаните, „Службен весник“, (септември, 2005)

24 Д-р Дарко Спасевски, д-р Ивана Шумановска Спасовска..., „Референдум на локално ниво: реалност или фикција?“

25 Сите референдуми во Македонија, достапно на https://prizma.mk/site-referendumi-vo-makedonija/

26 Д-р Дарко Спасевски, д-р Ивана Шумановска Спасовска..., „Референдум на локално ниво: реалност или фикција?“ http://www.referendum.mk/wp-content/uploads/2019/02/Referendum-studija-MK.pdf

„Казандол". Оваа иницијатива, всушност, е и единствената иницијатива поднесена до Советот на Општина Валандово. Советот на Општина Валандово распишал референдум кој се одржал на 20 август, 2017 година. На референдумот право на глас имале 10.141 жител, и имало две референдумски прашања, и тоа:

1. Дали сте ЗА или ПРОТИВ продолжување со работа на рудникот и рударскиот комплекс„Казандол"?

2. Дали сте ЗА или ПРОТИВ отворање на рудници и рударски комплекси за метални и минерални суровини на територијата на Општина Валандово?

Од 10.141 жител со право на глас, на референдумот гласале 4.680 гласачи (46,14%), од кои на првото прашање, 214 се изјасниле ЗА, додека 4.301 ПРОТИВ. На второто прашање, 194 се изјасниле ЗА, а 4.315 ПРОТИВ.[27]

Согласно член 41 од Законот за референдуми, одлуките на референдум на локално ниво се сметаат за донесени ако за нив гласале мнозинството од вкупниот број граѓани кои гласале, доколку гласале повеќе од половината од вкупниот број граѓани запишани во изводот од избирачкиот список за општината, градот Скопје и општините во градот Скопје, каде што се спроведува референдумот.[28]

Референдумот во Општина Валандово не го исполни потребниот цензус за да биде легитимен.

Градоначалникот на општина Валандово, Перо Костадинов, вели дека „проблемот со неуспешноста на референдумот во Општина Валандово беше високиот цензус потребен за прогласување на истиот за успешен, големиот број иселени граѓани од општината, како и кампањата и притисоците од страна на неколку политички партии од тогашната владејачка структура за апстинирање од гласање на истиот".[29]

Во текот на 2017 година, до Советот на Општина Гевгелија биле доставени две граѓански иницијативи: за/против отворање рудници во општина Гевгелија, и за/против прифаќање мигранти.

Иницијативата за распишување референдум во Општина Гевгелија била поднесена од ЗГ „Спас за нас" - Гевгелија, подоцна како иницијатор за одржување референдум се јавило Одделението за локален економски развој во Општина Гевгелија.[30]

Референдумското прашање гласело:

„Дали сте ЗА или ПРОТИВ отворање на рудници за метални минерални суровини на територијата на општина Гевгелија"?

На овој референдум право на глас имале 19.459 жители на Општина Гевгелија. Вкупно гласале 13.384 гласачи (68.78% од вкупниот број регистрирани гласачи). Од нив ЗА гласале 154, ПРОТИВ биле 13.097 и 133 биле неважечки гласачки ливчиња. Референдумот во Општина Гевгелија го исполнил цензусот за да биде легитимен, меѓутоа според градоначалникот на Општина Гевгелија, Сашко Поцков, проблемот за достигнување на цензус кога станува збор за референдуми зависи од повеќе фактори, и тоа: „Прво, кај граѓаните не постои доволно развиена политичка свест за искористување на овој облик на непосредно изјаснување. Второ, проблемот со цензусот зависи или

27 Прашалник одговорен од Општина Валандово

28 Закон за референдум и други облици на непосредно изјаснување на граѓаните, „Службен весник" (септември, 2005)

29 Прашалник одговорен од Општина Валандово

30 Прашалник одговорен од Општина Валандово

од недоволната или од лошо водена пропаганда од иницијаторот за успех/неуспех на одржаниот референдум, односно недоволната информираност на месното население со позитивните/негативните аспекти од прифаќање на граѓанската иницијатива. Трето, недоволниот ценզус зависи и од разновидните лоби групи коишто работат непосредно на терен заради обезбедување слаб одѕив на населението".

Советот на Општина Гевгелија донел Одлука за пренамена на Буџетот на Општина Гевгелија за 2017 година, со којашто биле одобрени 1.600.000 денари за спроведување на овој Референдум.

Против отворањето на рудници на територијата на општина Гевгелија биле вклучени невладиниот сектор, медиумите и заинтересираната јавност од општина Гевгелија, како и од поширокиот регион.[31]

### 3.3 Форуми на локални заедници

Граѓанското учество е еден од клучните показатели за демократизацијата на една земја. Идејата е граѓаните да го подобрат својот живот, да го дадат својот придонес нудејќи ги своите идеи, односно учествувајќи во процесите на носење одлуки.

Форумот е демократска алатка за да се слушнат мислењата и предлозите на граѓаните. Форумот на заедницата е една од најкорисните алатки за успешно вклучување на граѓаните во процесот на донесување одлуки на локално ниво и се организира со цел да се дефинираат приоритетите и потребите на граѓаните во повеќе сфери од секојдневното живеење во општината.

Со моделот за партиципативно учество на граѓаните во донесувањето одлуки: се создаваат и се јакнат капацитетите на сите вклучени страни, се подобрува соработката и се подобрува животот на луѓето во заедницата.

Според Дејан Павлевски – заменик-министер за локална самоуправа, „со Законот за локална самоуправа се дефинирани можностите кои се нудат за вклученост на граѓаните во процесите на одлучување на општинско ниво. Граѓаните се застапени преку своите претставници коишто ги избираат на избори и во комуникација со нив можат да делуваат при носење на одлуките на општинско ниво, меѓутоа со закон се гарантира и директната вклученост на граѓаните при носење на одлуките, а тоа е референдумот, граѓанска иницијатива и собир на граѓани, така што законски тоа е дефинирано, а друго е прашањето за цензусите што се потребни за да бидат овие механизми успешни и мој личен став е дека цензусите треба да бидат намалени".[32]

Граѓаните се заинтересирани за ваков начин на комуникација со локалната самоуправа и се полни со идеи за соработка. Од последниот форум спроведен во општина Свети Николе во 2018 година, учество земале голем број на граѓани од повеќе сфери на дејствување. Произлезени се готови проекти кои ќе се реализираат од страна на општината, но и листа на препораки со проекти до градоначалникот кои е потребно во иднина да се реализираат[33]

Постои интерес на општината, постојат познавања на механизми за вклучување на граѓаните, но од друга страна, се наидува на незаинтересираност од страна на граѓаните да бидат вклучени, што особено се покажа со одржување на последниот форум на заедниците одржан во општина Карбинци.[34]

31 Прашалник одговорен од Општина Гевгелија

32 Интервју со Дејан Павлевски, заменик-министер за локална самоуправа, 05.06.2019

33 Прашалник одговорен од Општина Свети Николе

34 Прашалник одговорен од Општина Карбинци

Дали и колку се подготвени општините, тоа е политичка одлука на самите општини, но се работи и за административните капацитети на општините. Во секој случај, една од главните претпоставки за власта да функционира на локално ниво е претпоставката за: отвореност, транспарентност и вклученост на граѓаните при носење на одлуки од важност за нив. Во тој дел е потребно општините многу повеќе да се отворат и да најдат механизми за комуникација со граѓаните.

Што се однесува за вклученоста на граѓаните, Дејан Павлевски посочува дека ќе мора да се работи малку повеќе на тоа и дека и Министерството за локална самоуправа работи на тоа. Се реализираат проекти со УНДП, Швајцарската амбасада, се работи на подигање на капацитетите на општинските совети, администрацијата и вклученоста на граѓаните, една од тие активности е форумот на заедниците при носење на општинските буџети. Во услови кога постои недоверба на институциите, кога граѓаните ја изгубија довербата, локалните власти се тие кои е потребно да ги анимираат граѓаните и преку градење механизми со нови технологии да ги сензибилизираат и да ги поттикнат на граѓанско учество и кога ќе почне да се враќа довербата, граѓаните ќе ја зголемуваат својата проактивност".[35]

Резултатите од спроведување на форумите на заедниците се задоволство на граѓаните бидејќи добиле можност преку директна вклученост да одлучуваат за политики на локално ниво, а општината на директен начин да добие сознанија за своето работење и за проблемите на локално ниво кои приоритетно е потребно да бидат решени.[36]

Форумите на заедниците не се законска обврска, туку волја и иновативност како да се доближи она што е барање на граѓаните, до она што значи конкретизирање во програми. Многу е важно да им се даде поголема моќ на месните заедници, затоа што тоа е институционализирање на граѓанското мислење, преку форма која е уставно гарантирана. Месната самоуправа е уставна категорија и ако се зајакне овој институт ќе се направи многу за јакнење на довербата на граѓаните кон институциите, бидејќи граѓаните директно ќе бидат вклучени и ќе имаат можност да ги наметнат своите приоритети. Основна претпоставка за функционирање на демократијата не е секогаш регулирањето со закон, туку и давање можност за директна вклученост.[37]

## ЗАКЛУЧОК

„Вистинската демократија почнува од општинско ниво".38 Вака стои насловот на една колумна на Престон Манинг[39] во врска со важноста на локалната демократија и проактивниот пристап на граѓаните на локално ниво во Канада. Од изработката на темата, може да дојдеме до заклучок дека од суштинско значење е промовирањето и работењето врз идејата за учество на граѓаните во процесите на донесување одлуки на локално ниво. Локалната самоуправа е првата адреса за секој граѓанин, институција каде граѓаните директно ја доживуваат својата локална заедница. Релацијата помеѓу

35 Интервју со Дејан Павлевски, заменик-министер за локална самоуправа, 05.06.2019

36 Прашалник одговорен од Општина Карбинци

37 Интервју со Дејан Павлевски, заменик-министер за локална самоуправа, 05.06.2019

38 Preston Manning, „True democracy starts with the municipal", 15.07.2013, https://www.theglobeandmail.com/opinion/true-democracy-starts-with-the-municipal/article13769781/ [04.09.2019]

39 Ернест Престон Менинг (роден на 10 јуни 1942 година) е канадски политичар. Тој бил основач и единствен водач на Реформската партија на Канада, Канадска федерална политичка партија, што се разви во Канадската алијанса, која, пак, се спои со Прогресивната конзервативна партија за формирање на денешната Конзервативна партија на Канада.

граѓанинот и власта е несомнено најблизу на ова ниво. Токму тука граѓаните го имаат најголемото влијание врз промената и спроведувањето на одредени решенија поврзани со нив.

Од податоците добиени од истражувањето може да се каже дека на граѓаните на Северна Македонија преку Законот за локална самоуправа им е гарантирана можноста за нивна вклученост во процесите на одлучување на општинско ниво. Тоа може да го направат преку своите претставници коишто ги избираат на избори или, пак, преку директната вклученост на граѓаните при носење на одлуките преку референдум, граѓанска иницијатива или, пак, собир на граѓани.

Што се однесува до директната вклученост на граѓаните во процесите на локално ниво, податоците добиени за одредени општини говорат дека граѓаните од осамостојувањето, до сега, имале одреден степен на активна вклученост во решавањето или подобрувањето на одредени прашања што ги тангираат самите нив. Токму позитивните практики, како: етаблирањето на локалните младински совети и нивното функционирање во одредени општини; етаблирањето на форуми на заедниците, како во општините Свети Николе и Карбинци; организираните референдуми за локални прашања, од кои дел биле успешни, дел не, бидејќи не се постигнал цензус, се показател дека, сепак, процесот на демократизацијата и активното учество на граѓаните на локално ниво оди во позитивна насока, со простор на подобрување на овој тренд на национално ниво.

Од реализираните интервјуа со дел од градоначалниците на општините, но и заменик-министерот за локална самоуправа, впечаток е дека ќе мора да се работи повеќе за поголема инклузија на граѓаните во локалните процеси.

## ПРЕПОРАКИ

Од изработката на трудот би можеле да се извлечат следните препораки како патокази за можни иницијативи и акции во иднина:

- Организирање обуки и јавни трибини за споделување на информации околу улогата и активното учество на граѓаните на локално ниво. Потенцијален носител на акцијата би можел да биде невладиниот сектор, во соработка со локалната самоуправа.

- Промовирање на важноста на улогата на месните заедници преку тркалезни маси и граѓански собири, како структури од каде што почнува директното вклучување на граѓаните за донесување на одлуки на локално ниво. Ваквите иницијативи може да се поддржат од страна на странските донатори, како, на пример: УНДП, УСАИД и амбасадите, во соработка со локалната самоуправа.

- Дефинирање на буџет за младинските совети за нивна одржливост во долгорочен временски интервал. Освен ова, клучно би било и департизација на советот, преку: активно вклучување на младински организации, клубови, секции, и слично. Носител на акцијата би била Агенцијата за млади и спорт, во соработка со општините.

### Користена литература

1. Агенција за млади и спорт, НАЦИОНАЛНА СТРАТЕГИЈА ЗА МЛАДИ, СКОПЈЕ, 2016, 17
2. Агенција за млади и спорт – „ПРОИЗНЕСУВАЊЕ ПО ПРЕДЛОГОТ НА НАЦИОНАЛЕН МЛАДИНСКИ СОВЕТ“, СКОПЈЕ, 2018
3. БЕЛА КНИГА ЗА ЕВРОПСКО УПРАВУВАЊЕ, 2001

4. ГРАЃАНИТЕ КАКО ПАРТНЕРИ: ОЕСР „ПРИРАЧНИК ЗА ИНФОРМИРАЊЕ, КОНСУЛТИРАЊЕ И ЈАВНО УЧЕСТВО ВО КРЕИРАЊЕТО ПОЛИТИКИ“, 2001

5. Д-р Дарко Спасевски, д-р Ивана Шумановска Спасовска..., „РЕФЕРЕНДУМ НА ЛОКАЛНО НИВО: РЕАЛНОСТ ИЛИ ФИКЦИЈА?“

6. „ЕФЕКТИВНО УЧЕСТВО НА ГРАЃАН(К)ИТЕ, ИМПЕРАТИВ ЗА ЗДРАВО ДЕМОКРАТСКО ОПШТЕСТВО“, https://civilmedia.mk/jefktivno-utchstvo-na-graankit-imprativ-za-zdravo-dmokratsko-opschtstvo/ [21.04.2019]

7. ЗАКОН ЗА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, „СЛУЖБЕН ВЕСНИК“ (ЈАНУАРИ, 2002)

8. ЗАКОН ЗА РЕФЕРЕНДУМ И ДРУГИ ОБЛИЦИ НА НЕПОСРЕДНО ИЗЈАСНУВАЊЕ НА ГРАЃАНИТЕ, „Службен весник“ (септеври, 2005)

4. Сите референдуми во Македонија, достапно на https://prizma.mk/site-referendumi-vo-makedonija/

9. УНИВЕРЗАЛНА ДЕКЛАРАЦИЈА ЗА ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА УСВОЕНА И ПРОКЛАМИРАНА ОД ГЕНЕРАЛНОТО СОБРАНИЕ НА ОН, РЕЗОЛУЦИЈА 217А(ИИИ), 10 ДЕКЕМВРИ, 1948

10. УСТАВ НА РСМ, „СЛУЖБЕН ВЕСНИК“ (НОЕМВРИ, 1991)

11. PARTICIPATORY METHODS TOOLKIT, A PRACTITIONER’S MANUAL, KING BAUDOUIN-FOUNDATION AND FLEMISH INSTITUTE FOR SCIENCE AND TECHNOLOGY ASSESSMENT, 2005

12. Preston Manning, „TRUE DEMOCRACY STARTS WITH THE MUNICIPAL“, 15.07.2013, https://www.theglobeandmail.com/opinion/true-democracy-starts-with-the-municipal/article13769781/ [04.09.2019]

13. Timothy D. Sisk, DEMOCRACY AT THE LOCAL LEVEL THE INTERNATIONAL IDEA HANDBOOK ON PARTICIPATION, REPRESENTATION, CONFLICT MANAGEMENT, AND GOVERNANCE, (Stockholm: International IDEA Handbook Series 4, 2001)

14. Јоана Косма, Кристина Јованова, „УЧЕСТВО НА ГРАЃАНИТЕ ВО НОСЕЊЕТО НА ОДЛУКИ НА ЛОКАЛНО НИВО“, OSCE

15. ИНТЕРВЈУ СО БОБАН МИЛОСАВЛЕСКИ, член на локален младински совет – тетово, 20.06. 2019

16. ИНТЕРВЈУ СО ДЕЈАН ПАВЛЕВСКИ, заменик-министер за локакна самоуправа, 05.06.2019

17. ИНТЕРВЈУ СО САЊА БОЖОВИЌ, поранешен член на МОФ и координатор на проектот на основање на локалните младински совети, 27.05.2019

18. ИНТЕРВЈУ СО СТЕФАН МАНЕВСКИ, поранешен директор на Центар за меѓукултурен дијалог, 28.05.2019

19. Прашалник одговорен од Општина Валандово

20. Прашалник одговорен од Општина Гевгелија

21. Прашалник одговорен од Општина Карбинци

22. Прашалник одговорен од Општина Свети Николе

# ЕДНАКОВ ПРИСТАП НА МАРГИНАЛИЗИРАНИТЕ ГРУПИ НА ПАЗАРОТ НА ТРУДОТ

**Наташа Димеска**
**Стојан Станиславскинatas**
**Петре Трајковски**
**Мерал Мусли Тајроска**

Ментор: Нита Старова

## ВОВЕД

### Историја на маргинализација

Маргинализацијата постоела одамна. Да се биде маргинализиран значи да се биде дискриминиран врз основа на: раса, нација, финансиски статус или припадност на различна група. Лицата кои се маргинализирани се третираат како лица со помала вредност, а со тоа може негативно да се влијае врз целото општество. Како што, на пример, во Египет и Индија сè уште постојат, таканаречени, „касти“ или група која е дискриминирана врз основа на потеклото и финансискиот статус. Сепак, најпознат случај на дискриминација врз основа на расата на човекот, односно бојата на кожата, е афро-американската маргинализација која започнала уште во 1800 година и траела до 1900 година. Луѓето со црна кожа биле третирани како робови и не уживале никакви права, сопствениците на робовите можеле да ги линчуваат Афро-Американците без да одговараат кривично. А, сегрегацијата на Афро-Американците траела дури и до 1980 година. Во САД, исто така, сè уште е актуелна мигрантската маргинализација на Мексиканците, заснована, исто така, врз нивното потекло. Иако повеќето мигранти се регистрирани, тие сè уште наидуваат на дискриминација. Во минатото, исто така, може да се види родово базирана дискриминација врз жените, така што жените не уживале никакви права и нивното место се сметало дека е само во кујната и за раѓање деца. Почнувајќи од 1840 година до 1920 година, жените започнале да се здружуваат во борбата за нивните права за еднаквост во општеството. Таа борба трае до денес. Независноста на Република Македонија, во 1991 година, како и на преминот од планирана, во пазарна економија, го означи почетокот на долга и социјално болна транзиција. Процесот на транзиција беше проследен со приватизација и реструктурирање на компаниите и затворање на голем број непрофитабилни индустриски капацитети. Како резултат на тоа, голем дел од работната сила во Република Северна Македонија стана непотребна,

невработеноста и стапките на сиромаштија се зголемија бргу, а животниот стандард значително се влоши. Во такви околности, сиромаштијата и социјалната исклученост, како комплексни и мултидимензионални проблеми, доведоа до лишување од човековите права, бидејќи ранливите групи не можеа да ги задоволат основните животни потреби. Релативната стапка на сиромаштија во Република Северна Македонија, што е сè уште многу висока, 28,7%, укажува на сериозноста на овој проблем[1]. А, согласно Законот за спречување и заштита од дискриминација, кој беше усвоен во 2019 година, „се забранува секоја дискриминација врз основа на: раса, боја на кожа, потекло, национална или етничка припадност, пол, род, сексуална ориентација, родов идентитет, припадност на маргинализирана група, јазик, државјанство, социјално потекло, образование, религија или верско уверување, политичко уверување, друго уверување, попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба, лична особина и општествен статус, или било која друга основа".

## Маргинализирани групи на пазарот на трудот

Дискриминацијата на пазарот на трудот може да се појави во многу различни средини, од урбани, до рурални, и во различни форми. Може да влијае врз мажите или жените, или затоа што: нивната раса или боја на кожа, национална екстракција или социјално потекло, религија или политички ставови се разликуваат од оние на другите.

Државите често одлучуваат да ги забранат разликите или исклучоците и да забранат дискриминација и врз други основи, како што се: инвалидитет, ХИВ статус или возраст. Дискриминацијата на пазарот на трудот ги негира можностите на поединци да бидат активни учесници и ги оштетува општествата за она што може да придонесат овие поединци. Отстранувањето на дискриминацијата започнува со целосна забрана на бариерите и обезбедување рамноправност во пристапот до: образованието, обуките, како и креирањето можности за еднакво искористување на земјата и кредитите. Тоа се овозможува со креирање политики и практики поврзани со: ангажирање, доделување задачи, услови за работа, плати, надоместоци, промоции, отпуштања и прекинување на вработувањето. Заслугите и способноста за вршење на работата, а не ирелевантни карактеристики, треба да бидат основен водич при вработување или прекинување на работниот однос.

Дискриминацијата при вработувањето или занимањето може да биде директна или индиректна. Директна дискриминација постои кога законите, правилата или практиките експлицитно наведуваат одредена основа при вработувањето, како што се: пол, раса, итн. за да се одречат еднаквите можности. На пример, ако сопругата, но не и сопругот, мора да добие согласност од брачниот другар да аплицира за кредит или обука за да се вработи со одредена професија, тоа би била директна дискриминација врз основа на пол.

Индиректна дискриминација се случува кога правилата или практиките се поставуваат без намера да дискредитираат, но на тој начин сепак исклучуваат одредени групи. Барањето исклучиво на кандидати за работно место со одредена висина, на пример, може да води до исклучување на жените и членовите на некои етнички групи. Освен ако одредената висина не е апсолутно неопходна за извршување на конкретната работа, ова би илустрирало индиректна дискриминација..

1 http://www.mtsp.gov.mk/WBStorage/Files/bls_eng.pdf

Еднаквоста на работа значи дека на сите поединци треба да им се дадат еднакви можности за целосно да ги развиваат: знаењата, вештините и компетенциите кои се релевантни за економските активности што сакаат да ги извршуваат. Мерките за промовирање на еднаквоста треба да ги имаат предвид: разновидноста на културата, јазикот, семејните околности и способноста за читање и справување со бројките.

Токму затоа, предмет на овој труд ќе биде дискриминацијата на пазарот на трудот со која се соочуваат различни типови граѓани, а која се манифестира врз целосната социо-економска слика на нашата држава.

Според Конвенцијата бр. 111 за дискриминација и окупација од 1958 година[2] од страна на Меѓународната организација на трудот (МОТ/ILO) и меѓународните трудови стандарди, терминот дискриминација во себе ја вклучува:

- Секоја дистинкција, исклучување или претпочитање на: расата, бојата на кожата, полот, религијата, политичкото мислење, националната екстракција или социјално потекло, што има ефект на поништување или нарушување на еднаквите можности или третман при вработување или занимање;
- Таква друга дистинкција, исклучување или претпочитање кое има ефект на поништување или нарушување на еднаквите можности или третман при вработување или занимање, како што може да биде определено од страна на засегнатата земја-членка, по консултации со организациите на претставничките работодавачи и работници, онаму каде што постојат, и со други соодветни тела.

Конвенцијата бр. 111 обезбедува важна рамка за промовирање на правата на жените и мажите до еднаквост и пристојна работа што ги почитува нивните потреби и аспирации не е само прашање на човековите права, туку е клучно за постигнување на меѓународните и националните развојни цели.

Република Северна Македонија оваа Конвенција ја ратификувала и целосно ставила во сила на 17 ноември, 1991 година. Целта на овој документ е да се нотираат проблемите и недостатоците во делот на појавата на дискриминација на пазарот на трудот од страна на работодавачите и системот во целост и да се дадат конкретни препораки за подобрување на целосната слика во нашата држава.

Концептите на недискриминација и еднакви можности со децении се дел од клучните принципи на меѓународната заедница и едно од полињата кои треба да се развива за добробит на целото општество.

Бројни истакнати меѓународни инструменти, вклучувајќи ги и конвенциите на Обединетите нации и на Меѓународната организација на трудот, се вкоренети во универзалните принципи на човековите права, основните слободи и еднаквоста. Денес, на пазарот на трудот, компаниите кои сакаат да бидат лидери, поставуваат пример за корпоративна социјална одговорност со градење продуктивна и разновидна работна сила. Бизнисите кои успеваат одлучно да ги елиминираат дискриминаторски практики и да создадат на услови за разновидност и еднаквост на можностите и третман при вработување, често одат подалеку од она што од нив се очекува според прописите.

Работодавачите кои прифаќаат таков пристап на вработување може да произведат голем број бизнис предности: нови пазари, подобрување на моралот на вработените, намалена изложеност на правни предизвици и зголемување на нивната репутација во општеството.

2 https://www.ilo.org/dyn/normlex/en/f?p=NORMLEXPUB:12100:0::NO::P12100_ILO_CODE:C111

Стандарди на **IFC**[3]**- International Finance Corporation** се оние кои, всушност, најмногу може да придонесат во раздвижувањето на пазарите и да ги мотивираат работодавачите да го изменат стандардот на нивните вработени. Според нив, за креирање реален финансиски бенефит работодавачите ќе престанат да вработуваат по досегашните стандарди и правила за вработување, односно ќе започнат да регрутираат и лица од маргинализираните групи, на кои ќе им обезбедат соодветни обуки и можности за стекнување знаења и компетенции кои ќе придонесат за развој не само на бизнисот, туку и на општествената перцепција на целата таа маргинализирана заедница.

Законите и пропишаните стандарди за недискриминација при вработувањето се оние кои дополнително треба да ги мотивираат големите работодавачи, бидејќи стандардните услови за вработување, како и посебните мерки за заштита или помош на работното место, се доволно високи и ги задоволуваат потребите за секоја група граѓани.

За издигнување на свеста на работодавачите и бизнис секторот за поголемо вклучување на пазарот на трудот на луѓето од маргинализираните група, е потребна стратегија. Но, за имплементирање на истата е потребна активна вклученост и изменета свест на бордот кој управува со една компанија.

Ревизијата, процената на потребите од кадар, јасноста на целите кои сака компанијата да ги постигне, но и промоција на диверзитетот, различноста како неопходна општествена одговорност, е најважниот дел од развојот на еден пазар, но и од имплементирањето на законските регулативи и поттикнувањето на развојот.

Промовирањето на различноста и подигнувањето на јавната свест во рамките на една компанија треба да се заснова врз јасни, квантитативни цели во дефинирани временски рамки. Редовната контрола на напредокот и имплементацијата, но и транспарентноста на акциите може да го намали чувството дека само една од маргинализираните групи е опфатена со стратегиите за развој. Токму затоа, пред да започнат со инклузивноста компаниите треба да ги поттикнат поединците кои веќе работат тука да ја изменат својата свест, да бидат подготвени за развој и заеднички напредок.

Транспарентната комуникација и споделувањето на информациите и целосната стратегија придонесуваат кон оваа отвореност и градење на еден поинаков колективен дух, бидејќи правењето план за целокупната организација не може да се реализира без учество на поединецот и личниот придонес во соодветните цели на менаџерскиот тим.

Праксата покажа дека законските регулативи не се доволни за изменување на перцепцијата на работодавачите за поголема инклузивност. Токму затоа, секоја иницијатива треба да се обработи со: целосна визија, цели и индикатори на успех кои ќе бидат утврдени на почетокот на процесот, за да може да се следи реалниот развој.

## Отворено интервју со Татјана Арсовска, основач на Здружението за промоција и развој на инклузивно општество „Инклузива“ – Куманово

Отвореното интервју со Татјана Арсовска, една од основачите на Здружението за промоција и развој на инклузивно општество „Инклузива“ – Куманово, вроди со плод, при што таа ја нотираше актуелната состојба за маргинализираните лица и нивната актуелна вклученост на пазарот на трудот, како и негативните примери на наидување на отпор и неразбирање на потребите на овие лица во општествениот систем од страна на институциите.

3 https://www.ifc.org/errorpage.html

Здружението „Инклузива", кое ги поседува највисоките ISSO стандарди за квалитет за својата дејност, како и ревизија и потврдување на резултатите преку годишните извештаи за нивното работење до надлежните светски организации кои ги потврдуваат овие стандарди, има равиено соработка со неколку здруженија од граѓанскиот сектор. Тие имаат вложено максимални напори за интеграција и инклузија на маргинализираните лица, најмногу на лицата со попреченост на пазарот на трудот, при што ни беа презентирани следните податоци:

- „Инклузива" има посредувано за вработување на 138 лица во североисточниот регион на земјата.

- Во соработка со граѓанското здружение „Хендимак" – Тетово, чиј претседател е Адем Идризи, само во полошкиот регион „Инклузива" има посредувано за 46 вработувања на лица со секаков вид на попреченост.

- Според податоците на Здружението, во соработка со здружението „Моја кариера", најслаба е застапеноста на вработени маргинализирани лица, лица со попреченост, во скопскиот регион, во кој се вработени само 2 лица.

Од вработените лица со попреченост само незначителен број се вработени во институции, додека повеќето од нив се вработени во заштитни друштва. Од нив може да се издвојат вработувања во „Алфи Техноцентар" – Куманово, која е заштитна фирма и чија дејност има широк опсег. Претпријатието се занимава со производство и трговија на: градежен материјал, текстил и останати продукти, кои ги преработуваат и нудат на пазарот. Лицата вработени во претпријатието се дел од истото во континуитет години наназад каде успешно ги извршуваат работните задачи. „Алфи Техноцентар", во моментов, има преку 100 вработени, од кои 60 се лица со некаква попреченост, а прво лице со попреченост кое е вработено е глуво лице. Ментор на лицата со попреченост со коишто здружението „Инклузива" посредува е лице коешто е вработено во претпријатието, а потекнува од глуви родители. Посредувањето при вработување помеѓу здружението „Инклузива" и „Алфи Техноцентар", Здружението го организира со помош на доброволни волонтери кои се членови на Здружението и кои даваат значителен придонес во вработувањето и помошта при работа на овие лица.

Друго претпријатие во кое се вработени 6 лица со попреченост, е ресторанот и пекарницата „Баба Цана", каде челниот пекар за производите од тесто е лице со телесна попреченост. Останатите лица се вработени во преработката на месните производи.

Во североисточниот регион, вработување на маргинализираните лица има во неколку градови: Крива Паланка, Кратово, Куманово, Штип, Пробиштип, од кои најмногу вработени лица има во градот Штип. Овде може да се спомене соработката со текстилното претпријатие „Искра" од Штип, каде самото претпријатие обезбедува соодветни доквалификации за вработените со цел да помагаат на лицата со попреченост во процесот на работа.

За жал, од наведените региони најслаба застапеност на посредување при вработување на лица со попреченост има во скопскиот регион, што се должи на неотвореноста за соработка со здружението „Инклузива" од страна на другите граѓански здруженија и работодавачите во регионот.

Здружението за посредување при вработувањето реализира повеќе активности преку проекти. Одржани се неколку четиричасовни обуки за лицата со попреченост и со претставници од деловната заедница каде, практично, учесниците се обучувале за пристапување кон вработувањето. За лицата со попреченост: како да подготват CV, мотивациско писмо, како да комуницираат со работодавачот, додека на претставниците

од деловната заедница им било предочено за активностите кои треба да ги преземат за да ја зголемат пристапноста на лицата со попреченост кон вработувањето и работата во нивните претпријатија. Исто така, покрај обуките, „Инклузива“ во континуитет работи на посредување меѓу самите фирми и лицата со попреченост во самиот процес на работа по нивното вработување, што е слично на новините во Законот за социјална заштита во делот каде се споменува Case Management, или менаџирање на случај.

Во делот на соработката со институциите, може да се спомене дека во периодот од 2012-2016 година за првпат се направени напори, преку проект на УСАИД и Министерството за образование, да се спроведат обуки за да се подобри системот на посредување при вработување на маргинализираните лица. Но сепак, иако проектот бил ставен на хартија, Министерството немало доволно слух за потребата од самиот проект и затоа истиот не е во целост реализиран.

Она што претставува позитивна заложба е тоа што се споменува Новата мерка за обезбедување бенефити при вработување на лицата со попреченост за претпријатијата, донесена од Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија оваа година, која го олеснува пристапот на информации за лицата и за работодавачите, според која АВРСМ се јавува како посредник при вработувањето на овие лица.

## Вработени лица со попреченост по региони




Сепак, според статистиката која ја поседува АВРСМ за лицата со попреченост, клучен проблем е што од нив скоро воопшто нема евидентирани активни баратели на работа. Според „Инклузива“, ова се должи, најверојатно, на проблемот со видот и степенот на образование што на државно ниво е обезбедено за овие лица, односно дел од нив се само со завршено основно образование. Како друг проблем кој се наведува се програмите за обука и усовршување на струки за лицата со попреченост кои датираат уште од СФРЈ и не се адаптирани на новото време.

## ПРЕГЛЕД

### на невработени инвалидни лица според возрасна структура со состојба 31.12.2018 година

АГЕНЦИЈА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

| | Центар за вработување | Вкупно | | од 15 до19 години | | од 20 до 24 години | | од 25 до 29 години | | од 30 до 34 години | | од 35 до 39 години | | од 40 до 44 години | | од 45 до 49 години | | од 50 до 54 години | | од 55 до 59 години | | од 60 години и повеќе | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | 12 | 13 | 14 | 15 | 16 | 17 | 18 | 19 | 20 | 21 | 22 | 23 | 24 |
| 1 | Берово | 40 | 16 | 0 | 0 | 0 | 0 | 4 | 1 | 5 | 2 | 11 | 4 | 7 | 2 | 4 | 3 | 4 | 3 | 3 | 1 | 2 | 0 |
| 2 | Битола | 152 | 72 | 2 | 0 | 6 | 3 | 14 | 4 | 17 | 5 | 15 | 9 | 14 | 7 | 9 | 4 | 19 | 4 | 35 | 23 | 21 | 13 |
| 3 | Валандово | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 4 | Велес | 67 | 25 | 0 | 0 | 1 | 0 | 6 | 3 | 5 | 2 | 10 | 2 | 14 | 6 | 10 | 5 | 6 | 1 | 11 | 5 | 4 | 1 |
| 5 | Виница | 17 | 6 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 1 | 3 | 0 | 5 | 3 | 2 | 0 | 2 | 0 | 1 | 1 | 2 | 1 | 1 | 0 |
| 6 | Гевгелија | 9 | 2 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 1 | 1 | 1 | 2 | 0 | 2 | 0 | 1 | 0 | 1 | 0 | 1 | 0 |
| 7 | Гостивар | 39 | 10 | 0 | 0 | 1 | 0 | 2 | 0 | 6 | 2 | 4 | 1 | 8 | 1 | 5 | 3 | 6 | 1 | 6 | 2 | 1 | 0 |
| 8 | Дебар | 11 | 1 | 1 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 1 | 0 | 1 | 1 | 1 | 0 | 1 | 0 | 4 | 0 |
| 9 | Делчево | 39 | 7 | 2 | 1 | 4 | 0 | 5 | 1 | 6 | 1 | 0 | 0 | 6 | 1 | 4 | 0 | 5 | 1 | 5 | 2 | 2 | 0 |
| 10 | ДемирХисар | 13 | 3 | 0 | 0 | 2 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 5 | 0 | 2 | 2 | 2 | 1 | 0 | 0 |
| 11 | Кавадарци | 20 | 6 | 1 | 0 | 3 | 1 | 2 | 1 | 3 | 2 | 3 | 0 | 2 | 1 | 1 | 1 | 2 | 0 | 2 | 0 | 1 | 0 |
| 12 | Кичево | 17 | 8 | 0 | 0 | 1 | 1 | 3 | 1 | 3 | 1 | 1 | 1 | 2 | 1 | 1 | 0 | 1 | 0 | 3 | 2 | 2 | 1 |
| 13 | Кочани | 40 | 14 | 0 | 0 | 1 | 1 | 5 | 1 | 7 | 2 | 4 | 2 | 5 | 0 | 5 | 4 | 6 | 1 | 2 | 1 | 5 | 2 |
| 14 | Кратово | 11 | 4 | 1 | 0 | 1 | 1 | 1 | 0 | 1 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 1 | 2 | 1 | 4 | 0 |
| 15 | КриваПаланка | 21 | 6 | 0 | 0 | 3 | 0 | 0 | 0 | 3 | 2 | 2 | 0 | 1 | 0 | 3 | 0 | 2 | 1 | 3 | 1 | 4 | 2 |
| 16 | Крушево | 3 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 1 | 1 | 0 | 0 | 1 | 0 |
| 17 | Куманово | 146 | 47 | 2 | 1 | 13 | 4 | 16 | 5 | 13 | 3 | 10 | 3 | 18 | 6 | 16 | 4 | 19 | 4 | 26 | 12 | 13 | 5 |
| 18 | Македонски Брод | 18 | 5 | 0 | 0 | 4 | 1 | 1 | 0 | 2 | 1 | 0 | 0 | 3 | 0 | 1 | 1 | 3 | 2 | 3 | 0 | 1 | 0 |
| 19 | Неготино | 22 | 6 | 3 | 0 | 3 | 0 | 0 | 0 | 6 | 1 | 3 | 2 | 1 | 0 | 0 | 0 | 4 | 2 | 0 | 0 | 2 | 1 |
| 20 | Охрид | 43 | 14 | 1 | 0 | 2 | 0 | 5 | 1 | 8 | 3 | 5 | 1 | 3 | 2 | 7 | 1 | 3 | 2 | 5 | 3 | 4 | 1 |
| 21 | Прилеп | 108 | 36 | 1 | 0 | 7 | 2 | 11 | 5 | 9 | 4 | 12 | 3 | 14 | 6 | 8 | 3 | 15 | 5 | 18 | 5 | 13 | 3 |
| 22 | Пробиштип | 23 | 8 | 2 | 1 | 2 | 0 | 1 | 1 | 2 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 3 | 1 | 5 | 1 | 5 | 1 | 1 | 0 |
| 23 | Радовиш | 31 | 13 | 0 | 0 | 2 | 0 | 3 | 2 | 4 | 2 | 2 | 0 | 3 | 1 | 5 | 1 | 1 | 1 | 7 | 5 | 4 | 1 |
| 24 | Ресен | 12 | 3 | 0 | 0 | 2 | 0 | 2 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 2 | 1 | 2 | 1 | 2 | 1 | 1 | 0 | 0 | 0 |
| 25 | Свети Николе | 27 | 12 | 0 | 0 | 1 | 0 | 4 | 1 | 4 | 2 | 0 | 0 | 1 | 1 | 5 | 3 | 3 | 1 | 4 | 1 | 5 | 3 |
| 26 | На град Скопје | 266 | 79 | 2 | 1 | 13 | 3 | 19 | 6 | 34 | 10 | 28 | 11 | 43 | 14 | 40 | 7 | 31 | 7 | 30 | 13 | 26 | 7 |
| 27 | Струга | 17 | 6 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 3 | 1 | 3 | 0 | 1 | 0 | 3 | 2 | 3 | 1 | 4 | 2 | 0 | 0 |
| 28 | Струмица | 25 | 9 | 0 | 0 | 6 | 2 | 2 | 1 | 5 | 3 | 2 | 1 | 1 | 1 | 3 | 0 | 0 | 0 | 4 | 1 | 2 | 0 |
| 29 | Тетово | 21 | 3 | 0 | 0 | 2 | 0 | 0 | 0 | 2 | 0 | 3 | 1 | 6 | 1 | 1 | 0 | 2 | 1 | 2 | 0 | 3 | 0 |
| 30 | Штип | 69 | 18 | 0 | 0 | 3 | 0 | 4 | 1 | 3 | 2 | 13 | 3 | 11 | 4 | 6 | 1 | 10 | 3 | 12 | 3 | 7 | 1 |
| **Вкупно** | | **1328** | **440** | **18** | **4** | **83** | **19** | **112** | **36** | **157** | **54** | **140** | **49** | **174** | **57** | **152** | **46** | **159** | **48** | **199** | **86** | **134** | **41** |

АГЕНЦИЈА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

ПРЕ ГЛЕД
на невработени инвалидни лица според школска подготовка со состојба на 31.12.2018 година

| | Центар за вработување | Вкупно | | Без образование и со основно образование | | Не потполно средно образование | | Завршено средно образование | | Више образование | | Високо образование | | Магистри на науки | | Доктори на науки | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | 12 | 13 | 14 | 15 | 16 | 17 | 18 |
| 1 | Берово | 40 | 16 | 27 | 12 | 6 | 2 | 7 | 2 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 2 | Битола | 152 | 72 | 84 | 35 | 29 | 17 | 31 | 17 | 4 | 2 | 4 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 3 | Валандово | 1 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 4 | Велес | 67 | 25 | 45 | 15 | 9 | 3 | 11 | 5 | 1 | 1 | 1 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 5 | Виница | 17 | 6 | 9 | 3 | 6 | 2 | 1 | 0 | 0 | 0 | 1 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 6 | Гевгелија | 9 | 2 | 3 | 1 | 2 | 1 | 4 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 7 | Гостивар | 39 | 10 | 22 | 7 | 8 | 1 | 8 | 2 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 |
| 8 | Дебар | 11 | 1 | 5 | 1 | 2 | 0 | 4 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 9 | Делчево | 39 | 7 | 28 | 4 | 4 | 0 | 6 | 3 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 10 | ДемирХисар | 13 | 3 | 6 | 1 | 2 | 1 | 5 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 11 | Кавадарци | 20 | 6 | 8 | 4 | 5 | 0 | 7 | 2 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 12 | Кичево | 17 | 8 | 5 | 2 | 2 | 1 | 7 | 3 | 0 | 0 | 3 | 2 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 13 | Кочани | 40 | 14 | 22 | 7 | 10 | 2 | 7 | 5 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 |
| 14 | Кратово | 11 | 4 | 5 | 2 | 1 | 0 | 5 | 2 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 15 | КриваПаланка | 21 | 6 | 13 | 4 | 1 | 0 | 7 | 2 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 16 | Крушево | 3 | 1 | 3 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 17 | Куманово | 146 | 47 | 88 | 26 | 23 | 7 | 31 | 11 | 1 | 1 | 3 | 2 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 18 | Македонски Брод | 18 | 5 | 5 | 0 | 3 | 2 | 9 | 2 | 0 | 0 | 1 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 19 | Неготино | 22 | 6 | 10 | 3 | 6 | 1 | 5 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 1 | 0 | 0 |
| 20 | Охрид | 43 | 14 | 26 | 10 | 3 | 1 | 11 | 2 | 0 | 0 | 3 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 21 | Прилеп | 108 | 36 | 52 | 14 | 31 | 13 | 20 | 5 | 2 | 1 | 3 | 3 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 22 | Пробиштип | 23 | 8 | 10 | 3 | 7 | 2 | 6 | 3 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 23 | Радовиш | 31 | 13 | 18 | 5 | 1 | 0 | 12 | 8 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 24 | Ресен | 12 | 3 | 7 | 2 | 1 | 0 | 4 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 25 | Свети Николе | 27 | 12 | 9 | 6 | 10 | 2 | 7 | 4 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 26 | На град Скопје | 266 | 79 | 149 | 44 | 71 | 18 | 36 | 14 | 1 | 0 | 8 | 3 | 1 | 0 | 0 | 0 |
| 27 | Струга | 17 | 6 | 11 | 5 | 5 | 1 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 28 | Струмица | 25 | 9 | 6 | 2 | 11 | 4 | 8 | 3 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 29 | Тетово | 21 | 3 | 8 | 1 | 5 | 0 | 6 | 1 | 0 | 0 | 2 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 30 | Штип | 69 | 18 | 38 | 11 | 17 | 4 | 13 | 3 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | **Вкупно** | **1328** | **440** | **723** | **231** | **281** | **85** | **279** | **102** | **10** | **5** | **31** | **16** | **4** | **1** | **0** | **0** |

# П Р Е Г Л Е Д

## АГЕНЦИЈА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

## На невработени инвалидни лица

| | Центар за вработување | Вкупно | | Воен инвалид | | Воено-мирновременски инвалид | | Инвалид на трудот | | Пречки во видот | | Пречки во слухот | | Пречки во говорот | | Телесна инвалидност | | Лица со пречки во развојот | | Лица со повеќе видови инвалидност | | Останати категоризирани видови на инвалидност | | Останати некатегоризирани видови на инвалидност | | Пречки во говорот и слухот | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | 12 | 13 | 14 | 15 | 16 | 17 | 18 | 19 | 20 | 21 | 22 | 23 | 24 | 25 | 26 | 27 | 28 |
| 1 | Берово | 40 | 16 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2 | 2 | 6 | 0 | 1 | 1 | 1 | 0 | 9 | 4 | 18 | 8 | 3 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 2 | Битола | 152 | 72 | 0 | 0 | 1 | 1 | 31 | 19 | 5 | 2 | 13 | 7 | 0 | 0 | 44 | 21 | 45 | 15 | 13 | 7 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 3 | Валандово | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 4 | Велес | 67 | 25 | 0 | 0 | 1 | 0 | 4 | 1 | 4 | 2 | 2 | 1 | 0 | 0 | 13 | 5 | 35 | 12 | 1 | 0 | 1 | 0 | 6 | 4 | 0 | 0 |
| 5 | Виница | 17 | 6 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2 | 1 | 1 | 0 | 0 | 0 | 5 | 2 | 8 | 3 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 6 | Гевгелија | 9 | 2 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 1 | 1 | 0 | 0 | 0 | 3 | 0 | 4 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 7 | Гостивар | 39 | 10 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 5 | 3 | 1 | 0 | 17 | 3 | 7 | 2 | 2 | 0 | 2 | 1 | 4 | 1 | 0 | 0 |
| 8 | Дебар | 11 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 8 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 |
| 9 | Делчево | 39 | 7 | 3 | 0 | 0 | 0 | 3 | 2 | 5 | 3 | 2 | 0 | 0 | 0 | 6 | 1 | 16 | 1 | 2 | 0 | 2 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 10 | Демир Хисар | 13 | 3 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 6 | 2 | 4 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 1 | 0 | 0 |
| 11 | Кавадарци | 20 | 6 | 2 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 4 | 1 | 8 | 3 | 2 | 0 | 0 | 0 | 1 | 1 | 3 | 1 |
| 12 | Кичево | 17 | 8 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 1 | 4 | 2 | 1 | 0 | 2 | 1 | 5 | 2 | 1 | 0 | 1 | 1 | 0 | 0 | 2 | 1 | 0 | 0 |
| 13 | Кочани | 40 | 14 | 1 | 0 | 1 | 1 | 1 | 0 | 3 | 1 | 2 | 1 | 0 | 0 | 13 | 4 | 12 | 3 | 0 | 0 | 3 | 2 | 3 | 2 | 1 | 0 |
| 14 | Кратово | 11 | 4 | 1 | 1 | 0 | 0 | 2 | 0 | 3 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2 | 0 | 2 | 1 | 0 | 0 | 1 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 15 | Крива Паланка | 21 | 6 | 0 | 0 | 0 | 0 | 6 | 2 | 0 | 0 | 1 | 0 | 1 | 0 | 3 | 2 | 4 | 1 | 5 | 1 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 |
| 16 | Крушево | 3 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 17 | Куманово | 146 | 47 | 1 | 0 | 0 | 0 | 12 | 8 | 15 | 5 | 4 | 2 | 3 | 0 | 35 | 9 | 59 | 15 | 12 | 6 | 3 | 1 | 2 | 1 | 0 | 0 |
| 18 | Македонски Брод | 18 | 5 | 1 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 9 | 4 | 3 | 1 | 1 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 19 | Неготино | 22 | 6 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 1 | 2 | 0 | 4 | 1 | 0 | 0 | 7 | 3 | 8 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 20 | Охрид | 43 | 14 | 1 | 1 | 0 | 0 | 1 | 0 | 1 | 1 | 5 | 2 | 1 | 0 | 8 | 1 | 20 | 8 | 3 | 1 | 1 | 0 | 1 | 0 | 1 | 0 |
| 21 | Прилеп | 108 | 36 | 0 | 0 | 0 | 0 | 9 | 3 | 3 | 1 | 15 | 7 | 2 | 0 | 23 | 7 | 47 | 15 | 5 | 2 | 0 | 0 | 3 | 1 | 1 | 0 |
| 22 | Пробиштип | 23 | 8 | 0 | 0 | 0 | 0 | 4 | 1 | 1 | 0 | 1 | 1 | 1 | 0 | 7 | 3 | 5 | 2 | 2 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 1 | 1 |
| 23 | Радовиш | 31 | 13 | 0 | 0 | 0 | 0 | 6 | 6 | 1 | 0 | 2 | 1 | 1 | 0 | 6 | 1 | 9 | 2 | 3 | 2 | 0 | 0 | 3 | 1 | 0 | 0 |
| 24 | Ресен | 12 | 3 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 1 | 0 | 0 | 3 | 0 | 7 | 2 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 25 | Свети Николе | 27 | 12 | 1 | 1 | 0 | 0 | 1 | 1 | 1 | 1 | 3 | 1 | 0 | 0 | 6 | 4 | 13 | 4 | 0 | 0 | 1 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 |
| 26 | на град Скопје | 266 | 79 | 1 | 1 | 0 | 0 | 20 | 8 | 14 | 3 | 21 | 5 | 1 | 1 | 44 | 15 | 141 | 38 | 19 | 7 | 2 | 0 | 3 | 1 | 0 | 0 |
| 27 | Струга | 17 | 6 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 3 | 1 | 0 | 0 | 6 | 2 | 4 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 4 | 2 | 0 | 0 |
| 28 | Струмица | 25 | 9 | 0 | 0 | 1 | 1 | 3 | 0 | 3 | 2 | 2 | 0 | 1 | 0 | 9 | 3 | 3 | 1 | 2 | 1 | 0 | 0 | 1 | 1 | 0 | 0 |
| 29 | Тетово | 21 | 3 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2 | 1 | 1 | 0 | 2 | 0 | 0 | 0 | 10 | 1 | 3 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 2 | 1 | 0 | 0 |
| 30 | Штип | 69 | 18 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2 | 0 | 7 | 2 | 1 | 1 | 2 | 1 | 18 | 3 | 35 | 11 | 3 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 |
| **Вкупно** | | **1328** | **440** | **12** | **4** | **4** | **3** | **114** | **56** | **85** | **28** | **94** | **36** | **19** | **3** | **329** | **104** | **524** | **152** | **82** | **29** | **18** | **5** | **39** | **18** | **8** | **2** |

според вид на инвалидноста со состојба 31.12.2018 година

# Позитивни примери за спроведување на политики за вработување на маргинализирани лица од австрискиот интегративен систем на претпријатија

## Дејности: вработување, образование, квалификација, консалтинг

## Клучна цел: општествена одговорност

## Австриската политика за лица со попреченост и состојбата во покраините

Австрија е федерална држава со девет покраини, имено: Виена, Долна Австрија, Тирол и др. кои имаат обврска за социјална интеграција на лицата со попречености, па затоа секоја покраина има сопствен покраински закон за лица со попреченост, што резултира во *девет* различни закони.

Централната власт, Република Австрија, е обврзана на професионална интеграција на повластени лица со попреченост.

## Мерки на покраините

- Домување: Заедници за колективно домување и самостојни станови – со целосна или делумна поддршка
- Дневни центри: во работилници или креативни работилници без плаќање
- Стручна квалификација, професионална интеграција и инт. на работно место, а во Виена и стручно образование на чираци во фирми
- Мобилност
- Лична асистенција во слободното време
- Рана поддршка на деца со попречености
- Услуги на толкувач и помошни средства
- Целна група: лица со интелектуална и комбинирана попреченост

## Задачи на централната власт

Основа:

Сојузен закон за лица со попречености

Закон за вработување на лицата со попреченост, Закон за рамноправен третман на лицата со попреченост.

Цел: професионална интеграција на лицата со попреченост од степен над 50%, кои имаат минимум 50% работоспособен учинок.

## Мерки на сојузот

- Наоди и категоризација
- Наплата на таксата за порамнување
- Поддршка за плата (Агенција за вработување/Сервис на Мин. за социјала)

• Финансирање на безбариерност

• Лична асистенција на работно место

• НЕБА - проекти (консалтинг услуги)

• Проекти за квалификација

Интегративни претпријатија

Носители на централно ниво: Министерство за социјала, Агенцијата за вработување (АМС) и Сервис на Мин. за социјала (СМС)

## 8. Интегративни претпријатија во Австрија

• Нова маркетинг стратегија за

**користење на ефектите од синергија**

• Нова веб страница:

**www.integrative-betriebe.at**

• Нов каталог со производи (вкл. функција за пребарување)

Член 11, **Закон за вработување на лица со попреченост**

• Член 11, **Виенски Закон за рамноправни шанси, т.е.** важечките закони во другите покраини

• 10% ДДВ: (наместо 20%)

• Нема данок на добивка

• „Интегративни претпријатија Австрија" има место во

**„Советот за фондот на таксата за порамнување" (АТФ)**

1980: Основање на интегративните претпријатија

Австрија (ИБО) како претпријатија од општа корист

• Во 8 ИБО се вработени вкупно 1700

**возрасни лица со попречености**

• Минимум 60% од вработените мора да се

со попреченост (во моментов околу 74%)

• Обртот на сите ИБО: 100 милиони евра (2017)

• Паричен додаток од јавен буџет: околу 29.000 евра за секое работно место за полно работно време, годишно

Wien Work е ДОО за општа корист

• Вработување, образование, консалтинг и квалификација

• За лица со попречености во рамките на помошта за нив (согласно Виен-скиот закон за рамноправни шанси и Законот за вработување на лица со попреченост)

• За долгорочно невработени лица без попреченост

• Основани во 1981 како „Заштитна работилница"

СОПСТВЕНИЦИ – со по 50%:

• Народна помош, т.е. Volkshilfe Wien gemeinnützige Betriebs-GmbH

- Сојуз на воени жртви и инвалиди за: Виена, Долна Австрија и Бургенланд
- ФИНАНСИСКИ ДОНАТОРИ:
- Сервис на мин. за социјала/Мин. за социјала
- Fonds Soziales Wien
- Агенција за вработување – Виена (АМС)
- Европски социјален фонд (ЕСФ)



**Модул „ИБ - вработување“**

- Вработени со попречености на 170
  Перманентни работни места со полно работно време во 8 дејности
  (67% квота на лица со попреченост)

- **Финансирање:**
  - АТФ (Фонд на такса за порамнување) преку паушална стапка
  - ФСВ – Фонд Социјална Виена (Град Виена) Преку Додаток на трошоци за плата

- **Сопствени приходи**
  2017: € 9 милиони
  = околу 62%

**Реинтегрирање на долгорочно невработените лица**

- Вработување во социјално-економско претпријатие (СЕП), од нив многу на возраст од 50+
- Транзитни работни места за 6 месеци
- „Michl's catering", "Michl's restaurant" 3 кафулиња „Michl's cafés" во станбените единици за нега, Кантина во судот за труд и социјални работи, „Michl's bringt's" (достава со електрични велосипеди)
- • ~ 63 транзитни работни места
- • Квота на лица со посредство во вработувањето: ~ 20%
- • Финансирање: Агенција за вработување
- • ~ 35 % сопствени приходи

**Дејности**

- Дигитални медиуми
- Одржување на згради и објекти
- Угостителство и кетеринг
- Дрвопреработувачка дејност
- Металопреработувачка дејност
- Тапацирање и шиење
- Чистење и пеглање на текстил
- Реновирање (варосување, ѕидање, лепење плочки, поправки)

**Пансекторско образование на чираци**

- Продолжено образование на чираци и делумна квалификација за младинци со пречки во учењето
- Пансекторско образование согласно член 8ц од Законот за стручно образование
- Финансирање:

- ФСВ (Градот Виена/дневни стапки)
- Покраинска влада Долна Австрија
- АМС Виена (додаток за образование)

**Занимања**

- Молер и техничар за нанесување слоеви
- Ѕидар
- Плочкар и поставувач на плочи
- Чистач на текстил
- Тишлер
- Готвач
- Градинар
- Комерцијалист во малопродажба
- Се планира: слаткар

**Образование што е блиско до практиката и е „заемно поврзано“**

- Стручното образование на младите се врши во соодветната дејност на интегративното претпријатие на Wien Work и директно во фирмите на слободниот пазар на труд.
- Дуално образование: Стручно училиште + практична обука + поддржана настава + поддршка со социјална работа + Outplacement
- Екстерни практики во фирма се фиксен и составен дел на образованието
- Квота на лица со посредство: 50 - 66 %

**Заедно активни: „Повеќе“ за учениците - чираци**

- Педагошки денови за доживување „летна недела“
- Практика во странство во рамките на ERASMUS+
- Повеќе недели
- Со педагошка поддршка
- Со подготовка пред и советување потоа
- Со германски партнери за соработка (на пр.: BBW Südhessen, Koppelsberg)

**„QualiTRAIN“ - Подготовка за професија**

- Од 2004 г.
- Овој модул нуди квалификација, обука и практика за околу 50-60 лица годишно.
- За возрасни баратели на работа со попреченост (50%), времетраење: макс. 6 месеци
- Со последователно посредување за вработување на слободниот пазар на труд
- Обука/Квалификација во:
- Канцелариско работење, дигитални медиуми, одржување на згради, услуги, логистика/магацинско работење

- Квота на лица со посредство: 30 % (~ 17 лица) годишно
- Финансирање: Сервис на Министерството за социјала

**Проект „On the Job"**

- Стручна квалификација за 30 младинци со тешка **интелектуална попреченост**
- Обука во конкретни работни ситуации („on the job")
- 9 Jobcoaches & Трудови педагози
- **9 до 36 месеци** времетраење
- Цели
- Место во образование или обука
- Долгорочна интеграција на пазарот на трудот
- До 100% финансирано преку ФСВ

**Младински коучинг**

- **Коучинг и Советување /**Професионална ориентација
- За сите ученици во последната задолжителна школска година и гимназијалци кои предвремено го напуштиле образованието
- Wien Work работи во две големи општини во Виена Општина 21 и 22 со вкупно 27 коучи (тренери)
- Управување со случаи:
- Цел: да се продолжи школското образование, обуката или работното место
- Се организираат практики за ѕиркање на работно место и чирачко-образовни места
- Финансирано до 100% од СМС

**Работна асистенција**

**Работна асистенција и Тренинг на работно место за возрасни**

- Со телесни попречености и/или хронични заболувања
- Асистенција при барањето работа на слободниот пазар на труд (Виена)
- Тука спаѓаат и загрозените работни места

**Консалтинг за основање фирма**: советување за самовработување (на пр. трафики)

**Централна надлежност:**

- Координација меѓу установите на сојузот и стручни служби за интеграција

**Работна асистенција за младинци**

- Цел: чирачко место или работно место
- Времетраење: една година

**Финансирање**: Сервис на мин. за социјала

**Преселба во „Градот на езеро"**

- 3 **„Shops"** на Wien Work отворени во мај 2015 г.

- Безбариерна **работна хала** – отворена во септември 2015 г.
- Површина на земјиштето: 12.000 $m^2$
- Корисна површина: 6.300 $m^2$
- **Wien Work Централа** и **СБ ресторан** отворени во септември 2017 г.
- Michl's Catering - долгорочно невработени лица
- Образовна кујна - чираци
- Служба за храна - вработени со попреченост

Сега, речиси, целото претпријатие Wien Work се наоѓа на истата локација.

**Жиг за социјален квалитет**

(од 2011) EFQM (Европска фондација за управување со квалитет) признати за одличност

**Екопрофит погон** (од 2001)

**Австриско признание за екологија**

„Угостителство и туризам"

„Печатени производи"

- **Best Practice за** "On the Job" (2017)
- Еколошка награда на градот Виена (2005)
- **Best Practice** со Leonardo (2002)

## Управување со случај - Историјат и развој

Управувањето со случаи се разви од класичните методи на „Social Case Work". Во 1917 г, Мери Ричмонд од САД ја објави книгата „Социјални дијагнози", во која ги скицираше основите на „Social Case Work".

**Основните принципи на Social Case Work** беа:

- Почитување на човечката личност
- Активно и свесно учество на клиентите и себепознавање
- Социјалните работници да се познаваат себеси
- Одговорност на поединецот за општеството

Натамошниот развој се должи на Горден Хамилтон, застапник на „дијагностичката школа", според која индивидуата е во фокус, наместо нејзиното окружување. Дополнителниот развој се должи и на Џеси Тафт, основачката на „функционалната школа" која во работата со случаи (case work) гледа помош насочена на процесот, според нејзиното главно дело „The Dynamics of Therapy in a Controlled Relationship" од 1933 г.

**Дијагностичка школа:**

- Компетенции за решавање проблеми на поединецот со користење на помошта на социјалниот работник како катализатор.
- Дијагноза на проблемот и кризна интервенција.
- Креирање на носечки однос меѓу клиентот и социјалниот работник

**функционална школа**

- Професионална социјална услуга и советување
- Доброволно прифаќање на институционалната понуда
- Социјалниот работник презема одговорност за процесот на помагање и развој на клиентот

По II Светска Војна, концептот „Social Case Work· беше под големо влијание на „Его психологијата", чии основачи се Хајнц Хартман и Ана Фројд.

**Централни точки на „его психологијата" се:**

- зајакнување на егото како помош за прилагодување и првенство работа на „сега и тука"
- беа набљудувани, но не и обработени феномените на траснфер
- поделба на процесот на помош на три делови: **анамнеза, дијагноза и третман**
- односот на заемна помош меѓу клиентите беше носечки столб.

Понатамошни влијанија извршија концептот на „Family Centered Case Work" на Франсис Шерц (1953) и целокупното набљудување на човекот и ситуацијата, според Курт Левин.

Овие пристапи беа еден вид на предвесници на денешните системски теории.

Предизвикани од социјалните, општествените и политичките промени во САД и Западна Европа во 60тите и 70тите години, се случија промени во практиката и во концептите на работата со случаи (case work). Фокусот се стави на нови целни групи и теми како на пример: работа со зависници, социјална работа со деца и семејства, нови сфаќања за третманот на лицата со телесни и ментални попречености. Затоа беа потребни нови концепти и постапки како на пример: работа на улица (street work) и кризна интервенција, но сепак се задржа пристапот на Case Work насочен кон терапија и третман. Сепак, континуираната диференцијација на услугите и мулти-дисциплинароста, што се појави како резултат на тоа во 70тите години во САД и Западна Европа, предизвикаа реориентирање на работата со случаи. Вмрежување на услуги и понуди, учество на заедницата - акциски програми, ориентирање во правец на организациско планирање и сè поголемите трошоци и штедењето во социјалните понуди доведоа до формирање на гранка во работата со случаи, имено *Case Management* или *Управување со случаи*

За да го разбереме понатамошниот развој на Управување со случаи, потрбно е да ја погледнеме структурата на социјалната понуда во САД.Социјалната работа во САД во најголема мера се заснова на многубројните, меѓусебно поврзни, децентрализирани и доброволни носители на дејноста.Има само малку проекти што се директно финансирани од државата.Финансирањето на проектите претежно е директна одговорност на соодветниот носител на дејноста.На овој начин, а и покрај стручната диференцијација и специјализација, настана мрежа на најразлични понуди, која е непрегледна за клиентот. Како реакција на таквата состојба, се појави Управувањето со случаи.Во првобитниот концепт, Управувачот со случај располагаше со сопствен буџет од кој самостојно можеше да плаќа за најразните услуги на помош. На тој начин, имаше можност да има директно влијание врз различните услуги на помош. На тој начин, позицијата на Управувачот со случаи стана релативно моќна.

Притоа, во САД се развија неколку правци и модели на Управувањето со случај:

**1. Модел на генералисти:**

Управувачот со случај го води клиентот низ целиот процес на помош.
Ова е најраспространетиот модел

**2. Терапевтски модел**

Тука се работи во насока на клиентот, а работата се заснова пред сè на носечкиот однос со клиентот и се поврзуваат другу понуди за помош.

**3. Управување со случај во рамки на интердисциплинарна тимска работа**

Тука тимот ја презема функцијата на генералистите, а секој поединечн член на тимот дава специјален вид на помош.

**4. Центар за услуги и сервис со сопствени Управувачи со случаи**
каде непрофесионални помагачи или членови на семејството се јавуваат во својство на Управувачи со случај или добиваат подготовка за оваа улога.

Позицијата на моќ на на Управувачот со случај, која доаѓа од управувањето со буџетот, доведе до промена на улогата на Управувачот со случај. Оваа состојба беше критизирана во стручните дискусии на 90тите и 2000тите, а преку оваа критика се изменија и концептите на Управувачот со случај. Па, фокусот се префрли од управување со буџет на следново:
- работа на носечки однос со клиентот
- поголема сензибилност во поглед на психичките потреби на клиентот
- разбирање на начинот на функционираат системите во кои се среќаваат Управувачот иклиентот
- зајакнување на сопствената одговорност на клиентот при искористување на ресурсите.

Во оваа смисла, Управувањето со случаи нуди шанса за поврзување на пристапот насочен кон индивидуалниот случај со социјалното вмрежување. Овој сеопфатен пристап им дава на засегнатите лица сигурност, дека ќе најдат дифиренцирана помош за различните проблеми и уназадености и тоа **во вистинска форма** и **во вистинско време**!

Целта на ова сфаќање на Управувањето со случаи е да се понуди помош, која што навлегува во вообичаениот приватен живот на клиентот што е можно помалку. Сопствените ресурси на клиентот и мрежата од околината се појдовна точка за помошта.

Притоа, водечки принципи на Управувањето со случаи се сметаа и традиционалните вредности на социјалната работа како самоопределба, достоинство и заемна одговорност. За главната цел на концептот што се состои од надминување на фрагментираноста на услугите за помош, потребна е работа на односот со клиентот и континуирано следење на случајот. Притоа, клиентите треба да добијат поддршка за развивање на сопствените сили (Empowerment) за во иднина подобро да можат да ги користат ресурсите и без туѓа помош. Тоа е сеопфатна услуга за која управувачот со случаи не само што треба да вклучи, да развиеи да координира туѓи услуги, туку и самиот да понуди лична услуга.

Управувањето со случаи е концепт за дејствување со цел да се постигне структирано и координирано поставување на процесите за поддршка и советување во областите на социјални работи, здравството ио сигурувањето. Во систематски и кооперативен процес, луѓето, кои имаат комплексни проблеми, добиваат помоши услуги насочени кон искористување на ресурсите и решавање на проблемот, а се прилагодени на индивидуалните потреби. Стремежот е да се постигнат заедно договорените цели. Управувањето со случаи сака да ги надмине границите на организација и професија и да обезбеди на дорганизациско управување со процесот на поддршка. Затоа се поттикнува формирањето и негувањето мрежи. Управувањето со случаи ја почитува автономијата на клиентите, ги зема предвид условите за заштита на личните податоци, ги користи и ги штеди ресурсите на клиентот и на системот на поддршка. Се поддржува натамошниот развој на понудата за грижа.

**1. Социјална работа со деца, младинци и семејства - младинска помош**
и во директната социјална работа со деца и младинци или семејства,
а воедно и помош во воспитување, при посвојување или нега и во областа на колективно домување.

**2. Социјална работа со возрасни**
Управувачите со случаи работат во областа на поддршка на бездомниците, бегалци, помош за лица пуштени на условно, вон-судскопорамнување на сторено дело, социјални служби и сл.

**3. Социјална работа при професионалната (ре)интеграција**
Проекти за интеграција од областа на пазарот на труд како младински коучинг, работна асистенција за млади, социо-економски претпријатија, Агенција за вработување, советување за образование, и сл.
4. **Социјална работа во здравството и туѓа нега и грижа**
Во болници, ако се користат негуватели, во амбулантите за зависници, во психијатријата.